# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПш ТИНА РАДОВИш

| Службен гласник на опШгина РадовиШ Излегува по потреба | Вторник Декември 2023 година Број 22/2023 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 4023005116486 |
|---|---|---|


Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

## Р Е Ш Е Н И Е
### за прогласување и објавување на Решение за разрешување претставник во Управен одбор на Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш

Го прогласувам и објавувам решението за разрешување претставник во Управен одбор на Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш, бр.08-1798/1

што советот на Општина Радовиш го донесе на седница одржана на 18.12.2023 година.

Број 09-1798/2 Градоначалник
Дата 19.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), член 21 став 1 точка 28 од Статутот на општина Радовиш и член 183 од Закон за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 65/23)

Советот на Општина Радовиш на XL седницата одржана на ден 18.12.2023 година, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
### за разрешување претставник во Управен одбор на Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш

член 1

Од Управен одбор на Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш, се разрешува:

-Ѓорги Ципушев-претставник од основачот на установата- Општина Радовиш поради истекување на мандат.

член 2

Решението влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш”.

Број 08-1798/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 18.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

## Р Е Ш Е Н И Е
### за прогласување и објавување на Решение за именување претставник во Управен одбор на Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш

Го прогласувам и објавувам решението за именување претставник во Управен одбор на Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш, бр.08-1798/3

што советот на Општина Радовиш го донесе на седница одржана на 18.12.2023 година.

Број 09-1798/4 Градоначалник
Дата 19.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), член 21 став 1 точка 28 од Статутот на општина Радовиш и член 183 од Закон за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 65/23)

Советот на Општина Радовиш на XL седницата одржана на ден 18.12.2023 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за именување претставник во Управен одбор на Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш

член 1

За претставник во Управниот одбор на Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш, се именува:

-Спасија Ефнушева-претставник од основачот на установата- Општина Радовиш

член 2

Решението влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш”.

Број 08-1798/3 Совет на Општина Радовиш
Дата 18.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за давање Согласност на Изменување на Годишен план за вработување за 2023 година во СОУ „Коста Сусинов” Радовиш

Ја прогласувам и објавувам одлуката за давање Согласност на Изменување на Годишен план за вработување за 2023 година во СОУ „Коста Сусинов” Радовиш бр.08-1799/2

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 18.12.2023 година.

Број 09-1799/2 Градоначалник
Дата 19.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Радовиш („Службен гласник на Општина Радовиш“ бр.5/02),

Советот на Општина Радовиш на XL седницата одржана на ден 18.12.2023 година, донесе:

ОДЛУКА
за давање Согласност на Изменување на Годишен план за вработување за 2023 година во СОУ „Коста Сусинов” Радовиш

Член 1

Се дава Согласност на Изменување на Годишен план за вработување за 2023 година во СОУ „Коста Сусинов” Радовиш бр.01-1108/1 од 26.09.2023 година, наш бр.17-103/110 од 20.11.2023 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1799/1 Совет на општина Радовиш
Дата 18.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Заклучок за усвојување на Финансов извештај за работата на ЈП „Плаваја” Радовиш за период од 01.07.2023 до 30.09.2023 година

Го прогласувам и објавувам заклучокот за усвојување на Финансов извештај за работата на ЈП „Плаваја” Радовиш за период од 01.07.2023 до 30.09.2023 година, бр.08-1800/1

што советот на Општина Радовиш го донесе на седница одржана на 18.12.2023 година.

Број 09-1800/2 Градоначалник
Дата 19.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XL седницата одржана на ден 18.12.2023 година, донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Финансов извештај за работата на ЈП „Плаваја” Радовиш за период од 01.07.2023 до 30.09.2023 година

I. Се усвојува Финансов Извештај за работата на ЈП „Плаваја” Радовиш за период од 01.07.2023 до 30.09.2023 година број 0102-1146/1 од 10.11.2023 година.

II. Заклучокот влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш”.

Број 08-1800/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 18.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за усвојување на Програма за работата на ОНБ„БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ” РАДОВИШ за 2024 година и Програма за работата на ОНБ„БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ” РАДОВИШ за 2024 година

Ја прогласувам и објавувам одлуката за усвојување на Програма за работата на ОНБ„БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ” РАДОВИШ за 2024 година бр.08-1801/1 и Програма за работата на ОНБ„БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ” РАДОВИШ за 2024 година бр.08-1801/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 18.12.2023 година.

Број 09-1801/3 Градоначалник
Дата 19.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 14 од Закон за библиотекарите („Службен весник на Република Македонија” бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 122/21), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 29 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на XL седница одржана на 18.12.2023 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА**
**ЗА 2024 ГОДИНА**
**НА ОНБ„БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ”**
**РАДОВИШ**
**ЗА 2024 ГОДИНА**

## Вовед

Напредната организациска поставеност на библиотеките денес во глобалниот свет на информации е само еден дел од големата слика на развојот на човековата мисла и потреба од акумулација на достапните знаења. Поаѓајќи од ова, библиотеките повеќе не се пасивен отпечаток на опкружувањето, туку тие се живи и динамични институции, производители на нови услуги и вредности.

Имајќи ја во предвид општествената мисија на библиотеките која се менуваше сообразно со потребите на времето, произлегува дека, освен грижата за чување на културната наследство, библиотеките денес имаат исклучително важна улога во општествениот развој и промовирање на етички и морални вредности. Па затоа, не случајно привлекувањето на публика е една од клучните области на интерес во областа на култура и централна тема во програмот на ЕУ за поддршка на проектите од областа на култура.

**Општинска народна библиотека „Браќа Миладиновци” Радовиш - мултифункционален граѓанско - информативен центар**

Општинската народна библиотека „Браќа Миладиновци” - Радовиш како мултифункционална културна установа

покрај основната функција за промовирање и заштита на постоечкиот книжен фонд има за цел и задоволување на индивидуалните и колективни потреби на граѓаните на Општините Радовиш и Конче во сферата на нивната образовно-културна надградба и активности.

Просторно флексибилна и иновативна во понудените програми, библиотеката е поставена пред предизвикот на организација и складирање на огромен број библиотечната граѓа, на се позахтевни репозиториуми, навики и хобија на населението. Во рамките на своите можности, на заинтересираните корисници им отвора пат до информациски ресурси како основ за стекнување на новите знаења, формирање на сопствено мислење и оспособување за активна партиципација во општеството.

Граѓаните а посебно членовите на библиотеката, своите културни и духовни потреби поврзани со книгата, и во 2024 година ќе ги остваруваат преку користење на најразличните воспоставени услуги и информирање почнувајќи од користење на бројниот и разновиден книжен фонд, следење на промоциите на книги и непосредните средби со автори на книги, традиционалниот продажен саем на книги од повеќе познати издавачки куќи, разните трибини, работилници, предавања, информирање преку користење на електронските извори за комуникација и слично.

Во поглед на услугите и можностите кои библиотеката ги нуди преку постоечката информатичка технологија како што се можностите за користење на: интернет, печатење, скенирање, копирање и слично, се зголемуваат можностите на корисниците за доаѓање до најразлични информации, а посебно преку можностите за електронско поврзување низ светот, пристапот до фондовите на Европската библиотека, изнаоѓање на потребната литература преку КОБИС системот за обработка на библиотечниот фонд, обезбедување на потребната литература, користењето на читалната, можностите за подолг престој во библиотеката и слично.

## МИСИЈА, ВИЗИЈА, ВРЕДНОСТИ

### Мисија

Основната мисија на библиотеката како и досега, и во 2024 година ќе биде спој на традиционалното и модерно библиотечно работење со што на своите членови, посетителите и редовните клиенти ќе и овозможи поврзување со светот на информации преку креативни програми кои вклучуваат пристап до современо конципиран библиотечен материјал, решавање на информативно-комуникациски проблеми, давање поддршка на процесите на учење како поттик за подобрување на животот и развој на потенцијалите на поединецот и општеството.

### Визија

Мултимедијална библиотека: модерен информативен и едукативен центар, место на знаење, социјална чувствителност, меѓу генерациска солидарност.

Вредности (Што ни е важно?)

Стручно оспособен, креативен и мотивиран библиотечен кадар кој генерира позитивен и пријателски пристап кон корисникот.

Кориснички ориентирани програми за сите возрасти со вградување на вредности на билингвизам и мултилингвизам, и градење на релаксирани меѓуетнички односи во заедницата.

Опремување на Библиотеката со техничко информациски ресурси кои целосно ги задоволуваат потребите на заедницата.
Воспоставување на квалитетен физички и виртуелен пристап кон библиотечните фондови без оглед на различни категории на нејзините членови.
ОНБ „Браќа Миладиновци" Радовиш, во своето работење ги почитува прнципите и документите на УНЕСКО и ИФЛА, особено Манифестот за јавни библиотеки, според кој, библиотеката е општо познат културен центар на Радовиш, привлечно место за работа, игра и дружење, место за поддржување на образованието на корисниците од сите возрасти, овозможувајќи им на корисниците информација за фондот во матичната но и во другите библиотеки преку електронскиот каталог, поттикнува користење на мрежни извори и услуги, особено обликување и одржување на веб-страната на библиотеката.

**ПРОГРАМСКО РАЗВОЈНИ АКТИВНОСТИ**

1. **Просторно прашање**

Во досегашното повеќедецениско работење на библиотеката, истата од страна на посетителите и соработниците беше препознаена како отворен јавен простор за следење на различни видови културни настани и случувања, што е потврдено и со фактот дека во библиотеката редовно се одржуваат бројни културни и едукативни програми за сите возрасни и образовно-социјални групи на граѓани.

Но, преку овие различни активности, секојдневно се согледува и наметнува проблемот на немање на доволен простор за нормална реализација на целокупните планирани програмски содржини а посебно за соодветно сместување на постоечкиот книжен фонд. Во рамките на ова, секако се наметнува и потребата од соодветен и доволен простор за посебна сала за промоции за такви програми, потоа посебен простор за издвоено и самостојно работење на детскиот оддел и секако доволен и соодветен простор за сместување на целокупниот книжен фонд од кој голем дел се наоѓа во поранешните простории на Радио Радовиш (горниот кат над библиотеката) со што на одреден начин овој книжен фонд заради секојдневна недостапност останува вон употреба.
А заради овој просторен проблем веќе неколку години од надлежните општински сдтруктури се бара и заговара рекострукција на зградата каде што е сместена библиотеката. Во рамките на овие напори, во периодот 2021 – 2023 година се пристапи кон подготовка на проектна документација за изработка на градежно техничка документација за реконструкција на постоечкиот објект, односно на спратот над библиотеката кој веќе е заокружен и спремен за реализација. Целта на овој документ е препознавање на библиотечните просторни и функционалните потреби на граѓаните од Општина Радовиш во новите општествени прилики во наредните 2-3 децении.

2. **Набавка на книжен фонд**

Збогатувањето на книжниот фонд во библиотеката и во 2024 година останува приоритет во остварување на основната функција на библиотеката. При изготувањето на планот за набавка на книги се води сметка за моменталната состојба на книжниот фонд, како и предвидените стандарди за јавните библиотеки во Македонија. Имајќи во предвид дека профилот на корисниците ги детерминира идните планови за набавка на библиотечна граѓа, за квалитетно функционирање на

сегментите поврзани со набавка се планира:

- соодветна анализа на постојниот библиотечен фонд, преку соодветни анкетни прашалници за потребите на корисниците во однос на бараната библиотечна граѓа,
- набавка на нематеријална граѓа (дробен печат, мултимедијални ЦД, филмови, ДВД, музикалии итн.),
- набавка на списанија од земја и странство,
- континуирана евалуација и следење на библиотечниот фонд,
- набавка на книжен фонд на повеќе јазици во зависност од интересот на корисниците.

За реализација на наведеното, и во 2024 година се планира да се обезбедат потребните наменски средства во вредност од околу 200.000 денари и тоа преку Министерството за култура, основачот на библиотеката – Општина Радовиш и со дел од сопствени извори.

### 3. Автоматизација на библиотечните процеси

Стручната обработка на книжниот фонд во библиотеката со примена на меѓународните стандарди пропишани за оваа намена веќе е поставена на високо ниво соодветно на современите светски текови во библиотекарството. Библиотеката во процесот на автоматизација на библиотечните процеси се приклучи во 2006 година и учествува во взаемна база на податоци попозната како COBISS.MK. Платформата COBISS овозможи online достапност на библиотечната граѓа која во библиотеката се обработува во одделот за каталогизација.

Со стартот на 2024 година, во библиотеката се активираат сегментите на системот COBISS 3 - зајмување кој има особено значење за корисниците на библиотеката и новиот сегмент COBISS 3- Набавка, со што ќе се комплетира процесот на автоматско електронско издавање и повраток на книжниот фонд во библиотеката.

Со ова, се очекува пред се, целосна електронска евиденција на влез и излез на издадениот книжен фонд и зголемување на бројката на автоматско обработени библиотечни едници со што на самиот старт на годината ќе се воспостави постапката за електронско издавање на обработениот книжен фонд во библиотеката, а ќе се овозможи и поедноставна и побрза пристапност на корисниците до потребната литература. Во рамките на ова, во почетокот на 2024 година ќе се заокружи отпочнатиот процес на ревизија на библиотечниот фонд во библиотеката кој кај детскиот фонд беше реализиран 2018-2019 гоидна а за останатиот фонд ревизијата започна кон крајот на претходната 2022 а ќе заврши во првите месеци од 2024 година.

Со оглед дека автоматизација е во постојан подем со развојот на технологијата, во идниот период планираме:

- постојана надоградба и следење за набавка на нов хардвер и софтвер како дел од нови решенија во библиотечното работење,
- замена на стара техничка опрема,
- обуки за вработените како дел од стручно професионално усовршување,
- стимулирање за користење на отворени бази на податоци,
- постепена дигитализација на библиотечниот материјал,
- обезбедување на финансиска поддршка на обуки, семинари итн.

Потребните финасиски средства за ваквите активности делумно ќе бидат покриени од сопствени средства а дел од донации во соработка со

Градоначалникот и Советот на Општина Радовиш.

**Во сегментот на ИКТ опрема се планира набавка на:**

- Информатичка опрема (е-читач, лаптоп, два л,асерски принтери, 3 Д принтер, Печатач Зебра, Печатар со опција за мрежно поврзување, и друга опрема.

### 7. Популаризација на книгата

За да ја задржи актуелноста на своите програми и активности библиотеката мора внимателно да ги следи барањата на своите корисници, програми во другите средини кои се слични по своите можности, како и најновите трендови во библиотечното работење. Библиотеката во рамките на своите просторни, финансиски и кадровски можности во 2024 година планира да ги унапреди програмите на информативен, интерактивен, креативен и мултимедијален и промотивен план.

Со веќе воспоставената соработка со Образовниот центар „Едуко ” и ЈОУГД „Ацо Караманов” и општинските училишта, и во 2024 година се планира спроведување на културни, образовни и анимациски програми и проекти за деца и млади поврзани со промоција и популаризација на книги, читање и писменост на традиционални и нови медиуми. Специфичноста во ова е тоа што овие програми нема да се случуваат само во зградата на библиотеката, туку и на отворен простор низ градот.

Библиотеката ќе ја користи предноста на нејзината локација - центарот на градот, а за некои активности ќе се користи и главниот градски плоштад, каде што е највисока зачестеноста на граѓаните. Големо внимание ќе биде посветено на квалитетот на овие програми и соработката со бројни институции и здруженија на граѓани во градот. Програмите ќе бидат класифицирани по возраста, како и по групата каде припаѓаат и тоа:

### 4.1. Програми за деца и тин (teen) генерации

Оваа програма за деца и тин (teen) генерации поддржува рано учење, семејно учење и доживотно учење. Во таа насока ќе се спроведат следните активности:

- Унапредување на работата на новоформиранта шаховска секција за деца при библиотеката,
- Промотивни програми за читање за најраната возраст (бебешки програми) и работа со родители,
- Бесплатно зачленување и популаризација на сликовници за најраната возраст,
- Едукативни работилници и предавања (Фестивал на сликовници),
- Фамилијарни програми („Да читаме заедно“),
- Одбележување на Светскиот ден на книгата на детето (Ноќ со Андрсен),
- Воведување на иновативни библиотечни програми и сервиси креирани од самите деца,
- Организација на креативни и едукативни работилници (изработка на мартинки),
- Воведување на т.н. гејмификација во библиотеки (учење по пат на игра),
- Изработка на едукативни содржини поставени како апликации на мобилен телефон,

- Музички манифестации поврзани со литература (средби со писатели, промоција на книги и др. ),
- Програми со волонтери и студенти,
- Програми за цртање,
- Клуб на читатели,
- Организација на активности надвор од библиотека (т.н. концепт на библиотека без ѕидови.).

### 4.2. Програми за различни категории на возрасни читатели

Новитет и приоритет на библиотеката во оваа категорија за 2024 година е спроведување на проектот за емитување на подкаст емисии преку интернет стрим во живо во социјалнит мрежи и интернет платформи кои емисии пред се ќе бидат од информативен и едукативен карактер. Со овие подкаст емисии, во секое време може да се најде содржини од едукација, наука, религија, справување со анксиозност и стрес, водење и одржување на бизнис до обични приказни, рандом разговори и слично).

Покрај ова, самостојно но и со веќе воспоставена соработка со неколку републички установи и здруженија (НУБ „Св. Климент Охридски" – Скопје, Библиотекарското здружение на Македнија, Здружението за развој и иновации на библиотеки „Инова Либ" - Радовиш, како и неколку општински невладини организации, (Креативниот центар „НЕКСУС", Образовниот центар „Едуко", Асоцијацијата за унапредување на статусот на жените „Женска акција...) планирано е и:

- воведување на дебатни и клубови на читатели,
- снимање и емитување на Поткаст емисии,
- мултимедијални промоции на најчитани автори,
- едукативни работилници и предавања поврзани со информациска писменост на возрасни,
- воведување на нови содржини поврзани со концептот за „хортикултурни е-библиотеки",
- Кариерно образование - работилници поврзани со определени вештини (пишување на CV, уредување, цртање, ракотворби, итн.),
- програми кои популаризираат интерактивен однос на корисникот и библиотекарот.

### 4.3. Програми за трето доба

Категоријата на лица кои не се работно активни генерира специфични постапки во реализација на библиотечните активности, така што освен комуникациски вештини и обученост за работа со овие лица, потребни се и специфични активности:

- Промоции и едукативни предавања за здравје и темите поврзани со сениорска популација,
- Обуки и тренинзи за информациска писменост,
- Курсеви за користење на MS Office пакетии Internet.
- Читање на дневен печат во библиотеката,

Предвидените програми ќе бидат реализирани со едукатори, библиотекари, издавачи, писатели и волонтери.

Финансиски извори: Министерство за култура, библиотеката, општина Радовиш, бизнис сектор, НВО...

### 4.4. Културно - анимациска програма

Посебна важност во редовната работа на библиотеката претставуваат културно-анимациските активности кои библиотеката ги обезбедува преку промоција на книгата и пишаниот збор во текот на целата година и со посебен акцент на манифестацијата Месец на книгата кога на ниво на цела Македонија јавните библиотеки во периодот од 15 Октомври до 15 Ноември преку разни програми се вклучуваат во одбележувањето на месецот на книгата. Библиотеката традиционално го организира Саемот на книга со учество на реномирани издавачки куќи во Р. Македонија.

Значаен настан на овој план секако ќе биде и традиционалното поетско читање и трибина во рамките на манифестација „Карамaнови поетски средби" кој се организира во соработка со Центарот за култура „Ацо Караманов" – Радовиш, а под покровителство на Општина Радовиш.

Конкретно пак, популаризацијата на книгата во 2024 година се планира да се реализира преку следниве форми:

- Редовна набавка на атрактивни наслови од белетристика, набавка на лектирни изданија и сликовници со нивна промоција пред соодветната читателска публика,
- Самостојно но и во соработка со друштвото на писатели во Македонија, промоции на книги и преставување на автори,
- Литературни поетски читања,
- Трибини,
- Изложби,
- Посети на библиотеката од ученици и деца од предшколска возраст и слично.

Како и во претходните години, планираме да одбележиме значајни датуми меѓу кои:

- 21 Февруари - Меѓународен ден на мајчин јазик,
- 1 Март – Баба Марта,
- 8 Март – Меѓународен ден на правата на жените,
- 20 Март - Светски ден на поезијата,
- 2 Април - Меѓународен ден за литература за деца,
- 23 Април - Светски ден на книгата и авторските права,
- 9 Мај - Ден на Европа,
- 26 Септември - Европски ден на јазиците,
- 1-5 Октомври - Светска недела на детето,
- 5 Октомври – Светски ден на наставниците,
- 15 Октомври – 15 Ноември, месец на книгата,
- 26 Ноември – Основање на ОНБ „Браќа Миладиновци" – Радовиш.

## 5. Роднокрајно творештво

Афирмацијата и популаризацијата на роднокрајното творештво, како и досега, заради немањето на посебно вработени лица во овој оддел, и во 2024 година оваа активност во рамките на

можностите ќе биде спроведена од страна на моментално вработените лица во библиотеката.

Во рамките на ова, се планира да се продолжи со прибирање и чување на пишаните документи кои ќе и бидат понудени на библиотеката. Тука, пред се, спаѓа прибирањето на научни трудови од научни работници по потекло од радовишко, но и прифаќање и чување на раритетни научни трудови од македонско и странско потекло што на библитеката би ги донирале лица кои сметаат дека ОНБ „Браќа Миладиновци" – Радовиш е местото каде истите ќе најдат катче за нивно трајно зачувување за што ќе може да се отпочне и со дигитализација на ваквиот книжен фонд. За овој зафат, како и досега, со јавен повик ќе се побара помош од сите граѓани на општините Радовиш и Конче да дадат свој допринос во прибирањето на секаков книжен и фотографски материјал.

## 6.Работа со корисници

Во однос на зголемување на бројот на корисници се предлага:

- Организирање на колективно запишување, како и други активности што треба да ги организираат вработените во одделенијата за позајмување и услуга за возрасни и деца. Во таа насока се планираат следните активности:
    - *Бесплатно запишување за децата од предшколска возрас, лицата со посебни потреби и социјално загрозена категорија на граѓани,*
    - *На Меѓународниот ден на книгата, 23 април 2024 година, се планира намалена цена на членарината со програма за одбележување на овој значаен ден;*
    - *На заинтересирани корисници (пензионери) ќе им биде обезбедена основна обука и запознавање со работата на компјутер и WORD;*
    - *Со бесплатна зачленување и книга, ќе ги наградиме нашите најверни и најистакнати членови на Библиотеката, како и сите истакнати учесници на нашите програми;*

- Следење на трендот (во согласност со нашите можности) обезбедувајќи разновидна и современа содржина за да се привлечат што повеќе тинејџери.

- Зголемување на бројот на наслови при што ќе се води сметка за задоволување на категоријата тинејџери.

- За да се презентира фондот до корисниците и да циркулира што поголем дел од фондот, веќе е опремен еден агол во кој се изложуваат најновите наслови и кои се ажурираат секојдневно, а презентирањето на новитетите од книжниот фонд се врши и преку социјалните мрежи.

## 7. Едукација на библиотечен кадар и вработувања

Бројот, составот и нивото на стручна наобразба на постоечкиот кадар во библиотеката и во 2024 година ќе претставува потреба за негово

понатамошно усовршување, едукација и негово зголемување. Од вкупно вработените, мометнално петмина, еден од нив е библиотекар советник, кој заедно со еден библиотекар – (В. Д. Директор), се со сертификати за работа во системот Кобис), двајца библиотекари кои се во фаза на обучување и еден библиотекарски помошник. Дел од нив, и во оваа 2024 година се планира да учествуваат на доусовршување преку професионални обуки и семинари, особено во врска со потребните осум потребни обуки преку кои ќе се достигне нивото за можност за работење во системот Кобис. Исто така, секоја година оваа база на податоци се ажурира така што е неопходно постојана професионална обука за доусовршување и подобрување на вештините и капацитетите на вработените.

За едукација на високообразованиот кадар во библиотеката, пред се, се планира спроведување на редовно понудените обуки од страна на НУБ „Свети Климент Охридски" од Скопје кои се во насока на обучување на вработените за стручно библиотечно работење како и обуки за работа според програмата КОБИС, а за овие обуки во текот на 2024 година се планира да бидат потрошени средства во вредност од 80 илјади денари.

Кога станува збор за помош од библиотеката за обука на библиотечен училишен кадар, и во 2024 година библиотеката стои на располање за овозможување на стручна помош на библиотекарите во училишните библиотеки во општините Радовиш и Конче.

Покрај едукацијата на постоечкиот библиотечен кадар, во 2024 година доколку се добие потребната согласност од Министерствата за култура и за финансии, планирани се и три нови вработувања и тоа едно во Секторот за библиотечна дејност на работно место библиотекар, едно во Одделот за Административна служба на работно место Советник за административни, општи и правни работи - Правник, и едно работно место Хигиеничар во Оделот за помошно-технички лица.

**8. Проектни активности**

- Спроведување на содржините од Поткаст проектот,
- Спроведување на проектот летна читална,
- Унапредување на работата на шахвската секција.

**9. Одржување и градежно-технички зафати во библиотеката**

Врз основа на укажаните потреби со тековното работење како и видливите технички недостатоци во библиотеката, на планот на градежно-техничките зафати, и за 2024 година планирани се одредени активности.

Како и во претходните неколку години, во соработка со ЕЛС на Општина Радовиш, пред се, приоритет ќе биде обезбедувањето на можности и услови за просторно проширување на библиотеката од причина што со постоечкиот простор библиотеката веќе не може нормално да функционира.

Тука ги планираме следните активности:

- Рекострукцина и преадаптација на горниот кат над библиотеката за потребите на истата,
- Изградба на летна читална на просторот од претходно постоечките гаражи до библиотеката и дворната површина пред нив оплеменета со зеленило и клупи за читање и промовирање на книги на отворено во кругот на библиотеката,
- Промена на дел од синтелонот во библиотеката,

- Преуредување на подната површина во канцеларијата на директорот.
- Нови рафтови за книги.

За овие активности за одржување и градежно-технички зафати пред се во внатрешноста на библиотеката и гаражите, потребните средства ќе бидат тековно определувани, а ќе се обезбедат од сопствените жиро сметки (самофинасирачка, дотации и донации).

За реконструкција и преадаптација на библиотеката почетните проектни активности се отпочнати и од Локалната самоуправа на општина Радовиш за 2024 година ќе се бара конкретно отпочнување со градежните работи. Потребните средства за градежно техничките зафати се планира да се обезбедат од Министерство за култура, донаторски средства, општина Радовиш, и средства од сопствени од извори.

**10.** Програмата влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1801/2 Совет на Општина Радовиш
Дата 18.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 14 од Закон за библиотекарите („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 29 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на XL седница одржана на 18.12.2023 година, донесе

О Д Л У К А
за усвојување на Програма за работата на ОНБ„БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ" РАДОВИШ за 2024 година

I. Се усвојува Програма за работата на ОНБ„БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ" РАДОВИШ за 2024 година

II. Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1801/1 Совет на општина Радовиш
Дата 18.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за измена и допуна на Тарифник за користење на просторот и пропратните простории во склоп на Спортската сала СРЦ „25 Мај "во Радовиш, начин и постапка за нивно користење и издавање под закуп
бр. 08-619/1 од 29.03.2022 г.

Ја прогласувам и објавувам одлуката за измена и допуна на Тарифник за користење на просторот и пропратните простории во склоп на Спортската сала СРЦ „25 Мај “во Радовиш, начин и постапка за нивно користење и издавање под закуп бр. 08-619/1 од 29.03.2022 г., бр.08-1802/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 18.12.2023 година.

Број 09-1802/2 Градоначалник
Дата 19.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 и став 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XL седницата одржана на ден 18.12.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за измена и допуна на Тарифник за користење на просторот и пропратните простории во склоп на Спортската сала СРЦ „25 Мај “во Радовиш, начин и постапка за нивно користење и издавање под закуп.бр. 08-619/1 од 29.03.2022 г.**

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и допуна на Тарифник за користење на просторот и пропратните простории во склоп на Спортската сала СРЦ „25 Мај “ во Радовиш, начин и постапка за нивно користење и издавање под закуп.бр. 08-619/1 од 29.03.2022 год.

Член 2

Се врши измена и допуна на член 7, став 1, после точка 5 се додава точка 6 која гласи:
- влез 5, кат 1, просторија со ред.бр.4, со внатрешна површина од 25.93м$^2$ – наменета за потреби на невладини организации, едукативни и хуманитарни здруженија, образовни здруженија и сл. – се утврдува месечна цена од 1.621 ден.

Член 3

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1802/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 18.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за усвојување на Програма за работата на ЈПССО Радовиш 2014 за 2024 година и Програма за работата на ЈПССО Радовиш 2014 за 2024 година

Ја прогласувам и објавувам одлуката за усвојување на Програма за работата на ЈПССО Радовиш 2014 за 2024 година бр.08-1803/1 и Програма за работата на ЈПССО Радовиш 2014 за 2024 година бр.08-1803/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 18.12.2023 година.

Број 09-1803/3 Градоначалник
Дата 19.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на РМ 5/02), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Радовиш

Советот на општина Радовиш на XL седница одржана на 18.12.2023 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈПССО РАДОВИШ 2014-РАДОВИШ ЗА 2024 ГОДИНА

I.ВОВЕД

Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти ЈППСО "Радовиш-2014" Радовиш има својство на правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со Закон, Статут на ЈП и другите општи акти. Во правниот промет со трети лица настапува по свое име и за своја сметка, со неограничени овластувања, и за своите обврски одговара со целиот имот и средства,со целосна одговорност. ЈППСО "Радовиш-2014" Радовиш е основано со одлука бр. 07-256/1 од 31.01.2014 година, усвоена од Советот на Општина Радовиш , со генерална цел остварување на дејности од јавен интерес. ЈППСО "Радовиш-2014" Радовиш се финансира од Општина Радовиш, од приходите што ги остварува преку сервисирање на услуги за спортските клубови и екипи, групи граѓани и други заинтересирани субјекти од областа на спортот, културата, физичката култура и издавање под закуп на деловен простор кој не е наменет за спорт и физичка култура,и стопанисување со јавното осветлување во Општина Радовиш. ЈППСО "Радовиш-2014" Радовиш, стопанисува со: -Спортски рекреативен центар "25 Мај" -Градски стадион -Двоен тениски терен -Јавното осветлување во Општина Радовиш Управувањето на ЈПССО е засновано на законската регулатива и Статутот на ЈПССО. Претпријатието е застапувано и претставувано од Директор а е управувано од Управен одбор составен од 5 члена, именувани од Советот на Општина Радовиш, додека контролата врз материјално — финансиското работење е од страна на Надзорен одбор составен од 5 члена, именувани од Советот на Општина Радовиш. Годишната програма за работа иа ЈППСО "Радовиш-2014" Радовиш се темели пред се на условите и можностите кои ги нудат спортските објекти со кои стопанисува ЈППСО "Радовиш-2014" Радовиш, а во кои ќе се одвиваат планираните програмски активности во текот на 2024 година.

II. МИСИЈА И ВИЗИЈА •

МИСИЈА Основната мисија иа ЈППСО "Радовиш-2014" Радовиш, е зајакнувањето на сопствената деловна промоција заради конкурентност на пазарот.Нашата насока е цврста и јасна за ревитилизација и надградување на постојните спортски капацитети со кои располага ЈП, за заштита и унапредуванње на интересите на спортот, спортистите и спортските клубови. Мисијата јасно се отсликува во заложбите за остварување на професионалните императиви - воведување на нови форми и содржини на активности, развивање и изработка на нови иницијативи и проекти за поефикасно и одржливо искористување на сите постоечки капацитети и потенцијали со кои располагаме за да го подобриме спортско-рекреативниот живот на граѓаните и овозможување подобри услови во спортските објекти за спорт во Оштина Радовиш.

• ВИЗИЈА

Нашата визија е јасна, едноставна и реално определена, визија за унапредување на менаџирањето на постоечките спортски капацитети прифаќајќи го моделот за партнерство и соработка, со сите чинители на спортскиот живот, културата и иницијативи за унапредување на условите за квалитетен спорт и развој на културно — уметнички перформанси, пред се кај младите. Затоа, ние

се посветуваме на заеднички напори со основачот на ЈП, Советот,ЕЛС и Градоначалникот на Општина Радовиш, Југоисточниот плански регион, приватниот сектор, здруженијата на граѓани и фондации, да се развиваат капацитетите и подобри услови на спортските објекти за поквалитетен спорт. Ќе работиме одговорно и посветено, нашата обврска е да ги следиме потребите на граѓаните на Општина Радовиш од областа на спортот, физичката култура и рекреацијата,како и сите културни настани од голем и мал карактер. На тој начин можеме да обезбедиме доволно финансиски средства за самоодржлив развој, преку кој директно ќе ја зајакнеме сопствената деловна позиција на пазарот. Иднината на ЈПССО ”Радовиш-2014” Радовиш, ја гледаме во препознатлив атрактивен и конкурентен спортско-рекреативен центар, со создадени квалитетни услови и услуги за остварување и реализација на планираните програмски активности на спорските друштва и клубовите, здруженија на граѓани, групи на граѓани , поединци и др.

## IV. ОСНОВНИ ЦЕЛИ

11. Обезбедување на услови за масовна физичка култура во Општината, преку ставање на сите спортски терени на располагање на сите организирани спортски друштва, клубови, здруженија на граѓани, спортски сојузи, групи на граѓани и слично за реализација на планирани програмски содржини.
12. Обезбедување на услови за остварување и реализација на програмските активности на спортските друштва и кпубовите кои се натпреваруваат во лига систем на натпревари и кои преставуваат приоритетни спортови во Општина Радовиш.
13. Целосно ангажирање на сите потенцијали на ЈП од просторни, технички и човечки ресурси за реализација на програмските содржини од области на спортот, рекреацијата и физичката култура, планирани од страна на основачот на ЈП, Општина Радовиш.
14. Унапредување и надградување на работата на ЈП, преку воведување на нови форми на спортски и рекреативни програмски содржини и активности како и изработка на проекти за енергетска ефикасност и други проекти од обласа на спортот и културата.
15. Обезбедување на услови за пасивна рекреација за сите заинтересирани граѓани во делот на следењето на спортските и рекреативните настани од локален, државен, европски и светски карактер.
16. Тековно орджување на спортските објекти и терени со единствена цел во секое време да одговарат на својата основна функција за спортот и физичката култура.
17. ЈП ќе се стреми кон санирање на одредени состојби во објектите од инвестиционен карактер се предвидува промена на целокупната светлосна инсталација со нова енергетска економични лед светла.Се предвидува делумна промена на столаријата во санитарните јазли.Се предвидува да се набават 10 вратни крила и истите да се заменат со постоечките.Изработен е проектен план за замена на вратите и прозорците на четири гардеробери и да се поставаат нови шкафови во две соблекувани во спортската сала СРЦ 25 Мај поради енергетска ефикасност.Се планира во 2023 год. да се изработи техничка документација за енергетска ефикасност за овие четири гардеробери.
18. Ќе се настојува секој слободен простор е за изршување на спортско сала Пинг Понг—рекреативните активности, да се ефектуира и да остварува дополнителни финансиски средства кои ќе бидат во функција на подобрување на условите за спортот и физичката култура.
19. Издавање на просторија за едукативен развој на децата.
20. Организирање на културно—забавни и спортски манифестации и турнири со единствена цел објектите со кои стопанисува ЈП да претставуваат собиралиште за граѓаните на општина Радовиш.
21. Во соработка и партнерство со основачот Општина Радовиш ќе продолжи да развива и реализира проекти за енергетска ефикасност

и искористување на потенцијалите на обновливите извори на енергија фото волтаици и топлотни пумпи.

V.ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ За остварување на напред наведените цели, ЈПССО во текот на 2024 година, планира да ги реализира следните активности:

5. АКТИВНОСТИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

5.1 СРЦ "25 МАЈ"

• Во 2024 година се планира да се овозможат услови за реализација на програмските активности на спортските клубови кои се натпреваруваат во организирана лига систем на натпревари. Во овој период во СРЦ "25 Мај" планирано е да се реализираат 300 - 350 тренинзи на РК Радовиш во траење од 90 минути тренинзите се планира да се одвиваат секојдневно под рефлектори во траење од два часа додека помладите категории да тренираат трипати неделно во денски термини и околу 30-40 пријателски и првенствени натпревари како на сениорскиот тим така и на помладите категории на РК Радовиш.Се планира да се постави водомер во гардеробите .Согласно тарифникот донесен од Советот на Општина Радовиш 09-919/1 од 10.03.2022год. а стапи на сила од 29.03.2022 год. при што се планира да се продолжи со месечно фактурирање.

• На корисниците на услуги на располагање ќе им бидат дадени уредна и чиста играчка површина, спортски реквизити, семафор, осветлување според стандардите,трибински простор, санитарии, како и три гардероби со туш кабини и топла вода на располагање ќе им бидат и вработени кои ќе им помагаат во извршување на програмските содржини.

• Во посебна просторија тренинзи ќе одржуват и членовите на ПИНГ-ПОНГ клубот кој во градот секогаш имал традиција. За овој спорт планирано е обезбедување на друга просторија за рекреативно користење од страна на сите заинтересирани граѓани.

• Во просториите на малата сала во склоп на СРЦ 25 Мај своите активности ќе продолжи да ги обавува боречкиот клуб "Бучим" Радовиш и истата е целосно подредена на нивните потреби за тренинзи и одржување на натпревари на пионерските и сениорските категории.Се планира да се реализираат 120 тренинзи во текот на 2024 година. Се планира да се постави водомер во гардеробите и потрошената електрична енергија и вода ќе ја плаќаат секој месец фактурирано од страна на ЈППСО Радовиш-2014. Согласно тарифникот донесен од Советот на Општина Радовиш 09-919/1 од 10.03.2022год. а стапи на сила од 29.03.2022 год. при што се планира да се продолжи со месечно фактурирање. • Во посебна просторија своите тренизи ќе ги обавува и новоотворениот клуб во Муаи таи "Адреналин" со што се овозможува развивање на Муаи таи-то како олимписки спорт.Се планира да се одржуваат натпревари од меѓународен карактер.

• Соработката ќе биде продолжена и со карате клубот "Феникс Бучим" кој функционира во посебна просторија за таа намена.

• За оваа година предвидено е и на новоформираниот клуб во футсал "Freight One" да му биде овозможено своите тренинзи и натревари да ги одржува во големата сала на СРЦ "25 Мај".

• Во просториите на СРЦ 25 Мај овозможено е на теренот во големата сала да се одвиваат и тренинзите и натпреварите на одбојкарскиот клуб Коста Рацин-Подареш со што е зголемена понудата на спортови во СРЦ 25 Мај.Во соработка со ОФМ на РМ планирано е да се достави нова мрежа и топки .Тренинзите ќе се оддржуваат двапати неделно во траење од еден час во кој ќе учествуваат триесет пионери.Се планираат натпревари зонски и регионални на ниво на државата. Согласно тарифникот донесен од Советот на Општина Радовиш 09-919/1 од 10.03.2022год. а стапи на сила од 29.03.2022 год. при што се планира да се продолжи со месечно фактурирање.

• Покрај давањето на услуги на спортските екипи кои се натпреваруваат во лига систем на натпревари, во текот на годината услуги ќе им бидат дадени и на спортските екипи кои се натпреваруваат турнирски и на спортските екипи од другите општини како и на екипите кои се натпреваруваат во училишните лиги.

- Се предвидува организација од страна на некое Здружение за одржување на Новогодишен Саем во внатрешноста на спортскиот терен .
- Ќе се продолжи со организација на популарниот Шестоноемвриски турнир во мал фудбал на кој учество ќе земат и екипи од територијата на цела Република Македонија.
- Организација на сите манифестации ,програми и проекти предвидени во програмите на основните училишта и градинките од Општина Радовиш. Согласно тарифникот донесен од Советот на Општина Радовиш 09-919/1 од 10.03.2022год. а стапи на сила од 29.03.2022 год. при што се планира да се продолжи со фактурирање.
- Постапно и систематско реновирање на постоечките помошни простории и поставување на нови плочки во санитарни јазли,соблекувалните како и поставување на нови столчиња и клупи на место веке дотрајаните и искршени столови на трибините,Исто така се предвидува и купување на два алуминиумски голови,во зависност од финансиската состојба на ЈП.
- Планирано е одржување на саем на Лов и Риболов со учество на повеќе ловно риболовни друштва од Република Македонија ќе се постават штандови од реномирани фирми кои се занимаваат со продажба на риболовна и ловечка опрема и се планира да се наплаќа за учеството на штандовите и влезница за истиот.
- Се предвидува организација на мали приредби како Магионичари,детски фестивали,концерти,фолклорни манифестации и сл.
- Се предвидува одржување на некој Куп на натпревар и на ниво на Македонија

5.2 Тениски игралишта

- Почитување на правилникот за одржување и користење на двојните тениски терени и нивно максимално искористување од страна на актуелните тениски клубови и граѓани поединци.
- Тениските терени ќе продолжат редовно да се издаваат на тениски клубови и тенисери поединци согласно тарифникот донесен од Советот на Општина Радовиш 09-919/1 од 10.03.2022год. а стапи на сила од 29.03.2022 год. Одржување на тениски турнир на кој учество ќе земат тенисери од нашата Општина но и од цела Република Македонија.

5.3 Градски Стадион

- На Градскиот стадион ќе се овозможат оптимални услови за непречена реализација на планираните програмски активности и одржување на тренинзи и натпревари на ФК Детонит Плачковица, ЖФК Плачковица како и на други фудбалски академии и школи од нашиот град.На сите корисници на градскиот стадион на располагање ќе им бидат ставени сите расположливи придружни капацитети за непречено одвивање на спортските активности. Согласно правилникот за користење на површините за играње и пропратните простории на Градскиот стадион во Радовиш начин и постапка за користење на останатите простории со бр. 02-20/1 од 20.04.2022 год. како и договорот бр.03-77/1 од 22.07.2022 год. при што се планира месечно фактурирање.

5.4 Јавно осветлување

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа СЛ. ВЕСНИК на РСМ 05/02 и член од статутот на Општина Радовиш во врска со одлуката на Управен Одбор на ЈПССО Радовиш-2014 бр.06-11/3 од 06.04.2022 год.Советот на Општина Радовиш на X седница оддржана на 13.04.2022 год.донесе одлука со бр. 03-739/1 од 13.04.2022 год.Согласно склучениот договор помеѓу Општина Радовиш и ЈППСО Радовиш-2014 со број 03- 39/29 на ден 14.06.2022 год е дадено право на користење на мрежата на целокупното јавно осветлување на територија на Општина Радовиш од страна на основачот ЕЛС Општина Радовиш како давател на услуга на корисникот ЈППСО Радовиш 2014 . Давателот на услугата има обврска на корисникот да трансферира средства за исплата на сметката за потрошена електрична енергија на име јавно осветлување веднаш по доставеното барање со документација и доставување на фактури.Воедно ЈППСО Радовиш 2014

продолжува да добива 10% од вкупната сума за јавно осветлување.

- 6.ИЗДАВАЊЕ НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ПОД ЗАКУП

Согласно донесениот тарифник од страна на Советот на Општина Радовиш за користење на просторот и пропратните простории во склоп на СРЦ "25 Мај" во Радовиш кои се во функција на спортот, како и за просториите кои не се во функција на спортот ЈП ќе продолжи со давање под закуп на сите слободни простории по цени утврдени со тарифникот.Согласно законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, Советот на Општина Радовиш и донесената одлука дел од слободните простории да бидат дадени на користење со склучување на непосредна спогодба.И двете постапки беа спроведени од страна на ЈППСО "Радовиш-2014" Радовиш во 2022 год. .Со сите корисници на просториите под закуп беа склучени договори во кои се утврди вистинската намена на просторијата, времетраењето, износот на закупот и сите други права и обврски.Потрошената електрична енергија по поставувањето на контролни саати со склопки ќе продолжи да се наплаќа согласно потрошените измерени KW месечно. За просториите кои не беа издадени ќе биде распишана нова јавна објава со цел истите да се стават на располагање на заинтересираните страни. Целта на издавање под закуп на сите простории е остварување на дополнителни финансиски средства и подобрување на финансиската сосотојба на самото ЈП за плаќање на струјата ,водата и други тековни трошкови на ЈП.

7. ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ ОБЈЕКТИ

Спортските објекти со кои стопанисува ЈП не се во најдобра кондиција. Во текот на 2022 год.и 2023 год. делумно се работеше на санација но останува проблемот околу дотраеноста и лошата состојба на подот во големата сала,за непречено одвивање на тренинзи натпревари за подобри спортски натпревар без повреди на играчите и рекреативците во големата сала,основните средства за работа, плочки во санитарните јазли, надворешниот изглед на спортските објекти, столчињата за седење,двата гола кој седотрајани и оштетени, трибинскиот простор и терасните делови кои се доста оштетени. За сите овие проблеми е потребно трајно и долгорочно решавање а ЈП во моментот не е во можност самостојно да ги санира сите тие недостатоци, заради тоа ќе треба во соработка со основачот на ЈП да се изготви анализа и стратегија со конкретни мерки за санирање на дел од недостатоците на спортските објекти. За таа цел важна е континуираната соработка со Општина Радовиш и Агенцијата за млади и спорт на РМ.

**7. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Во согласност со финасиската состојба ќе биде планирано 1 вработување и постепено доекипирање со стручен кадар неопходен за непречено остварување на програмските цели и реализација на годишните планови на ЈПССО.

**8. ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на ЈППСО "Радовиш-2014" Радовиш се реализира од приходите што ги остварува преку сервисирање на услуги за спортските клубови и екипи, поединци, групи на граѓани и други заинтересирани субјекти од обласа на спортот, културата, физичката култура како и издавање под закуп на деловен простор кој не е наменет за спорт и физичката култура како и дел од ЕЛС Општина Радовиш.

| Ред.бр. | Вид на приход | Планиран приход 2024 |
|---|---|---|
| 1. | Приходи од ЕЛС Општина Радовиш | 500.000 ден. |
| | Вкупно планирани | 500.000 ден. |
| 2. | Сопствени приходи | |
| | Приходи од закуп на простории | 465.160 ден. |
| | Приходи од термини за тренинзи на клубови | 340.000 ден |
| | Приход и процент од улично осветлување | 9.750.000 ден. |
| | Други приходи од рекреативно издадени термини за фудбал ,пинг понг,одбојка | 30.000 ден |
| | Приходи од користење на рекламен простор | 65.813 ден |
| | Приходи од турнири,концерти, и други манифестации | 120.000 ден. |
| | Користење на термини од компании | 10.000 ден. |
| | Приходи од користење на двојни тениски терени | 35.000 ден. |
| | Паушал за струја од закупци | 100.000 ден. |
| | | |
| | **Вкупно приходи :** | **11.415.978 ден** |

| Реден број | РАСХОДИ | Планиран расход 2023 | ВКУПНО План.расход 2024 |
|---|---|---|---|
| 1. | Бруто плата на вработени | | |
| | -Директор<br>-Управен одбор | 770.000 ден | |
| | | 130.000 ден | |
| | | | 900.000ден |
| 2. | Услуга за јавни набавки | 30.000 ден. | 30.000 ден. |
| 3. | Ел.енергија | 410.778ден | 410.778ден |
| 4. | Вода и комунални услуги | 252.000 ден. | 251.000 ден. |
| 5. | Интернет,телефон | 25.200 ден. | 25.200 ден. |
| 6. | Средства за хигиена | 57.000 ден. | 57.000 ден. |
| 7. | Канцелариски материјали и одржување на фискалниот апарат | 50.000 ден. | 50.000 ден. |
| 8. | Улично осветлување | 9.000.000,00 ден. | 9.000.000,00 ден. |
| 9. | Книговодствени и др.интелектуални услуги | 60.000 ден | 60.000 ден |
| 10. | Банкарски провизии и Министерство за финансии | 130.000,00ден | 130.000,00ден |
| 11. | Реновирање и реконструирање на спортските објекти-ЕЛС Радовиш –<br>-Замена на плочки во тоалетите и во гардеробите, замена на столчињата на трибините,клупи ,замена на двата гола | | |
| | | | |
| | | 500.000,00ден | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| 12. | Други непредвидени трошоци | 0 | 0 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ:** | | **11.415.978ден** |

Програмата влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1803/2 Совет на општина Радовиш
Дата 18.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на РМ 5/02), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Радовиш

Советот на општина Радовиш на XL седница одржана на 18.12.2023 година, донесе

О Д Л У К А
за усвојување на Програма за работата на ЈПССО Радовиш 2014 за 2024 година

I. Се усвојува Програмата за работата на ЈПССО Радовиш 2014 за 2024 година.

II. Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1803/1 Совет на општина Радовиш
Дата 18.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за донесување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја на територијата во надлежност на подружница „ РАДОВИШКО ПОЛЕ"-Радовиш за 2024 година бр.2101-321/1 од 07.11.2023 год.

Ја прогласувам и објавувам одлуката за донесување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја на територијата во надлежност на подружница „РАДОВИШКО ПОЛЕ"-Радовиш за 2024 година бр.2101-321/1 од 07.11.2023 год., бр.08-1804/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 18.12.2023 година.

Број 09-1804/2 Градоначалник
Дата 19.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 126 од Закон за води („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21), член 36 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на XL седница одржана на 18.12.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја на територијата во надлежност на подружница „ РАДОВИШКО ПОЛЕ”-Радовиш за 2024 година бр.2101-321/1 од 07.11.2023 год.**

член 1

Се донесува Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја на територијата во надлежност на подружница„ РАДОВИШКО ПОЛЕ”-Радовиш за 2024 година бр.2101-321/1 од 07.11.2023 година.

член 2

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавење во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1804/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 18.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост, Скопје
Подружница Радовишко Поле
Бр. 2101-321/1
07.11.2023 год.
Радовиш

**АД „Водостопанство на РСМ" - Скопје**

**Подружница „Радовишко Поле" - Радовиш**

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И ОДБРАНА ОД ПОПЛАВИ ЗА ЗАГРОЗЕНИТЕ ПОДРАЧЈА НА ТЕРИТОРИЈАТА ВО НАДЛЕЖНОСТ НА ПОДРУЖНИЦА „ РАДОВИШКО ПОЛЕ" – РАДОВИШ ЗА 2024год.

Радовиш, 2024 год.

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И ОДБРАНА ОД ПОПЛАВИ ЗА ЗАГРОЗЕНИТЕ ПОДРАЧЈА НА ТЕРИТОРИЈАТА ВО НАДЛЕЖНОСТ НА ПОДРУЖНИЦА„ РАДОВИШКО ПОЛЕ“- РАДОВИШ ЗА 2024 ГОДИНА.

## ВОВЕД

Оперативниот план се однесува на опасноста од поплави на земјиштето од површинските води од поројните врнежи и брзо топење на снегот. Планот за контрола на поплави , е врз база на моментално достапните информации, искуства од порано и проценки направени врз основа на достапни информации.

## 1.ОПИС НА ТЕРИТОРИЈАТА

Територијата на општина Радовиш зафака простор во југоисточниот дел на Македонија. На територијата постојат два слива. Поголемиот дел припаѓа на сливот на Струмица, а помалиот на сливот на Вардар. Територијата на општината на север е ограничена со сртот на планината Плачковица (1754м) кој ја одделува од општините Виница и Берово, на северозапад се грничи со пидестиот терен Јуруклук (801)м. на запад со конечката планина или Серта (1158м), додека на јужната и југоисточна страна е ограничена со Градешка планина (1002м) и дел од Смреш (951м) како и рамничарскиот дел од котлината меѓу Злеово и Дукатино.

## 1.1 ТОПОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ - геоморфолошки карактер и релеф.

Радовишкиот ргион е поделен на ридско - планински и рамничарски дел. На источните и западни падини доминираат гнајсови од седиментни потекла, централниот дел во горната половина од сливот е палеозолик воопшто, а равничарскиот дел под градот е од алувиум. Обработливите површини припаѓаат на рамничарскиот релефен дел и се наоѓаат на просечна надморска височина од 270-340м.Тука спаѓаат површините покрај речните корита на реките: Радовишка река, Иневска река, Марлада, река плаваја и Стара река.

## 1.2 инженерско -геолошки и хидро -геолошки состав

Целата површина на Радовишкото поле е педолошки испитана. Застапени се претежножно алувујалните почви. Застапени се претежно алувијалните почви, смолниците и карбонатните почви. Од овие површини погодни за наводнуване се 5000ха и се покриени со алувијални и делувијални наноси. Додека скалестите почви најзастапени се во планинскиот дел, односно во периферијата на околината.

## 1.3 климатски карактеристики

Географскита и топографскита положба на Радовишката котлина е под влијание на субмедитеранска клима. Климата се карактеризира со високи летни температури и намалени врнежи, намалени зимски температури и појава на ветрови. Во радовишкиот регион најзачестени ветрови се : северо - западниот како и западниот ветер односно во текот на целата година , а најмногу се јавува во зимата. Просечната годишна температура на воздухот инесува 13 степени целз, а

највисоките температури се јавуваат во јули од 25 степени целз, а најниската температура се јавува во месец јануари и изнесува 1,2 степени целз. Што се однесува до врнежите тие се со намалено количество во летните периоди од годината. Во Радовиш просечно годишно паѓаат по 562мм воден талог со максимум во есен и пролет, додека летата се со долготрајни суши.

### 1.4 Сообракај

Во радовишкиот регион патниот сообракај е застапен со магистрални, регионални и локални патни правци. Низ територијата поминува патниот правец М6 кој не поврзува со општина Струмица , апреку неа и со Република Бугарија и Република Грција. Локалната патна мрежа со која се поврзани населените места во регионот не е на задоволително ниво, па се јавува потреба од нејзино доградување. Железничка пруга не постои, а најблизок пристап со железница имаме со градот Штип на оддалеченост од 45км.

### 1.5 хидрографска мрежа

Хидрографската мрежа е испреплетена со повеке извори, реки и нивни притоки. Главен реципиент е Радовишка река со регулирано речно корито и тоа претежно во градот во должина од 3600м, а со вкупна должина од 18000м. Леви притоки на Радовишка река се: Ораовичка река со должина од 18000м и сливна површина од 51км$^2$ и делумно регулиран водотек од2400м. Реката Плаваја (Подарешка река) има должина од 26000м и во Стара река се влива на кота 300м.н.в. и делумно регулирана од 1900м. Десни притоки на Радовишка река се: Иневска река со делумно регулирано коритоод 1000м со должина од 10,5км. Реката Сушица со должина од 7км делумно регулирана

Сливот на Крива Лакавица го сочинуваaат : Крива Лакавица како главен реципиент со должина од 21000м на делницата во Конечка општина и истата не е регулирана. Десни притоки на Крива Лакавица се: Габрешка река регулирана со каскади заради спречување на нанос од ерозија, Дединска река регулирана заради спречување на нанос од ерозија. Леви притоки на Крива Лакавица се :Радешка река регулирана заради спречување на нанос од ерозија со каскади.Скорушка река регулирана со каскади за спречување на нанос од ерозиа.Загоречка река регулирана со каскади заради заштита на нанос од ерозија.

**1.5.1 состојба на хидрографската мрежа во двата слива**

Состојбата во сливовите на коритата не е на добро ниво. Во поранешниот перод регулирано е многу мал дел од речните корита на сливот на Радовишка река ,додека на сливот на Крива Лакавица реулирани се добар дел од речните корита заради заштита од нанос во акумулацијата Мантово. Радовишка река е регулирана само во делот што протекува низ населеното место и дел надвор од населеното место што е регулирано без каскади и прагове . Но овој дел не е одржуван во изминатиот период па затоа е обрасната со вегетација и засадени дрва во речното корито кои го спречуваат нормалниот проток. Делумно се уредени само некои од притоките на Радовишка река, но поради не одржувањето во изминатиот период и во деловите кај што се регулирани обраснати се со вегетација и засадени дрва во речното корито

## 2.ПРОЦЕНА НА ЗАГРОЗЕНОСТ

Поројни врнежи и појава на големи води најчесто се јавува во рана пролет , а понекогаш и во зима како што беше случајот во 2016 година вомесец јануари.

### 2.1.загрозеност од излевање на водите од речните корита

Водата од горниот дел на Радовишка река во рамничарскиот дел од сливот се зголемува од притоките и доага до излевање на Радовишка река во долниот дел од сливот и тоа мостот на локалниот пат с.Подареш с. Калугерица па се до с. Сушево. Во овој дел од речното корито во зависност од количините на врнежи во одреден ппериод се поплавуват попврашините лево и десно од речното корито по околу сто м Но при појава на големи води се излеваат и притоките на Радовишка река поради не целосното регулирање на истите и не одржувањето во изминатиот период. Ѓенерално на овие појави не може да се влијае, освен со одредени мерки и активности кои ке ги подобрат условите за прифакање на паднатите води преку постојните речни корита, со што би се ублажиле последиците од поплавите. Општо состојбата на речните корита е лоша и не обезбедува добар степен на заштита од поплави.

## 3.МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОПЛАВИ

За спречување на последиците од поплавите треба да се спроведуваат превентивни мерки , изградба и одржување на водни објекти.

### 3.1ОПЕРАТИВНИ МЕРКИ

АД,, Водостопанство на Република Македонија во подружница Радивишко Поле Радовиш не располага со соодветни ресурси потребни во случа на евентуална поплава, но во таков случај би ги користела расположливите ресурси кои постојат на територијата на општина Радовиш.

## 4. ОБЈЕКТИ ЗА ОДБРАНА ОД ПОПЛАВИ

На територијата со која управува АД ,,Водостопанство на Република Македонија подружница Радовишко Поле,, течат голем број на водотеци од постојан и времен карактер. Водостопанство ,,Радовишко поле,, има направено процена на состојбата и направи план за мерките што треба да се преземат за уредување на коритата. Коритото на Радовишка река е уредено само во делот на населеното место во должина од 3600м, а има и 10км уредени водотеци со објекти но кои не се одржувани и истите се обраснати со вегетација и наполнети со нанос.

**1.Радовишка река**

1.опис на водотекот

карактер на водотекот: постојан водотек

должина : 18000м.

објекти: поголем број на мостови , каскади, прагови , обложени косини со камен во цементен малтер.

2.општа оценка на состојбата на водотекот

Регулирано е само коритото во градското подрачје. Не регулиран е целиот останат дел кој протекува во радовишка општина.

3.неопходни мерки

Да се направи регулација на не регулираниот дел

Да се исчисти од вегетација и нанос

**2.Ораовичка река**

Постојан водотек, делумно регулиран во должина од2400м. Коритото е регулирано од горниот дел на селото до уливот во Радовишка река. должина:18000м.

**3.Река Плаваја**

Постојан водотек , има должина од26000м. Во Стара река се влева на кота 300м. Делумно е извршена регулација само на земјани работи без

придружни објекти, па со текот на времето реката го има повторно променето водотекот.

**4.Ињевска река**

Не постојан водотек има должина од 10500м. Делумно регулиран порој, во должина од 1000м. без прагове и каскади .Во долниот дел е зараснато со врби и шавор. Иневска река се влива во река Сушица и заедно во долниот дел одат како Стара река.

**5.Сушица**

Има буичен карактер, надоага исклучиво во време на силни поројни дождови. Има должина од 7000м. Регулирана во урбаниот дел.

**На сите овие горе -споменати реки потребно е постапно да се изврши регулација на истите , а интервентно треба да се очистат од нанос и засадените дрва во коритото да се исечат.**

Во сливот на Радовишка река надоаѓаат и повеке порои како што се:

1.Јаргулички порој. Делумно регулиран порој во должина од 1800м. на поројо под селото изведени се само земјани работи , без прагове и каскади

2.Исказнички порој . Не регулиран.

3.Порој каракаја .Делумно регулиран во должина од 1000м. Изведени се само земјени работи . Не одржуван регулацијата е уништена.

4.Порој Комад дол. Не регулиран

5Порој Добри дол. Регулиран во дожина од1990м . Со каскади и прагове.Има зарастено багреми и др. и нанос.

6.Калугерички порој. Извршен е регулација во селото и под селото во должина од1400м. Поројот е заполнет со ѓубре и нанос.

Од ова произлегува дека пороите треба да се дорегулираат и очистат од дрва , нанос и др.

## СЛИВНО ПОДРАЧЈЕ НА КРИВА ЛАКАВИЦА

Површината на сливното подрачје возводно од браната ,,Мантово,, изнесува 180км$^2$. Селата кои се протегаат на сливното подрачје се:Дедино, Горна Врашница, Погулево, Габревци, Дедино, Ракитец, Долни Липовиќ и Горни Липовиќ, Конче , Лубница ,Скоруша и Загорци. На горниот тек на Крива Лакавица изградена е браната ,,Мантово,, на кота 400м.н.в.

## КЛИМАТСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Сливот н а Крива Лакавица припаѓа во пореметен медитерански плувиометрички режим , кој се карактеризира со главен максимум на врнежи во ноември, споредниот во мај. Годишните количества на врнежи се движат од 519мм. за Штип. 590мм. Радовиш до600мм. заСтрумица.

## ГЕОЛОШКА ПОДЛОГА

Во сливното подрачје се срекаваат голем број геолошки формации, со мегусебна испреплетеност. Не посредно покрај водотекот на Крива Лакавица и со завлегување во долните делови при влезот , по притоките , особено во Трска е алувиум. Најмногу се застапени лапшоровите глини, песоци и чакали кои се простираат на левиот брег почнувајќи од алувиумот се до испод Загорци Конче

**ХИДРОГРАВСКА МРЕЖА**

Хидрогравската мрежа на сливното подрачје е јако развиена . Поважни водотеци на сливот се: Крива Лакавица како главен реципиент со должин а од 21000м. не е регулирана.

Поважни водотеци на десниот брег на Крива Лакавица се:

1.Габрешка река со должина од960м. Се влива во акумулацијата на 400м.н.в. Природен водотек , регулиран со каскади и прагове.

2.Дединска река со должина од 6500м. се влева на кота425м.н.в. Регулирана со каскади и камен набачај во мрежи.

3.Ракичка река . Природен водотек со должина од 550м. Се влива во Крива Лакавица на 470м.н.в.

4.Липовичка река . Природен водотек со должина од5км. се влева во крива Лакавица на490м.н.в.

5.Макрешка река. Природен водотек со должина од 6км. се влева во Крива Лакавица на470м.н.в.

**Поважни леви протоки се**:

1.Радешка река со должина од9800м. се влева во самата акумулацијата.

2.Скорушка река .Должина на водотекотод6800м. се влева во акумулацијата. природен водотек од сливот регулиран со каскади.

3.Боровска река . Природен водотек со должина од 6800м. се влева во акумулацијата, регулирана со каскади.

4. Загоречка река.Природен водотек со должина од 5800м. се влева во акумулацијата и е регулирана со каскади.

Од горенаведенoро произлегува следниот заклучок:

- Да се исчистат речните корита.
- Да се до уредат не уредените делови.

# ПРОЦЕНА НА ВЕРОЈАТНОСТА ОД ПОПЛАВА ОД АКУМУЛАЦИЈАТА „МАНТОВО,,

## ОСНОВНИ ПАРАМЕТРИ НА „МАНТОВО,, СЕ

| | |
|---|---|
| кота накруна | 406,5м.н.в. |
| ширина на круната | 6.0м. |
| кота на речно дно | 369м.н.в. |
| висина на браната над теренот | 37,5м. |
| наклон на косините | 1:1,75 и 1:2 |
| должина по оска на браната | 139м. |
| ширина во основата | 161м. |
| волумен на акумулацијата | 49 400 000 |
| мртов простор | 4 400000 $м^3$ |
| должина на акумулацијата | 4,5км |
| површина на водно огледало | 3,15$км^2$ |
| кота на нормално ниво (прелив) | 402,5 |
| кота на максимално ниво | 404,10м. |
| капацитет на преливен орган | 200$м^3$/сек. |
| средно дотекување во акумулацијата | 1,2$м^3$/сек. |
| површина на сливното подрачје | 180$км^2$ |

Акумулацијата ,,Мантово,, се празни преку темелниот испуст. Темелниот испуст претставува цевка под телото на браната на десниот брег со дијаметар 3,75м и тој претставува приспособен опточен тунел со затварачница со максимална пропусна моќ18,3м$^3$/сек. Евакуацијата на водите од браната може да стане преку шахтниот преливник за ниво на водата повисоко од нормалниот успор во акумулацијата, или преку темелниот испуст за ниво пониско од нормалното ниво на акумулацијата. Под безбедна кота на нивоата во акумулацијата се подразбира при која последиците од евентуалното рушење на браната, поплавниот бран не ѓи загрозува животите на населението. Празнењето на акумулацијата преку темелниот испуст до котата на зафатот 382,5м.н.в.(тунел врашница) ке стане за 32 дена , а до котата на темелниот испуст 370м.н.в. за 38 дена.

## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗОНАТА НА ПЛАВЕЊЕ НА ТЕРЕН

Испитувањата направени на хидроуличкиот модел даваат елементи со кои се определени зоните на плавење. Брз основа на резултатите од испитувањата и соодветни мерки за заштита на населението и објектите во долината низводно од браната. Одбележувањето на најголемата зона на плавење е направена со бетонски белези на чии горен дел е напишано со боја :

- број на белегата.
- Кота на максимално ниво на водата , што е воедно и кота на бетонската белега.

Белегите се поставени на двата брега лево и десно од речното корито на растојание од 500- 1000м вон населените места.

Табеларен преглед на белегите со стационажи и коти на бетонски белеги се прикажани на прилогот подоле:

Регионален центар за управување со кризи Струмица

Тел. бр. 034/334-431 034/334-н435

моб. 075/377-809 075/317-739

маел.rcukstrumica@cuk gov.mk

АД. Водостопанство на Република Северна Македонија Скопје подружница Радовичко Поле Радовиш не располага со соодветни ресурси потребни во сличај на евентална поплава, но во таков случај би ги користеле расположливите ресурси кои постојата на територијата на општина Радовиш .

Од човечки ресурси секако би ги користеле расположливите ресурси и тоа:

Одговорен на брана 1 извршител

Чувари на брана 4 извршители

Машинисти 1 извршители

Водоинсталатери 4 извршители

Останат персонал за логистика 5 извршители и други вработени во случај на потреба.

По евентуална поплава треба да се поевземат следните чекори за одстранување на последиците:

- санирање на речните корита со цел водата што побрго да истече од поплавеното земјиште и објекти.
- Спасување на лица од поплавените подрачја.
- Санирање на објекти идр.

## ПРОЦЕНА НА ВЕРОЈАТНОСТА ОД ПОПЛАВА НА БРАНИТЕ КОНЧЕ I И КОНЧЕ III

На подрачјето на општина Конче на реката Ораовица во 1961 год. Изградени се две земјано - насипни преливни брани. Се до 1987 год. водата од акумулациите е користена за наводнување преку систем на зејани вади.Во 1987год се изгради систем за наводнување од азбест - цементни и пвц цеви.Површината за наводнување опфатена со системот за наводнување изнесува 90ха.Дожината на деталната каналска мрежа е 5,5км.

## ОСНОВНИ ПАРАМЕТРИ НА БРНАТА КОНЧЕ III

| | |
|---|---|
| особеност акумулација | мала брдска |
| тип на брана | земјано - насипна |
| основова | 60м. |
| височина на браната | 14,5м. |
| должина на браната | 115м. |
| волумен на акумулацијата | 122000м$^3$ |
| должина на акумулацијата | 400м. |
| површина на акумулацијата | 4,0ха |
| сливна површина | 0,3км |
| капацитет на преливник | 2м$^3$/сек |
| тип на преливник | страничен, бетонски |

Во 1990год на низводната страна на браната Конче III се појавија високи филтрациони води кои предизвикаа појава на отвор на низводната страна . По изршените консултации со професорите од Градежниот факултет се пристапи кон санација на браната . Се продолжи испусната цевки за 18м и се угради нов затварач во шахта на крајот од испусната цевка. Паралелно со испусната цев се изгради дренажа од перфорирани цевки кои ја прифакаат водата од попречната

дренажа и ја носат во акумулацијата на Конче 1. Со тоа состојбата се нормализирање. Со трансформацијата од 2008год времено со системот управуваше општина Конче. По извршениот увид од страна на Ад ,,Водостопанство на Република Македонија подружница Радовишко Поле ,,се констатира дека затврачот од испусната цев не е во функција па не е можно испуштање на водите од истиот во акумулацијата Конче |. Префрлањто се врши со помош на натега. Во колку дојде до опасност од рушење на браната водата од акумулацијата ке се испушта преку изградениот захват на Конечка река и средниот испуст и крајните испусти што се наогаат на деталната каналска мрежа. Капацитетот на испустите изнесува 70л/ сек па акумулацијата од браната Конче | преку нив би се испразнила за околу 16дена до кота на испуст. Се врши повремено надгледување на браните за да се согледаат навремено евентуалните аномалии на браните и се изврши навремена интервенција. Можноста од евентуална поплава од браните е мала затоа што се работи за ниски брани и се врши надгледување на браните за да не дојде до не сакани последици од евентуално руш.

## ОСНОВНИ ПАРАМЕТРИ НА КОНЧЕ I

| | |
|---|---|
| особеност | мала брдска акумул. |
| тип на брана | земјано -насипна |
| основа | 50м. |
| височина на браната | 13м. |
| должина на браната | 113м. |
| волумен на акумулацијата | 100 000м$^3$ |
| површина на акумулацијата | 3ха. |
| сливна површина | 0,4км$^2$ |
| капацитет на преливник | 2м$^3$/сек. |
| тип на преливник | бетонски, страничен |

**Дополнување-корекција на оперативниот план за заштита од поплавен бран.**

Врз основа на добиениот допис со бр. 03-1708/2 од 27.07.2023 год. за корекција на оперативниот план за заштита од поплавен бран Ви ги доставуваме корекциите односно финансиските импликации за мерките кои ќе се спроведат наредната тековна година.

АД ,,Водостопанство на РСМ" – Скопје, Подружница ,,Радовишко Поле"-Радовиш изготви дополнување на планот за заштита од поплавен бран со следните мерки за заштита од поплавен бран:

1. Изготвување на проект за регулација на речно корито на Радовишка река во должина од 3 км на стационажа од излезот на урбаниот дел на Радовиш.
2. Изготвување на проект за регулација на река Сушица во должина од 2 км на стационажа од излезот од урбаниот дел на Радовиш.
3. Предмет со пресметка

   -Согласно проектанските норми за проектирање на проекти за регулација на речни корита од (1км) на пазарот кошта околу 200.000 ден. по км. Односно за изготвување на проект во должина од 3 км. Потребно е 600.000 ден. за Радовишка река. За изготвување на проект за регулација на река Сушица во должина од 2 км потребно е 400.000 ден.
4. Средства за итни мерки во случај на поплавен бран и негова одбрана и санација предлагаме околу 200.000 ден. За ангажирање на градежна механизација за спречување и одстранување на последиците од евентуалните излевања на реките од постоечките корита.

АД,,Водостопанство на РСМ"-Скопје

Подружница ,,Радовишко Поле"-Радовиш

Раководител: Сања Ристова

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за усвојување на Општински оперативен план за заштита од пожари за 2024 година во општина Радовиш и Општински оперативен план за заштита од пожари за 2024 година во општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам одлуката за усвојување на Општински оперативен план за заштита од пожари за 2024 година во општина Радовиш бр.08-1805/1 и Општински оперативен план за заштита од пожари за 2024 година во општина Радовиш бр.08-1805/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 18.12.2023 година.

Број 09-1805/3 Градоначалник
Дата 19.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

**ОПШТИНСКИ ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ ЗА 2024 ГОДИНА**

**РАДОВИШ**




**С О Д Р Ж И Н А:**

**1.Општи карактеристики на подрачјето на општина Радовиш:**

-Географска положба и големина на подрачјето на општината
-Релјеф и пошуменост,
-Климатски услови,
-Хидрографска мрежа,
-Број и големина на населбите
-Вид  и количина на атмосферски врнежи

**2.Процена на загрозеност на подрачјето на општината од пожари**

**3.Заштита и спасување од пожари:**
-Превентивни мерки за заштита од пожари.
-Оперативни мерки за заштита и спасување од пожари.
-Расположиви ресурси за спречување и отстранување на последиците од пожари

**1.Општи карактеристики на подрачјето на општина Радовиш:**

Географска положба и големина на подрачјето на општината

-Назив на општината --------------------------Општина Радовиш

-Површина----------------------------------------608 км$^2$

-Број на жители----------------------------------24 122

-Број на населени места----------------------- 22

-Густина на населеност------------------------- 39,6 ж.км$^2$

Општина Радовиш е лоцирана во југоисточниот дел на територијата на Република Македонија.Територијата на регионот се простира меѓу планинскиот масив на север и североисток со Плачковица, на југ и југоисток со Струмичко поле, запад и југозапад со пл.Смрдеш и северозапад со клисурата на Маденска река.
Радовишка општина има мошне поволна географска положба,која е условена од просторно-релјефните погодности и сообраќајните врски и можности.
Конфигурацијата на земјиштето на оваа подрачје повеке е ридско-планинско со еден дел од рамничарски обработливи површини.
Надморската височина на регионот се движи од 260 м.н.в. по течението на Радовишка река до 1707 м.н.в. на врвот Бел Камен на пл. Плачковица. Радовиш се наоѓа на 370 м.н.в.

<u>Релјеф и пошуменост</u>
Релјефот на подрачјето на општина Радовиш, го карактеризираат три важни елементи: Ридско-планински, котлински и речни долини.
Најголем дел од ридско-планинскиот релјеф го зазема масивот на планината Плачковица, со највисок врв Лисец од 1754 м. Највисок врв на територијата на општината е Бел Камен со 1707 метри, други повисоки врвови се: Црквиште 1676 м. Влашки колиби 1607 м. Џамија 1569 м. Асанлија 1550 м. и др. Од овие височини како сртови, теренот се спушта кон Радовишко Поле. Сртовите се расчленети со помали водотеци или суводолици, нивната висина се намалува со доближувањето до полето. Сртови се формирани помеѓу Тополничка и Радовишка Река од кои највисок е Јајла со 1137 м. помеѓу Радовишка и Ораовичка Река се сртовите: Ајдудаш со 1445 м. Бургас 965 м. и Бујрук Бурин 720 м.помеѓу долините на Ораовичка Река иПлаваја се сртовите: Изведен 1332 м.Чуј Петел 1324 м и помеѓу Плаваја и Нивичанска река се сртовите на Стар и Млад Готен со на 1400 м.н.в.
Северниот и источниот дел од општината го сочинуваат јужните и источните делови од Плачковичкиот масив,западниот дел го зазема планината Смрдеш, која ја одделува Радовишката од Криволакавичката котлина. На оваа планина нема врвови од над 1000 метри, највисок врв е Краста со 951 м.н.в.
На подрачјето на општината се карактеристични две котлини: Радовишката и Дамјанската.
Радовишката котлина гравитира по течението на Радовишка Река, кон југоисток, со надморска височина од 260 до 350 метри. Дамјанската котлина се наоѓа на северозапад и гравитира по течението на Маденска река, со надморска височина од 440 до 480 метри.
Речните долини како трет елемент од релјефот на општина Радовиш, ја формираат хидрографската мрежа на оваа подрачје.
Главни речни долини се долините на Радовишка Река, Ораовичка Река и Плаваја. Долините на овие реки, чии извори се на планината Плачковица, во најголем дел се тесни клисури со
голем пад. Спуштајки се кон полето, долините се шират и под влијание на

наносниот материјал формирани се пространи и широки плавни површини. Покрај реките на подрачјето на општината се формирани и вододерини, суводолици, поројни водотеци и др.
Ерозивни процеси на територијата на општина Радовиш, се присутни на голем дел од подрачјето, но особено се изразени во околината на с.Калугерица, со површина од околу 13,5 ха, во околината на с.Подареш, како и блиската околина на градот.

Под влијание на човечкиот фактор, преку непланско сечење и уништување на шумите, зголемување на обработливи површини и пасишта, реално е да се очекува зголемување на ерозивните подрачја.
Шумите во општината спаѓаат во категоријата на отворени шуми со сообраќајници. Во ридско планинскиот дел заради релјефните и климатските карактеристики, најголем дел од површините се под шума. Во планинскиот дел застапена е претежно високостеблеста шума, најдоминантни се: даб, бука,четинари и други. Непошумените делови од планините се пасишта, богати со разновиден растителен свет: високи треви, папрат, грмушки и др. На ридските површини до 500 м.н.в. застапени се нискостеблени деградирани шуми (даб и габер), грмушки (смрека, трн) и трева. Вкупните шумски комплекси на подрачјето на општина Радовиш, се застапени на површина од околу 33000 ха.
Во рамничарскиот дел се издвојуваат два типа на почви: неразвиени и развиени.Неразвиените почви се со наносно потекло и заземаат пространства околу коритата на водотеците, најмногу ги има по течението на Радовишка Река, Ораовичка и Плаваја. Значењето за земјоделието на овој тип на почви во општината е мошне големо и се одликува со највисока производствена вредност.
Развиените почви на подрачјето на општината се црвениците и смолниците, кој зафаќаат големи пространства и тоа помеѓу Раклиш-Ораовица -Подареш-Злеово и покрај патот за Штип. И овие почви имаат значајна улога во земјоделието.

<u>Климатски услови</u>
Радовишкиот регион е под влијание на умерено континентална клима. Заради изразената височинска разлика, одделни климатски елементи варираат меѓу изменета медитеранска клима во полето и планинска клима на планините.
Што се однесува до ружата на ветровите, нашето подрачје спаѓа во мошне ветровитите подрачја во републиката. Заради место положбата што ја зазема градот Радовиш во однос на останатиот дел од општината е мошне заштитен од дејството на повеке ветрови. Преовладуваат ветрови од западен, северозападен и источен правец. Најголема честина има западниот ветер, кој главно е зимски ветер, но е присутен и во останатиот период од годината, со просечна брзина од 4,8 м/сек. или максимална вредност од 22,5 м/сек. Вториот по честина е северозападниот ветер, кој е присутен преку цела година, со просечна брзина од 4,8 м/сек или максимална брзина од 30,5 м/сек. и источниот ветер , со просечна брзина од 2,6 м/сек или со максимална брзина од 22,5 м/сек. Просечните годишни температури во рамничарскиот дел се движат до 13 $^{0}$C, на највисоките планински масиви до 7,5 $^{0}$C. Најтопли месеци во годината се Јули и Август со просечна температура од 23 $^{0}$C, најстуден е месец Јануари со 1,2 $^{0}$C. Максималната температура изнесува 41 $^{0}$C, минималната -21 $^{0}$C.

<u>Хидрографска мрежа</u>
Хидрографските особености на територијата на општина Радовиш, се разновидни и се среќаваат повеќе хидрографски објекти, од кои најзначални се: водотеците,подземните води, изворите и хидројаловиштето Тополница. Хидрографската мрежа на општина Радовиш,
припаѓа кон два речни слива и тоа на реките Струмица и Брегалница.
Во речниот слив Струмица се влеваат реките: Радовишка, Ораовичка и Плаваја.
Во Брегалничкиот слив се влева Маденска река, преку Крива Лакавица.

Според правецот на течење тие се сосема спротивни.Од сливот на Струмица течата кон југ и југоисток, од сливот на Брегалница течат кон северозапад.
Изворите на трите главни водотеци Радовишка Река,Ораовичка Река и Плавaја се наоѓаат во високите делови на планината Плачковица.
Радовишка Река се формира од три извори на надморска височина од над 1400 метри, должината и е 18,5 км. има највисок просечен пад од сите водотеци во општината.
Ораовичка Река извира во месноста Џумаја, на надморска височина од 1380 метри, долга е 18 км. се влева во Радовишка Река. Плавaја во горниот тек го носи името Смиланска Река, извира на надморска височина од 1432 метри, долга е 26,7 км. се влева во Радовишка Река.

Најголемо сливно подрачје има Плавaја од 140 $м^2$ , потоа Ораовишка Река со 51 $км^2$ и Радовишка Река со 50,8 $км^2$. Сите овие реки во текот на цела година главно имаат проток на
вода, но поради големиот пад во надолжен профил на коритата имаат и пороен карактер, повремено носат големи количини наносен материјал. Водостоите на овие реки се највисоки во Март и Април, како последица на топењето на снег и пролетните врнежи од дожд. Од Јуни до Октомври водостојот на реките перманентно се намалува, како последица од сушните лета и високите температури.
Во Брегалничкиот сливен систем, преку реката Крива Лакавица се влева Маденска Река, која извира во Дамјанско Поле, во неа се влеваат водите од околните места Бучим, Дамјан и хидројаловиштето Тополница.

Број и големина на населбите
На подрачјето на општина Радовиш, се регистрирани 22 населени места со вкупен број на жители од
24 122, од кои во град Радовиш живеат 14 460 жители. По населените места според последниот попис од 2021 година ,бројот на жители е следниот :

| Ред. Бр. | Населено место | Број на население | Ред. Бр. | Населено место | Број на население |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Раклиш | 559 | 12. | Ињево | 1139 |
| 2. | Калаузлија | 351 | 13. | Дамјан | 175 |
| 3. | Ораовица | 1103 | 14. | Бучим | 400 |
| 4. | Подареш | 1260 | 15. | Тополница | 414 |
| 5. | Смиланци | 11 | 16. | Прналија | 153 |
| 6. | Јаргулица | 628 | 17. | Супурге | 56 |
| 7. | Покрајчево | 319 | 18. | Коџалија | 569 |
| 8. | Злеово | 683 | 19. | Али Коч | 393 |
| 9. | Калугерица | 651 | 20. | Штурово | 6 |
| 10. | Сулдурци | 195 | 21. | Козбунар | 3 |
| 11. | Воиславци | 592 | 22. | Шипковица | 2 |

Вид и количина на атмосферски врнежи
Количините на врнежи во регионот на општина Радовиш, се добиени од податоци на две дождомерни станици, Радовиш на к.380 м. и Новосело к.860 метри. Во котлинскиот дел на општината средно годишно наврнува околу 562 мм дожд, во планинскиот дел околу 1292 мм. Најмалку врнежи паѓаат во месеците Август и Септември, во котлините просечно по 22 мм, а на високите места 54 мм. Најмногу врнежи паѓаат во месец Ноември, во котлините 66 мм
и на високите места 171 мм. Според годишните времиња, најмногу врнежи има зимските месеци со 157 мм, проле и есен со 150 мм, најмалку врнежи има налето 106 мм. Снежните врнежи како и дождот, повеке се застапени на високите планински подрачја. Во рамничарскиот дел, средногодишната

вредност во периодот Ноември-Март е 13,1 ден со снег. Најмногу врнежи од снег во рамничарскиот дел има во месец Јануари, просечно 4,6 дена, најмалку во ноември 0,2 дена. Во високите подрачја од општината снежниот покрив трае подолго и има далеку поголем број на денови под снег. Средногодишната влажност на воздухот изнесува 72%. Во топлите летни месеци влажноста на воздухот е околу 60%, во зимските месеци Ноември-Февруари се движи од 80-85%.
Појавувањето на магла и слана во регионот на општината е во ист период од годината од Октомври – Април, со просечни 11,3 дена со магла и 10,3 дена со слана.
Благодарение на заемното дејство на главните климатски фактори: високите температури, мали и нерамномерно распоредени врнежи во годината, ветрови со голема честина и прилична брзина и факторот суша овде е мошне присутен. Сушата особено е потенцирана во средината и при крајот на вегетацискиот период Јуни-Септември.

**2. Процена на загрозеност на подрачјето на општината од пожари**

На подрачјето на општина Радовиш, постојат големи можности за појава на пожари, во урбаните средини, отворен простор и нивно брзо проширување.
Во урбаните средини, градот и населените места најчесто се опожарени станбени објекти, помошни објекти и призводствени погони.
Пожарите на отворено претежно зафаќаат шумски комплекси, површини со ниски деградирани растенија и земјоделски површини, овие пожари се најбројни.
Според податоците од ТППЕ Радовиш за извршени интервенции, во периодот Јануари – Октомври 2023 година, регистрирани се вкупно 165 пожари, од кои 74 во урбани средини и
91 пожар на отворен простор, при што е причинета материјална штета.
Најголем дел од пожарите на отворен простор, ова година настануваат на земјоделските површини, при што се палат стрништа и сува трева, со што се нанесува штета на земјоделски посеви, овоштарство и лозарство.
Долгорочните последици од пожарите се уништување на животната средина и зголемување на ерозијата, која пак има големо влијание и последици во случај на поројни врнежи.
Најголем дел од пожарите се предизвикани од луѓето, со нивно несоодветно однесување и негрижа при престојот на отворено и во шумски комплекси, особено сточари, излетници, кампери, дрвокрадци, ловци, собирачи на шумски растенија и плодови.
Други случаи на предизвикување на пожар се: невнимание, удар на гром и слично.
Зачестена е појавата на намерно предизвикување пожари, при што и оваа година, донесена е одлука на Влада за делумна забрана за движење на населението во шумски предели, во летниот период на преовладување на екстремни високи температури.
Подрачјето на Радовиш беше во задоволителна состојба во однос на појава на пожари, меѓутоа во иднина треба да се превенира и контролира од страна на надлежните институции според законските одредби.
Градот и населените места во општината, поради несоодветно спроведените урбанистички мерки за заштита (неправилен распоред на објектите, недоволно меѓусебно растојание на објектите осетливи на пожар) како и голем број на топлотни извори, претставуваат погоден терен за настанување на пожари. Карактеристични примери за непосредни причинители на пожар се: неисчистени и оштетени димоводи, дотраена електрична и плинска инсталација, нестручно користење на лесно запаливи средства и материјали и др.
Изградбата на станбените згради и друг вид на објекти без пропишаните урбанистичко-технички мерки за заштита од пожар, ја отежнуваат интервенцијата на силите за гасење на пожари и создаваат можност за

брзо ширење на пожарот, секогаш со катастрофални последици. Врз обемот на последиците битно влијае и недостигот на доволно вода за гасење и пристапноста до опожарените објекти (проодност на улиците и патиштата). Опасноста од пожар дополнително е зголемена со постоењето на големи количини на лесно запаливи средства и материи во населените места (бензински пумпи, резервоари со гориво за греење, погонско гориво) и др.

**3.Заштита и спасување од пожари**

Превентивни мерки за заштита од пожари
Во делот на превентивни мерки за заштита од пожари ,се вршат работни средби со РЦУК п.о.Радовиш, Дирекција за заштита и спасување п.о.Радовиш,ОВР Радовиш, Министеррството за земјоделие,шумарство,водостопанство п.о.Радовиш,јавните претпријатија и други субјекти,преку кои се разгледуваат и договараат посебни и заеднички активности на секој од напред наведените субјекти,во рамки на законските овластувања. Редовно се упатуват апели до граѓаните на нашиот веб портал и локален медиум, насочени кон зголемување на претпазливоста од употреба на запаливи и лесно запаливи средства,посебно во објекти во кој с епроизведуват,преработуват,складираат и користат лесно запаливи средства,забрана за употреба на таков вид на средства,контролирано движење на луѓето низ шумите, предупредување за забрана за палење на оган и запознавање со казнените мерки кои ќе им бидат изречени на утврдените предизвикувачи на пожар.
Се изработува програма во рамки на областа Заштита и спасување,во која се наведуват мерките и средствата кои општина Радовиш ќе ги преземе заедно со финансиска вредност, за одржување,дополнување на опрема,човечки ресурси и сл.
Исто така,потребно е постојано одржување на сообраќајниците (шумски патишта) кои се најчесто непроодни во ридско-планинскиот дел од општината,заради интевенирањево случај на шумски пожар.

Оперативни мерки за заштита од пожари
Имајќи предвид дека противпожарната заштита во урбаните средини е во надлежност на општина Радовиш, најголем дел од прашањата околу оваа проблематика ги решаваат Градоначалникот и Советот на општината.

Оперативни мерки за заштита и спасување од пожари се:
-организирање и подготовки на силите за гасење на пожар ;
-организација на набљудување и известување за појава на пожар ;
-гасење и локализирање на пожари ;
-спасување на луѓе, материјални и други добра од објектите и подрачјата загрозени од пожар.

Преглед на потенцијални зони
Сите подолу наведени објекти се потенцијални зони за настанување на пожари.
Магацините и складовите на стопанските, воените и други институции, кои се потенцијални извори на пожар на подрачјето на општина Радовиш, во нај голем број се лоцирани на територијата на град Радовиш, останатите се на поширокото подрачје на општината
(Прилог бр.1 -Карта на магацини и складови на стопански и други објекти во градот и Прилог бр.2 -Карта на општина Радовиш со обележани магацини и складови).
Магацини, складови, стопански, воени и други институции, запаливи објекти и слично,
лоцирани на подрачјето на град Радовиш се:
Бензински пумпи Лук Оил, Макпетрол, Јован петрол,Ресторант „Маг-мар”, Објекти на „Јака Табак”, „Еуро дом Проект”-изработка на мебел, Ресторан „Леона-Лукс”,Хотел„Дајмон”,Месна индустрија„6 ти Ноември”,Објекти на АД„, Јака 80”, Пекара „Давид” и магацински простор, „Супер хит”-изработка на текстилни производи, „Тргоинжинеринг”-производство на конзервиран зеленчук, Винарска визба,

„Тип-Топ "-работилница и склад за лепење на гуми,складишта на отпаден материјал, погон за производство на ПВЦ материјали и складиште „Интерпласт" и „Ролопласт",Погони за преработка на дрво, Погон за текстилни производи„Штипко",„Маркос" и „Конели", поранешен „Декортекс", Хотел „Панорама", ЈП „Плаваја", Комплекс занаетчиски работилници, Скалдиште на дрво-ЈП „Национални Шуми"подр.Плачковица, Складишта на градежни материјали, Автобуска станица,поранешен „Голдмак", зграда на Општина Радовиш, СРЦ „25 Мај", основни училишта, детски градинки, знаетчиски работилници Шкорпион, Основен суд, ЈЗУ Здравствен дом,Центар за социјални работи, Стопанска банка,зграда на поранешен факултет, Центар за култура„Ацо Караманов", Старо собрание, ПТТ Радовиш, Црква„св.Илија",џамии,поранешна касарна со објектите во непосредна близина, магацини, складови, стопански, воени и други институции, запаливи објекти и слично. Места кои се лоцирани на останатиот дел на подрачјето на општина Радовиш се: „Дамјан Пласт", погон за производство на експлозив „Детонит", Рудник „Бучим", Ладилник земјоделско стопанство „Благој Туфанов", бензинска пумпа „Еуропетрол" с.Калугерица, склад „Индијана" –с.Калугерица, Склад за билки и растенија „Флорес",„Флутинг мак"-с.Раклиш,Склад за печурки „Фунги Флора", с.Дамјан-основно училиште и Дом на културата, с.Погулево-црква, с.Ињево-основно училиште, Дом на културата, занаетчиски и производствени погони, црква и манстирски објекти лоцирани во околината на селото, с.Воиславци-основно училиште, црква и манастирски објекти во околината на селото,с.Сулдурци-основно училиште и црква,

с.Калугерица-основно училиште, Дом на културат, црква и џамија, с.Злеово-основно училиште, дом на културата и црква,с.Покрајчево-основно училиште, црква и манастирски објекти во околината на селото, с.Јаргулица-основно училиште, Дом на културата и црква, с.Подареш-основно училиште, Дом на културата, црква и манастирски објекти во околината на селото, с.Смиланци-основно училиште и црква,с. Ораовица-основно училиште, Дом на културата, црква, манстирски објекти во околината на селото,с.Раклиш-основно училиште, црква, погон за преработка и складирање на дрвен материјал,с.Калаузлија-основно училиште и џамија, с.Али Коч- основно училиште и џамија,с.Коџалија- џамија,с.Прналија-основно училиште и џамија,с.Тополница-основно училиште и џамија, с.Бучим - основно училиште и џамија. Во сите напред наведени населени места има приватни складови и магацини на сточна храна, која влегува во групата на лесно запаливи објекти.

Според Законот за заштита и спасување, покрај органите на државната управа и ЕЛС, должни се да формираат сили и организираат заштита и спасување и јавните претпријатија, трговски друштва и др. Шумите во општината спаѓаат во категоријата на средно отворени шуми со сообраќајници. Вкупните шумски комплекси на подрачјето на општината се застапени на околу 33000 ха. Во планинскиот дел застапена е претежно висока стеблеста шума, нај доминантни се: даб, бука,четинари и други лисјари. Непошумените делови од планините-пасиштата богати се со разновиден растителен свет: високи треви,папрат,грмушки и др. Овој тип на шумска вегетација застапен е од 500 м.н.в. до над 1700 м.н.в. а се протега северозападно од с. Бучим-северно и источно по Плачковичкиот масив до с.Злеово и на запад од с.Папавница до с.Погулево.На ридските површини до 500 м.н.в. застапени се деградирани листопадни шуми: даб, габер и сл. Од останатиот растителен свет, застапени се смреката и други грмушки, како и разни видови на трева.Овој тип на вегетација на подрачјето на општината е застапен во подножието на шумската вегетација и се протега во ист правец како и шумската вегетација.За жал на подрачјето на

општината посебно за заштита од пожари, организирана формација има само ЈП „Национални Шуми"–подружница „Плачковица" Радовиш. Набљудувањето посебно известувањето, за појава на пожар е обврска на секој граѓанин, вработените во шумските стопанства, шумската полиција, полицијата, земјоделските стопанства, ловното друштво и др. особено во време на вонредни околности (долготрајни суши и екстремно високи температури), начинот и местата на пријавување на пожар се дел од известувањата и соопштенијата.

На подрачјето на општина Радовиш, дејствува една професионална ТППЕ , која го покрива и подрачјето на општина Конче, недоволно опремена и обезбедена со доволно техничко-материјални средства и опрема ,согласно важечките стандарди.

Спорд старосната структура на пожарникарите, просечната старост е 45 години. Последните години пожарникарскиот состав се пополнува со релативно помлади извршители. Вкупниот персонален состав брои 19 извршители**.**

Во однос на техничката опременост, посебно на возниот парк, ТППЕ Радовиш располага со стари и амортизирани возила постари од 30 години, честопати со сомнителна техничка исправност, што битно влијае на ефикасноста и безбедносната употреба на истите.

Потребно е да се планираат средства за обнова или преку меѓународна соработка и донации, да се обезбедат финансиски средства за возниот парк, истот така изградба на нов објект за ППЗ според закон,со сите пропишани пратечки објекти: гаражи, простории за вежби и обука, магацински простор за чување на ПП опрема.

Дополнувањето на опремата која е неопходна, продолжува тековно, согласно финансиски средства определени од буџетот на општината, преку програма и извршена јавна набавка, но и преку соработка со ЕУ фондовите.

ТППЕ освен коплет униформи за лична противпожарна заштита наменета за шумски пожари добиени како дел од техничка опрема, во рамките на проектот „Прекугранична соработка во справување со шумски пожари", финансиран од ЕУ и Интеррег ИПА Програмата за прекугранична соработка со Македонија и Бугарија и одржани 3 дводневни специјализирани обуки во Банско,Република Бугарија,од страна на сертифицирани меѓународни обучувачи, по

извршена јавна набавка, доби висококвалитетни рачни радиостаници (Motorola), со што се подобрува координираност меѓу пожарникарите во текот на нивните активности.

Преку Канцеларијата за одбрамбена соработка при Амбасадата на САД во Скопје за потребите на ТППЕ добивме донација од : ПП шлемови, ПП гумени чизми, сет алати, балаклави,
огноотпорни одела (скафандер),носачи на белодробен апарат со комплет маска .

Тоа е само еден дел од донација реализирана по барање, на неколку противпожарни единици, со цел подобрување на условите за работа при секојдневни интервенции на ТППЕ.

Во рамките на проектот „Рано откривање на пожарите и нивно движење за превенција и справување со катастрофи – eFIDAR" имплементиран од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, а финансиран од страна на Европската Унија преку Интеррег ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Грција и Македонија,ТППЕ Радовиш доби дрон со термална камера за рано откривање на шумски пожари, со обука за употреба на истиот, со цел подобрување на условите за работа на единицата преку модернизација, со користење на бенефициите од ЕУ фондовите по аплициран проект.

Гасењето на урбаните пожари е во надлежност на ТППЕ, меѓутоа учествува и во гасење на пожари на отворен простор (шумски и земјоделски површини).
Ако ТППЕ не може сама да го изгасне и локализира пожарот, командирот или лицето кое раководи со гасењето на пожарот ќе побара помош од соседните ПП единици. Во случај на пожар од поголем обем, Градоначалникот донесува Одлука за ангажирање на просторните сили за заштита и спасување (доколку се во функција), републичките сили ,може преку јавен повик да ги повика граѓаните постари од 18 години да учествуваат во гасењето на пожарот или пак ако пожарот е од големи размери, со Наредба им наредува на граѓаните и правните лица да ги стават на располагање своите средства, опрема и вработени. Во спасувањето на луѓе, материјални и други добра од објектите и подрачјата загрозени од пожар ќе се употребат расположиви ресурси. Потенцијални и персонални ресурси претставуваат и лицата ангажирани за изведување на јавни работи, со вклучување и на останатите надлежни субјекти од подрачјето на општината: Дирекцијата за заштита и спасување п.о Радовиш, Центарот за управување со кризи п.о. Радовиш, ОВР Радовиш, Здравствен дом и други, а во рамките на обврските предвидени со Закон за заштита и спасување.

**Материјални ресурси кој можат да бидат вклучени во случај на пожари се следните:**

**Општина Радовиш**

| Ред. број | Возила | | Камиони кипери/цистерни | Градежна механизација | Други средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | теренски | патнички | | | |
| 1. | 2 | 3 | ./. | ./. | ./. |
| | 1- Стеед 6 Греат Њалл<br>1-Lada Niva | 2-Citroen C-Elysee<br>1- Opel Astra G CC 1.4 | | | |

**ТППЕ Радовиш**

| Ред. број | Возила | | Камиони цистерни | Градежна механизација | Други средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | теренски | патнички | | | |
| 1. | 1 | ./. | 4 | ./. | |
| 2. | 1- Греат Њалл Стеед 5 | | 1- Противпожарно возило Scania Vabis 208 ico<br><br>1- Противпожарно возило Volvo<br><br>2- Противпожарно возило FAP 13/14 | | 4-ПП гребули<br>11-Грбни прскалки<br>3- ПП гребла<br>5- Вила<br>1 - преносен ПП апарат S-250<br>3-Лопати |

**ЈП „Плаваја„-Радовиш**

| Ред. број | Возила | | Камиони Цистерни/кипери | Градежна механизација | Други средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | теренски | патнички | | | |
| 1. | 2- Lada Niva 4x4 | | 2 -Специјално возило -цистерна | 1- Булдожер TG 80 | 1- Потопна пумпа за испумпување вода |
| 2. | | 3- FIAT Doblo | 1 TAM 80T 50 E3.2 | 1 Ровокопач UNKNAUF 770 | |
| 3. | | 1 ТАМ патар | 2 –камион кипер MERCEDES 1213 од 4 $м^3$ | 1 - Ровокопач-Универзален JCB | |
| 4. | | 1-FIAT Ducato | 2 -Трактор IMT со циклон | | |
| 5. | | | 1-Трактор кипер со плуг за чистење на снег и соларка за посипување на сол | | |

Број 08-1805/2
Дата 18.12.2023 година
Радовиш

Совет на Општина Радовиш
Претседател
Моника Трајанова

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на XL седница одржана на 18.12.2023 година, донесе

О Д Л У К А
за усвојување на Општински оперативен план за заштита од пожари за 2024 година во општин Радовиш

член 1

Се усвојува Општински оперативен план за заштита од пожари за 2024 година во општина Радовиш.

член 2

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1805/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 18.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за усвојување на Општински оперативен план за заштита од снег и снежни намети за 2024 година во општина Радовиш и Општински оперативен план за заштита од снег и снежни намети за 2024 година во општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам одлуката за усвојување на Општински оперативен план за заштита од снег и снежни намети за 2024 година во општина Радовиш бр.08-1806/1 и Општински оперативен план за заштита од снег и снежни намети за 2024 година во општина Радовиш бр.08-1806/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 18.12.2023 година.

Број 09-1806/3 Градоначалник
Дата 19.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

**ОПШТИНСКИ ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ЗАШТИТА ОД СНЕГ И СНЕЖНИ НАМЕТИ ЗА 2024 ГОДИНА**

**РАДОВИШ**




**С О Д Р Ж И Н А:**

**1.Општи карактеристики на подрачјето на општина Радовиш:**

-Географска положба и големина на подрачјето на општината
-Рељеф и пошуменост,
-Климатски услови,
-Хидрографска мрежа,
-Број и големина на населбите
-Вид и количина на атмосферски врнежи

**2.Процена на загрозеност на подрачјето на општината од снег и снежни намети**

**3.Заштита и спасување од снег и снежни намети:**

-Превентивни мерки за заштита од снег и снежни намети,
-Оперативни мерки за заштита и спасување од снег и снежни намети.
-Расположиви ресурси за спречување и отстранување на последиците од снег и снежни намети.

**1.Општи карактеристики на подрачјето на општина Радовиш:**
Географска положба и големина на подрачјето на општината

-Назив на општината --------------------------Општина Радовиш

-Површина---------------------------------------------608 км$^2$

-Број на жители-------------------------------------- 24 122

-Број на населени места------------------------------23

-Густина на населеност------------------------------39,6 ж.км$^2$

Општина Радовиш е лоцирана во југоисточниот дел на територијата на Република Македонија.Територијата на регионот се простира меѓу планинскиот масив на север и североисток со Плачковица, на југ и југоисток со Струмичко поле, запад и југозапад со пл.Смрдеш и северозапад со клисурата на Маденска река.
Радовишка општина има мошне поволна географска положба,која е условена од просторно-рељефните погодниси и сообраќајните врски и можности.
Конфигурацијата на земјиштето на оваа подрачје повеке е ридско-планинско со еден дел од рамничарски обработливи површини.
Надморската височина на регионот се движи од 260 м.н.в. по течението на Радовишка река до 1707 м.н.в. на врвот Бел Камен на пл. Плачковица. Радовиш се наоѓа на 370 м.н.в.
Релјеф и пошуменост
Релјефот на подрачјето на општина Радовиш, го карактеризираат три важни елементи: Ридско-планински, котлински и речни долини.
Најголем дел од ридско-планинскиот рељев го зазема масивот на планината Плачковица, со највисок врв Лисец од 1754 м. Највисок врв на територијата на општината е Бел Камен со 1707 метри, други повисоки врвови се: Црквиште 1676 м., Влашки колиби 1607 м., Џамија 1569 м.,Асанлија 1550 м. и др. Од овие височини како сртови, теренот се спушта кон Радовишко Поле. Сртовите се расчленети со помали водотеци или суводолици, нивната висина се намалува со доближувањето до полето. Сртови се формирани помеѓу Тополничка и Радовишка Река од кои највисок е Јајла со 1137 м. помеѓу Радовишка и Ораовичка Река се сртовите: Ајдудаш со 1445 м. ,Бургас 965 м. и Бујрук Бурин 720 м.помеѓу долините на Ораовичка Река и Плаваја се сртовите: Изведен 1332 м.,Чуј Петел 1324 м и помеѓу Плаваја и Нивичанска река се сртовите на Стар и Млад Готен со на 1400 м.н.в.Северниот и источниот дел од општината го сочинуваат јужните и источните делови од Плачковичкиот масив,западниот дел го зазема планината Смрдеш, која ја одделува Радовишката од Криволакавичката котлина. На оваа планина нема врвови од над 1000 метри, највисок врв е Краста со 951 м.н.в.На подрачјето на општината се карактеристични две котлини: Радовишката и Дамјанската.
Радовишката котлина гравитира по течението на Радовишка Река, кон југоисток, со надморска височина од 260 до 350 метри. Дамјанската котлина се наоѓа на северозапад и гравитира по течението на Маденска река, со надморска височина од 440 до 480 метри. Речните долини како трет елемент од рељефот на општина Радовиш, ја формираат хидрографската мрежа на оваа подрачје.Главни речни долини се долините на Радовишка Река, Ораовичка Река и Плаваја. Долините на овие реки, чии извори се на планината Плачковица, во најголем дел се тесни клисури со голем пад. Спуштајки се кон полето, долините се шират и под влијание на наносниот материјал формирани се пространи и широки плавни површини. Покрај реките на подрачјето на општината се формирани и вододерини, суводолици, поројни водотеци и др.Ерозивни процеси на територијата на општина Радовиш,
се присутни на голем дел од подрачјето, но, особено се изразени во околината на с.Калугерица, со површина од околу 13,5 ха, во околината на с.Подареш, како и блиската околина на градот.

Под влијание на човечкиот фактор, преку непланско сечење и уништување на шумите, зголемување на обработливи површини и

пасишта, реално е да се очекува зголемување на ерозивните подрачја.Шумите во општината спаѓаат во категоријата на отворени шуми со сообраќајници. Во ридско планинскиот дел заради рељефните и климатските карактеристики, најголем дел од површините се под шума. Во планинскиот дел застапена е претежно високостеблеста шума, најдоминантни се: даб, бука,четинари и други лисјари. Непошумените делови од планините се пасишта, богати со разновиден растителен свет: високи треви, папрат, грмушки и др.На ридските површини до 500 м.н.в. застапени се нискостеблени деградирани шуми (даб и габер), грмушки (смрека, трн) и трева.Вкупните шумски комплекси на подрачјето на општина Радовиш, се застапени на површина од околу 33000 ха.Во рамничарскиот дел се издвојуваат два типа на почви: неразвиени и развиени.Неразвиените почви се со наносно потекло и заземаат пространства околу коритата на водотеците, најмногу ги има по течението на Радовишка Река, Ораовичка и Плаваја. Значењето за земјоделието на овој тип на почви во општината е мошне големо и се одликува со највисока производствена вредност.Развиените почви на подрачјето на општината се црвениците и смолниците, кој зафаќаат големи пространства и тоа помеѓу Раклиш-Ораовица – Подареш - Злеово и покрај патот за Штип. Овие почви имаат значајна улога во земјоделието.

Климатски услови

Радовишкиот регион е под влијание на умерено континентална клима. Заради изразената висинска разлика, одделни климатски елементи варираат меѓу изменета медитеранска клима во полето и планинска клима на планините.Што се однесува до ружата на ветровите, нашето подрачје спаѓа во мошне ветровитите подрачја во републиката. Заради место положбата што ја зазема градот Радовиш во однос на останатиот дел од општината е мошне заштитен од дејството на повеке ветрови. Преовладуваат ветрови од западен, северозападен и источен правец. Најголема честина има западниот ветер, кој главно е зимски ветер, но е присутен и во останатиот период од годината, со просечна брзина од 4,8 м/сек. или максимална вредност од 22,5 м/сек. Вториот по честина е северозападниот ветер, кој е присутен преку цела година, со просечна брзина од 4,8 м/сек или максимална брзина од 30,5 м/сек. и источниот ветер , со просечна брзина од 2,6 м/сек или со максимална брзина од 22,5 м/сек. Просечните годишни температури во рамничарскиот дел се движат до $13^0$C, на највисокиste планински масиви до $7,5^0$C. Најтопли месеци во годината се Јули и Август со просечна температура од $23^0$C, најстуден е месец Јануари со $1,2^0$C. Максималната температура изнесува $41^0$C, минималната $-21^0$C.

Хидрографска мрежа

Хидрографските особености на територијата на општина Радовиш, се разновидни и се среќаваат повеќе хидрографски објекти, од кои најзначајни се: водотеците,подземните води, изворите и хидројаловиштето Тополница. Хидрографската мрежа на општина Радовиш, припаѓа кон два речни слива и тоа на реките Струмица и Брегалница.

Во речниот слив Струмица се влеваат реките: Радовишка, Ораовичка и Плаваја.

Во Брегалничкиот слив се влева Маденска река, преку Крива Лакавица.

Според правецот на течење тие се сосема спротивни.Од сливот на Струмица течат кон југ и југоисток, од сливот на Брегалница течат кон северозапад.

Изворите на трите главни водотеци Радовишка Река,Ораовичка Река и Плаваја се наоѓаат во високите делови на планината Плачковица.

Радовишка Река се формира од три извори на надморска височина од над 1400 метри, должината и е 18,5 км. има највисок просечен пад од сите водотеци во општината.Ораовичка Река извира во месноста Џумаја, на надморска височина од 1380 метри, долга е 18 км.се влева во Радовишка Река.Плаваја во горниот тек го носи името Смиљанска Река, извира на надморска височина од 1432 метри, долга е 26,7 км. се влева во Радовишка Река.

Најголемо сливно подрачје има Плаваја од 140 км$^2$, потоа Ораовичка Река со 51km$^2$ и Радовишка Река со 50,8 km$^2$. Сите овие реки во текот на цела година главно имаат проток на вода, но поради големиот пад во надолжен профил на коритата имаат и пороен
карактер, повремено носат големи количини наносен материјал.

Водостоите на овие реки се највисоки во Март и Април, како последица на топењето на снег и пролетните врнежи од дожд. Од Јуни до Октомври водостојот на реките перманентно се намалува, како последица од сушните лета и високите температури.
Во Брегалничкиот сливен систем, преку реката Крива Лакавица се влева Маденска Река, која извира во Дамјанско Поле, во неа се влеваат водите од околните места Бучим, Дамјан и хидројаловиштето Тополница.

<u>Број и големина на населбите</u>
На подрачјето на општина Радовиш, се регистрирани 22 населени места со вкупен број на жители од 24 122, од кои во град Радовиш живеат 14 460 жители. По населените места според последниот попис од 2021 година ,бројот на жители е следниот :

| Ред. Бр. | Населено место | Број на население | Ред. Бр. | Населено место | Број на население |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Раклиш | 559 | 12. | Ињево | 1139 |
| 2. | Калаузлија | 351 | 13. | Дамјан | 175 |
| 3. | Ораовица | 1103 | 14. | Бучим | 400 |
| 4. | Подареш | 1260 | 15. | Тополница | 414 |
| 5. | Смиланци | 11 | 16. | Прналија | 153 |
| 6. | Јаргулица | 628 | 17. | Супурге | 56 |
| 7. | Покрајчево | 319 | 18. | Коџалија | 569 |
| 8. | Злеово | 683 | 19. | Аликоч | |
| 9. | Калугерица | 651 | 20. | Штурово | 6 |
| 10. | Сулдурци | 195 | 21. | Козбунар | 3 |
| 11. | Воисловци | 592 | 22. | Шипковица | 2 |

<u>Вид и количина на атмосферски врнежи</u>
Количините на врнежи во регионот на општина Радовиш, се добиени од податоци на две дождомерни станици, Радовиш на к.380 м. и Новосело к.860 метри. Во котлинскиот дел на општината средно годишно наврнува околу 562 мм дожд, во планинскиот дел околу 1292 мм. Најмалку врнежи паѓаат во месеците Август и Септември, во котлините просечно по 22 мм а на високите места 54 мм. Најмногу врнеши паѓаат во месец Ноември, во котлините 66 мм и на високите места 171 мм. Според годишните времиња, најмногу врнежи има зимските месеци со 157 мм, пролет и есен со 150 мм, најмалку врнежи има налето 106 мм. Снежните врнежи како и дождот, повеке се застапени на високите планински подрачја. Во рамничарскиот дел, средногодишната вредност во периодот Ноември-Март е 13,1 ден со снег.
Најмногу врнежи од снег во рамничарскиот дел има во месец Јануари,просечно просечно 4,6 дена, најмалку во ноември 0,2 дена. Во високите подрачја од општината снежниот покрив трае подолго и има далеку поголем број на денови под снег.
Средногодишната влажност на воздухот изнесува 72%. Во топлите летни месеци влажноста на воздухот е околу 60%, во зимските месеци Ноември-Февруари се движи од 80-85%.Појавувањето на магла и слана во регионот на општината е во ист период од годината од Октомври – Април, со просечни 11,3 дена со магла и 10,3 дена со слана. Благодарение на заемното дејство на главните климатски фактори: високите температури, мали и нерамномерно распоредени врнежи во годината, ветрови со голема честина и прилична брзина и факторот суша овде е мошне присутен. Сушата особено е потенцирана во средината

и при крајот на вегетацискиот период Јуни-Септември.

**2.Процена на загрозеност на подрачјето од снег и снежни намети**

Снежните намети и луњите, како природни метереолошки појави, во одредени периоди во годината, предизвикуваат различни пореметувања во секојдневното живеење на подрачјето на општината. Овие природни непогоди честопати предизвикуваат физичко оштетување на преносните електрични водови и мрежа, надземните ТТ водови, со што предизвикуваат времени прекини на нивната функција.

Според статистичките податоци за просечен број на денови со снежна покривка во низинскиот дел, општина Радовиш спаѓа во групата каде снежната покривка поголема од 1 см се движи до 10 дена во годината (Радовиш 13), додека во планинските области снежната покривка е поголема и се задржува многу повеќе време. Најмногу врнежи од снег има во месеците декември, јануари и февруари.
За општина Радовиш карактеристично е во време на снежни врнежи пропратени со многу ниски температури, да дојде до прекин или отежнато одвивање на сообраќајот на патните правци: М-4 Штип-Радовиш-Струмица, Радовиш-Конче,Радовиш - пл.Плачковица
со населените места Штурово,Козбунар и Смиланци. Иако во градот и голем дел од населените места, снежната покривка не се задржува подолг временски период, сепак има исклучоци кога после снежните врнежи доаѓа до појава на ниски температури честопати повеке од -5 степени, локалните патишта и улици во градот и населените места се покриени со заледен снег и мраз.Последици од ниските температури се: загрозеност од повреди на граѓаните при движење по заледените улици и тротоари, застој или отежнато одвивање на сообраќајот, отежнато снабдување на граѓаните со животни намирници, огрев, храна за стоката, штети во земјоделието, стопанството и др. Според податоците и сознанијата од изминатиот период на подрачјето на општината од снежни намети, смрзнат дожд и луњи најзагрозен е далноводот 110-ка ТС Дуброво,ТС Бучим и електричниот вод Радовиш-пл.Плачковица-Смиланци. На подрачјето на општината досега нема регистрирано појава на лавини.Луњите како природна појава обично се изразени во период од месеците Мај-Септември, во последните години ги има и во преостанатите месеци од годината. Оваа појава предизвикува штети во земјоделието и други стопански гранки.

**3.Заштита и спасување од снег и снежни намети**

<u>Превентивни мерки за заштита и спасување од снег и снежни намети:</u>
-Обезбедување на потребни персонални и материјални ресурси.
-Организирање и спроведување едукација, обука и вежби на просторните сили за заштита и спасување
-Склучување на договори утврдени со Закон за расчистување на последици од природни непогоди и други несреќи.

<u>Оперативни мерки за заштита и спасување од снег и снежни намети:</u>
-Следење и известување за промените на количината на снегот и снежните намети.
-Воспоставување и активирање на системот за врски.
-Насочување и координирање на самозаштитните активности на населението.
-Евакуација на населението и материјалните добра од загрозените подрачја.
-Чистење на снегот од локалните патишта, улиците, тротоарите и транспортирање.
-Снабдување на загрозеното население.

Носител на организацијата и активностите за спроведување на превентивните и оперативните мерки за заштита и спасување

од снег и снежни намети е Општина Радовиш.
Чистењето и одржувањето на локалната патна мрежа, при снежни намети е во надлежност на Секторот за урбанизам,комунални работи,заштита на животна средина и Локален економски развој при Општина Радовиш со утврдени човечки и материјални ресурси, односно обезбедување на доволни количини на сол и ризла во координација со ЈП„Плаваја" како извршител на зимско одржување на патната инфраструктура во Општина Радовиш, по претходно склучен Договор за одржување на улици и локални патишта во зимски услови.

Според добиени податоци од Секторот за урбанизам ,за посипување на улиците за време на снежни намети, располагаме со 30 тони индустриска сол и 25 тона ризла.
Во случај на појава на екстремно ниски температури и снег, во санирањето на последици од состојбата, за соработка при справување со ризици од настанување на природни несреќи и катастрофи на подрачјето на општината и граѓаните според Законот за заштита и спасување, освен со ЈП „Плаваја", имаме склучено договор со рудникот „Бучим " Радовиш за вклучување на нивни ресурси.
Приоритет во отстранувањето на последиците од снегот и снежните намети ќе имаат отсечените населени места. Во градот и населените места ке се обезбедат минимално потребни услови за одвивање на секаков вид на сообраќај по главните улици (Прилог: карта на улична мрежа на Радовиш).
Во време на снег и снежни намети дел од улиците: бул.А.Македонски - Илија Алексов и Калаузлиска ги одржува Македонија пат, како делови од регионални патни правци.
За минимум функционирање на сообраќајот во градот за време на зимски услови, приоритет на чистење имаат секогаш главните улици: Кеј 8 Септември,22 ри Октомври, Плачковица,Гоце Делчев,Партизанска,Први Мај,Илинденска,Св. Спасо Радовишки, Блаже Конески и преостанатите делови на бул. А.Македонски и Илија Алексов.
Потоа ќе се чистат сите преостанати улици кои се поврзани со главните улици.
Според Законот за јавна чистота (Бр.111/08), граѓаните се должни сами да го отстранат снегот пред станбените и деловните објекти, во нивна сопственост.
Снабдувањето на загрозеното население со храна, огрев, вода за пиење,хигиенски средства, здравствена заштита ги обезбедува општината преку сопствени средства, хуманитарна помош и др.

-<u>Расположиви ресурси за спречување и отстранување на последиците од снег и снежни намети.</u>
За спречување, намалување и отстранување на последиците од снег и снежни намети и секаков друг вид на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на општината, општина Радовиш врз основа на постоечката законска регулатива, презема низа мерки и активности: постојани контакти со Дирекцијата за заштита и спасување п.о. Радовиш, РЦУК Радовиш, МВР-ПС Радовиш, јавни претпријатија, приватни претпријатија и др.Расположиви човечки ресурси за интервенција за време на снег и снежни намети , со кој располага општина Радовиш се: 19 припадници на ТППЕ Радовиш и од ЈП Плаваја за расчистување на наноси и за поправка на водоводна и канализациона мрежа - 16 лица.
Потенцијални и персонални ресурси претставуваат и лицата ангажирани за изведување на јавни работи од општината.

**Материјални ресурси кој можат да бидат вклучени во случај на снег и снежни намети се следните:**

**Општина Радовиш**

| Ред. број | Возила | | Камиони кипери/цистерни | Градежна механизација | Други средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | теренски | патнички | | | |
| 1. | 1 | 3 | ./. | ./. | ./. |
| | 1- Стеед 6 Греат Њалл<br>1-Lada Niva | 2-Citroen C-Elysee<br>1- Opel Astra G CC 1.4 | | | |

**ТППЕ Радовиш**

| Ред. број | Возила | | Камиони цистерни | Градежна механизација | Други средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | теренски | патнички | | | |
| 1. | 1 | ./. | 4 | ./. | 2- Моторни пили<br>3-моторни пумпи |
| 2. | 1- Греат Њалл Стеед 5 | | 1- Противпожарно возило Scania Vabis 208 ico<br>1- Противпожарно возило Volvo<br>2- Противпожарно возило FAP 13/14 | | 4-ПП гребули<br>11-Грбни прскалки<br>3- ПП гребла<br>5- Вила<br>1 - преносен ПП апарат S-250<br>3-Лопати |

**ЈП „Плаваја„-Радовиш**

| Ред. број | Возила | | Камиони Цистерни/кипери | Градежна механизација | Други средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | теренски | патнички | | | |
| 1. | 2- Lada Niva 4x4 | | 2 -Специјално возило -цистерна | 1- Булдожер TG 80 | 1- Потопна пумпа за испумпување вода |
| 2. | | 3- FIAT Doblo | 1 TAM 80T 50 E3.2 | 1 Ровокопач UNKNAUF 770 | |
| 3. | | 1 TAM патар | 2 –камион кипер MERCEDES 1213 од 4 м$^3$ | 1 - Ровокопач-Универзален JCB | |
| 4. | | 1-FIAT Ducato | 2 -Трактор IMT со циклон | | |
| 5. | | | 1-Трактор кипер со плуг за чистење на снег и соларка за посипување на сол | | |

Број 08-1806/2
Дата 18.12.2023 година
Радовиш

Совет на Општина Радовиш
Претседател
Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на XL седница одржана на 18.12.2023 година, донесе

ОДЛУКА
за усвојување на Општински оперативен план за заштита од снег и снежни намети за 2024 година во општина Радовиш

член 1

Се усвојува Општински оперативен план за заштита од снег и снежни намети за 2024 година во општина Радовиш.

член 2

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1806/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 18.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
за прогласување и објавување на Одлука за усвојување на Општински оперативен план за заштита од поплави и уривање на високи брани за 2024 година во општина Радовиш и Општински оперативен план за заштита од поплави и уривање на високи брани за 2024 година во општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам одлуката за усвојување на Општински оперативен план за заштита од поплави и уривање на високи брани за 2024 година во општина Радовиш бр.08-1807/1 и Општински оперативен план за заштита од поплави и уривање на високи брани за 2024 година во општина Радовиш бр.08-1807/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 18.12.2023 година.

Број 09-1807/3 Градоначалник
Дата 19.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

**ОПШТИНСКИ ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ЗАШТИТА ОД ПОПЛАВИ И УРИВАЊЕ НА ВИСОКИ БРАНИ ЗА 2024 ГОДИНА**

**РАДОВИШ**




С О Д Р Ж И Н А:

**1.Општи карактеристики на подрачјето на општина Радовиш:**

-Географска положба и големина на подрачјето на општината

-Рељеф и пошуменост,

-Климатски услови,

-Хидрографска мрежа,

-Број и големина на населбите

-Вид и количина на атмосферски врнежи

-Водостопанство

**2.Процена на загрозеност на подрачјето на општината од поплави и уривање на високи брани**

**3.Заштита и спасување од поплави и уривање на високи брани:**

-Превентивни мерки за заштита од поплави и уривање на високи брани,
-Оперативни мерки за заштита од поплави и уривање на високи брани,
-Расположиви ресурси за спречување и отстранување на последиците од поплави и уривање на високи брани (персонални и материјални)

**1.Општи карактеристики на подрачјето на општина Радовиш:**

Географска положба и големина на подрачјето на општината

-Назив на општината ---------------------------- Општина Радовиш
-Површина------------------------------------------ 608 км$^2$
-Број на жители------------------------------------ 24.122
-Број на населени места--------------------------- 22
-Густина на населеност-------------------------- 39,6 ж.км$^2$

Општина Радовиш е лоцирана во југоисточниот дел на територијата на Република Македонија.Територијата на регионот се простира меѓу планинскиот масив на север и североисток со пл.Плачковица, на југ и југоисток со Струмичко поле, запад и југозапад со пл.Смрдеш и северозапад со клисурата на Маденска река.
Радовишка општина има мошне поволна географска положба,која е условена од просторно-рељефните погодниcти и сообраќајните врски и можности. Конфигурацијата на земјиштето на оваа подрачје повеке е ридско-планинско со еден дел од рамничарски обработливи површини. Надморската височина на регионот се движи од 260 м.н.в. по течението на Радовишка река до 1707 м.н.в. на врвот Бел Камен и пл. Плачковица. Радовиш се наоѓа на 370 м.н.в.

Рељеф и пошуменост

Рељефот на подрачјето на општина Радовиш, го карактеризираат три важни елементи: Ридско-планински, котлински и речни долини.
Најголем дел од ридско-планинскиот рељеф го зазема масивот на планината Плачковица, со највисок врв Лисец од 1754 м. Највисок врв на територијата на општината е Бел Камен со 1707 метри, други повисоки врвови се: Црквиште 1676 м. Влашки колиби 1607 м. Џамија 1569 м. Асанлија 1550 м. и др.
Од овие височини како сртови, теренот се спушта кон Радовишко Поле. Сртовите се расчленети со помали водотеци или суводолици, нивната висина се намалува со доближувањето до полето. Сртови се формирани помеѓу Тополничка и Радовишка Река од кои највисок е Јајла со 1137 м. помеѓу Радовишка и Ораовичка Река се сртовите: Ајдудаш со 1445 м. Бургас 965 м. и Бујрук Бурин 720 м.помеѓу долините на Ораовичка Река иПлаваја се сртовите: Изведен 1332 м.Чуј Петел 1324 м и помеѓу Плаваја и Нивичанска река се сртовите на Стар и Млад Готен со на 1400 м.н.в.
Северниот и источниот дел од општината го сочинуваат јужните и источните делови од Плачковичкиот масив,западниот дел го зазема планината Смрдеш, која ја одделува Радовишката од Криволакавичката котлина. На оваа планина нема врвови од над 1000 метри, највисок врв е Краста со 951 м.н.в.На подрачјето на општината се карактеристични две котлини: Радовишката и Дамјанската. Радовишката котлина гравитира по течението на Радовишка Река, кон југоисток, со надморска височина од 260 до 350 метри.

Дамјанската котлина се наоѓа на северозапад и гравитира по течението на Маденска река, со надморска височина од 440 до 480 метри. Речните долини како трет елемент од рељефот на општина Радовиш, ја формираат хидрографската мрежа на оваа подрачје.

Главни речни долини се долините на Радовишка Река, Ораовичка Река и Плаваја. Долините на овие реки, чии извори се на планината Плачковица, во најголем дел се тесни клисури со голем пад. Спуштајки се кон полето, долините се шират и под влијание на наносниот материјал формирани се пространи и широки плавни површини. Покрај реките на подрачјето на општината се формирани и вододерини, суводолици, поројни водотеци и др.

Ерозивни процеси на територијата на општина Радовиш, се присутни на голем дел од подрачјето, но особено се изразени во околината на с.Калугерица, со површина од околу 13,5 ха, во околината на с.Подареш, како и блиската околина на градот.

Под влијание на човечкиот фактор, преку непланско сечење и уништување на шумите, зголемување на обработливи површини и пасишта, реално е да се очекува зголемување на ерозивните подрачја.

Шумите во општината спаѓаат во категоријата на отворени шуми со сообраќајници. Во ридско планинскиот дел заради релјефните и климатските карактеристики, најголем дел од површините се под шума. Во планинскиот дел застапена е претежно високостеблеста шума, најдоминантни се: даб, бука,четинари и други лисјари. Непошумените делови од планините се пасишта, богати со разновиден растителен свет: високи треви, папрат, грмушки и др.

На ридските површини до 500 м.н.в. застапени се нискостеблени деградирани шуми (даб и габер), грмушки (смрека, трн) и трева. Вкупните шумски комплекси на подрачјето на општина Радовиш, се застапени на површина од околу 33000 ха.

Во рамничарскиот дел се издвојуваат два типа на почви: неразвиени и развиени.Неразвиените почви се со наносно потекло и заземаат пространства околу коритата на водотеците, најмногу ги има по течението на Радовишка Река, Ораовичка и Плаваја. Значењето за земјоделието на овој тип на почви во општината е мошне големо и се одликува со највисока производствена вредност.

Развиените почви на подрачјето на општината се црвениците и смолниците, кој зафаќаат големи пространства и тоа помеѓу Раклиш-Ораовица -Подареш-Злеово и покрај патот за Штип. И овие почви имаат значајна улога во земјоделието.

Климатски услови

Радовишкиот регион е под влијание на умерено континентална клима. Заради изразената висинска разлика, одделни климатски елементи варираат меѓу изменета медитеранска клима во полето и планинска клима на планините.

Што се однесува до ружата на ветровите, нашето подрачје спаѓа во мошне ветровитите подрачја во републиката. Заради место положбата што ја зазема градот Радовиш во однос на останатиот дел од општината е мошне заштитен од дејството на повеке ветрови. Преовладуваат ветрови од западен, северозападен и источен правец. Најголема честина има западниот ветер, кој главно е зимски ветер, но е присутен и во останатиот период од годината, со просечна брзина од 4,8 м/сек. или максимална вредност од 22,5 м/сек. Вториот по честина е северозападниот ветер, кој е присутен преку цела година, со просечна брзина од 4,8 м/сек или максимална брзина од 30,5 м/сек. и источниот ветер , со просечна брзина од 2,6 м/сек или со максимална брзина од 22,5

м/сек.Просечните годишни температури во рамничарскиот дел се движат до $13^0$С, на највисоките планински масиви до $7,5^0$С. Најтопли месеци во годината се Јули и Август со просечна температура од $23^0$С, најстуден е месец Јануари со $1,2^0$С. Максималната температура изнесува $41^0$С, минималната $-21^0$С.

Хидрографска мрежа

Хидрографските особености на територијата на општина Радовиш, се разновидни и се среќаваат повеќе хидрографски објекти, од кои најзначални се: водотеците,подземните води, изворите и хидројаловиштето Тополница.Хидрографската мрежа на општина Радовиш, припаѓа кон два речни слива и тоа на реките Струмица и Брегалница.

Во речниот слив Струмица се влеваат реките: Радовишка, Ораовичка и Плаваја. Во Брегалничкиот слив се влева Маденска река, преку Крива Лакавица.Според правецот на течење тие се сосема спротивни.Од сливот на Струмица течата кон југ и југоисток, од сливот на Брегалница течат кон северозапад.

Изворите на трите главни водотеци Радовишка Река,Ораовичка Река и Плаваја се наоѓаат во високите делови на планината Плачковица.

Радовишка Река се формира од три извори на надморска височина од над 1400 метри, должината и е 18,5 км. има највисок просечен пад од сите водотеци во општината.

Ораовичка Река извира во месноста Џумаја, на надморска височина од 1380 метри, долга е 18 км. се влева во Радовишка Река.

Плаваја во горниот тек го носи името Смиљанска Река, извира на надморска височина од 1432 метри, долга е 26,7 км. се влева во Радовишка Река.

Најголемо сливно подрачје има Плаваја од 140 $м^2$ , потоа Ораовичка Река со 51 $km^2$ и Радовишка Река со 50,8 $km^2$. Сите овие реки во текот на цела година главно имаат проток на вода, но поради големиот пад во надолжен профил на коритата имаат и пороен карактер, повремено носат големи количини наносен материјал.

Водостоите на овие реки се највисоки во Март и Април, како последица на топењето на снег и пролетните врнежи од дожд. Од Јуни до Октомври водостојот на реките перманентно се намалува, како последица од сушните лета и високите температури.

Во Брегалничкиот сливен систем, преку реката Крива Лакавица се влева Маденска Река, која извира во Дамјанско Поле, во неа се влеваат водите од околните населени места Бучим, Дамјан и хидројаловиштето Тополница.

Број и големина на населбите

На подрачјето на општина Радовиш, се регистрирани 22 населени места со вкупен број на жители од 24 122, од кои во град Радовиш живеат 14 460 жители. По населените места според последниот попис од 2021 година ,бројот на жители е следниот :

| Ред. Бр. | Населено место | Број на население | Ред. Бр. | Населено место | Број на население |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Раклиш | 559 | 12. | Иљево | 1139 |
| 2. | Калаузлија | 351 | 13. | Дамјан | 175 |
| 3. | Ораовица | 1103 | 14. | Бучим | 400 |
| 4. | Подареш | 1260 | 15. | Тополница | 414 |
| 5. | Смиланци | 11 | 16. | Прналија | 153 |
| 6. | Јаргулица | 628 | 17. | Супурге | 56 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Покрај чево | 319 | 18. | Коџал ија | 569 |
| 8. | Злеово | 683 | 19. | Али Коч | 393 |
| 9. | Калуге рица | 651 | 20. | Штуро во | 6 |
| 10. | Сулду рци | 195 | 21. | Козбун ар | 3 |
| 11. | Воисла вци | 592 | 22. | Шипко вица | 2 |

Вид и количина на атмосферски врнежи

Количините на врнежи во регионот на општина Радовиш, се добиени од податоци на две дождомерни станици, Радовиш на к.380 м. и Новосело к.860 метри. Во котлинскиот дел на општината средно годишно наврнува околу 562 мм дожд, во планинскиот дел околу 1292 мм. Најмалку врнежи паѓаат во месеците Август и Септември, во котлините просечно по 22 мм, а на високите места 54 мм.

Најмногу врнежи паѓаат во месец Ноември, во котлините 66 мм и на високите места 171 мм. Според годишните времиња, најмногу врнежи има зимските месеци со 157 мм, пролет и есен со 150 мм, најмалку врнежи има налето 106 мм.Снежните врнежи како и дождот, повеке се застапени на високите планински подрачја. Во рамничарскиот дел, средногодишната вредност во периодот Ноември-Март е 13,1 ден со снег.

Најмногу врнежи од снег во рамничарскиот дел има во месец Јануари, просечно просечно 4,6 дена, најмалку во ноември 0,2 дена. Во високите подрачја од општината снежниот покрив трае подолго и има далеку поголем број на денови под снег.Средногодишната влажност на воздухот изнесува 72%. Во топлите летни месеци влажноста на воздухот е околу 60%, во зимските месеци Ноември-Февруари се движи од 80-85%.Појавувањето на магла и слана во регионот на општината е во ист период од годината од Октомври – Април, со просечни 11,3 дена со магла и 10,3 дена со слана. Благодарение на заемното дејство на главните климатски фактори: високите температури, мали и нерамномерно распоредени врнежи во годината, ветрови со голема честина и прилична брзина и факторот суша овде е мошне присутен. Сушата особено е потенцирана во средината и при крајот на вегетацискиот период Јуни-Септември.

Водостопанство

На територијата на општината со водата стопанисува АД ”Водостопанство на Република Северна Македонија “-Скопје, подружница„Радовишко Поле”- Радовиш. Најголема акомулација во регионот е Мантово, лоцирана на територијата на општина Конче, но водите од езерото по канал и каналска мрежа се доведени и се користат на подрачјето на општина Радовиш. Постојат два магистрални канали со вкупна должина од околу 50 км и детална каналска мрежа во должина од околу 208 км. На повеќе места каналите се оштетени, не се во функција (Покрајчево-Злеово). Регионот располага и со друг,но не многу искористен воден потенцијал, пред се водите од Радовишка Река,Ораовичка Река и Плаваја.

**2.Процена на загрозеност на подрачјето на општината од поплави и уривање на високи брани**

Поплавите се природни непогоди кои често зафаќаат делови од подрачјето на општина Радовиш. Тие настануваат како резултат на специфичностите на релјефот, климатските услови и нерамномерниот режим на течење на природните водотеци. Од досегашните направени согледувања, искуства и добиени податоци, може да се заклучи дека сите реки и водотеци имаат пороен карактер, со што заштитата и спасувањето од поплави ја прават сложена,специфична и непредвидлива.

Во изминатиот период на подрачјето на општината,поплавите имаат предизвикано сериозни последици врз населението и материјалните добра. Поради пообилни врнежи и големите стрмнини, водата добива

големо забрзување, при сливањето во поголемите водотеци добива пороен карактер, се излева од своите корита при што се поплавуваат делови од населени места, патна инфраструктура, земјоделски површини, стопански објекти и др.
Поплави се јавуваат во период на топење на снегот, пропратени со врнежи од дожд,меѓутоа веќе имаме изразени климатски промени  и во летниот период, кои се карактеризират со краткотрајни поројни врнежи кои предизвикуват големи материјални штети . Поради конфигурацијата на теренот, брзото течење на водите и нивното излевање, предизвикуваат сериозни последици, како што се: оштетување на патна инфраструктура и улична мрежа,водоводни и канализациони инсталации,поплавени станбени и стопански објекти, поплавени земјоделски обработливи површини, ерозија, наноси и нивно депонирање во пониските делови. Заради намалување на последиците од поплави во општина Радовиш, дел од речните корита се регулирани, повремено се чистат речните корита, се врши годишно пошумување на теренот, но сето тоа не е доволно и не обезбедува ефикасна заштита од поплави.
Општина Радовиш, врз основа на Процената на загрозеност од поплави на подрачјето на општината, ги има предвидено сите критични места кој се потенцијална опасност од поплави.
Основни причини за појава на поплави на подрачјето на општината се следните:
-намалена пропусна моќ на главните реципијенти за собирање и одведување на атмосферските  води,
-поројни водотеци и
-атмосферска канализација.

**Загрозеност од поплави при уривање на високи брани**

На подрачјето на општина Радовиш, во категоријата високи брани е само хидројаловиштето Тополница. Во случај на прелевање, хаварија или неочекувано рушење, ќе бидат претрпени тешки последици кај населението и материјалните добра.
Директно е загрозено селото Тополница, кое е лоцирано веднаш во подножјето на браната, како и ново формираната населба Дамјан или директно се загрозени околу 700 жители.
Што се однесува до загрозеноста на материјалните добра, ке биде предизвикана еколошка катастрофа со огромни последици по животната средина, со јаловина ке бидат покриени големи земјоделски обработливи површини, во атарот на селата: Тополница,Дамјан,Ињево, Бучим, како и површини по течението на Маденска река, која се влева во Крива Лакавица и понатаму до река Брегалница.Во зависност од обемот на несреќата не се исклучува да има последици и до р.Вардар во кој се влева р.Брегалница. Ке дојде до целосен прекин на работата во  рудникот Бучим, Детонит, Дамјан Пласт и други стопански објекти лоцирани на подрачјето на општините Радовиш и Штип, во прекин на подолг период ќе биде и магистралниот патен правец М-4 Штип-Радовиш.

**Заштита и спасување од поплави и уривање на високи брани**

<u>Превентивни мерки  кои ги преземаме за заштита и спасување од поплави се:</u>
-обезбедување на потребни персонални и материјални ресурси;
-обезбедување на механизација и човечки ресурси за расчистување на последици од поплави;
-определување на локации на водотеци и акомулации каде најчесто се излева водата;
-функционалност и степен на изграденост на заштитата на водостопанските објекти;
-набљудување и извидување на состојбата со водостојот  и
-евакуација на населението и материјалните добра

Обезбедување на потребни персонални и материјални ресурси

Потребната механизација и човечки ресурси за расчистување на последици од поплави ќе биде обезбедена од ЈП ,,Плаваја" и ТППЕ Радовиш. Во случај на поплави од поголеми размери, ќе биде вклучена и механизација од градежните претпријатија и рудникот од општината,
врз основа на Законот за заштита и спасување и понатаму републички сили за заштита и спасување.

Определување на локации на водотеци и акомулации каде најчесто се излева водата

Со Процената за заштита и спасување од поплави и уривање на високи брани утврдени се сите локации на водотеци и акомулации каде најчесто се излева водата.
Со Планот за заштита и спасување од поплави и уривање на високи брани сите се поединечно обработени.

Функционалност и степен на изграденост на заштитата на водостопанските објекти

На подрачјето на општина Радовиш, не постои целосно изграден и функционален систем за заштита и спасување од поплави.
Водостопанските објекти недоволно и несоодветно се одржуваат од причина што не постои целосна регулација на реките и водотеците, неуредени порои, оштетен хидромелиоративен систем,шахти, вентили и др.
Од речните корита делумно е регулирано коритото на Радовишка Река, во должина од околу
2 км. односно во делот кој поминува низ градот.
Регулираниот дел редовно се одржува, меѓутоа има оштетени каскади во речното корито и делови од ѕидовите на кејот.
На влезот во градот, во горниот дел, капацитетот на коритото е намален и не е во состојба да ги апсорбира водите од околните порои, како и водите од интензивното топење на снег,пропратено со врнежи од дожд. Причини за намалување на обемот на коритото се: наноси од песок и друг материјал, диви депонии на земја, шут и друг отпад, вегетација во речното корито, узурпации и др. Во градот намалена е пропусната моќ и од поставување на инсталации во речното корито.
Шутот и другиот отпад се карактеристични за течението на реката на влезот и излезот од градот. Узурпациите на речното корито се лоцирани по целото течение на реката, надвор од градското подрачје.По течението на реката од Радовиш кон Струмица, на потегот од Калугерички мост- мост с.Злеово, речното корито речиси и да не постои, исполнето е со нанос и растителна
маса, намалена е пропусната моќ на мостовите на с.Јаргулица и с.Покрајчево, последиците од тоа се постојани оштетувања на насипите на мостовите, оштетување на локалните патни правци и поплава на околните обработливи површини.
Коритата на Ораовичка река и река Плаваја исто така, нередовно се чистат. Ораовичка река бидејки нема целосно регулирано корито освен во горниот тек низ селото, мора редовно да се чисти, со материјалот од реката да се зајакнува брегот, истото се однесува и за река Плаваја,со што би се намалила опасноста од излевање во населените места.
Останатите водотеци, пред се пороите, со исклучок на дел од коритото на река Ступница, која минува низ с.Подареш и е регулирано во должина од од околу 1 км. со вкупна должина од околу 3 км. Сите останати порои не се регулирани, честопати се интервенира само по последици од поплави. Во населените места: Подареш, Јаргулица, Покрајчево, Злеово, Калугерица, Сулдурци, Воиславци, Ињево и Тополница дел од пороите се и пристапни
улици или поминуваат преку улиците.
Чистењето на речните корита надвор од урбаните опфати е во надлежност на АД Водостопанство на Република Северна

Македонија и за истите потребно е да изврши регулација на коритата, особено на главните реципиенти Радовишка река и река Сушица, за заштита и спречување на последици од поплавен бран.

**П Р Е Г Л Е Д**
**за преземање превентивни активности за чистење на речните корита и санирање на оштетената инфраструктура во речните корита**

-Радовишка Река по целата должина од вливот на Ораовичка река до Злеово, со зајакнување на бреговите на коритото на критичните места каде се излева, во должина од околу 12 км.
- Река Сушица по цела должина од околу 5 км.
-Ињевска Река по цела должина од околу 3 км.
-Тополничка Река во должина од 1 км низ с.Тополница
-Ораовичка Река до вливот во Радовишка Река.
-Река Плаваја до вливот во Радовишка Река во должина од околу 4 км.
-Река Марлада во должина од околу 3 км.
-Река Ступница во должина од околу 300 м. нерегулиран дел

Имајќи ги предвид, веројатноста и последиците од можни поплави, приоритетно е редовно чистење на коритото на Радовишка Река започнувајќи од горниот тек по целата должина.

Во рамките на завршниот петгодишниот проект Еко-системско базирано намалување на ризиците од катастрофи (Еко-НРК) преку одржливо управување со шумите,финансиран од Владата на Јапонија во соработка со ЦУК, беа презентирани резултатите пред претставниците од општината и стручни лица од Западен Балкан, како модел за намалување на последиците од поплавање,изведени на Радовишка Река-Љути дол,со локацијата во атарот на селото Коцалија.

Беа презентирани комбинациите изведени од еколошки и градежни активности со комплетно пошумување на автохтони садници на ерозивно подрачје,оградување за заштита од упад на животни во новопошумениот дел,пошумување со прскање семе на стрмни падини,терасирање и покривачки работи на јужна и западна страна,поставување габиони како контролна брана за намалување на бранот на надојдени води,изградба на воден канал,поставување автоматска метеоролошка станица,изработка на карта на опасност и евакуациони делови од градот,се поставија информативни табли во делот на извршените активности во с.Коцалија и во град Радовиш.

Целта на проектот е преку подобрување на капацитетот со управување со шумите,преку здрав и релативно ефтин начин да се намали ризикот од природни катастрофи и заштита на населението од истите и понатаму со тоа ќе стопанисува ,,Национални Шуми" подружница Плачковица,Радовиш.

Како продолжение на овие активности, за намалување на последици од поплавање од главниот реципијент Радовишка Река, во рамките на проектот АДАПТ ,Општина Радовиш во соработка со Министерство за животна средина и просторно планирање, Центар за управување со кризи, Регионалата канцеларија за Источна Европа и Централа Азија на Меѓународната унија за заштита на природата (ИУЦН) ,беа претставени резултатите од анализата за намалување на ризици од катастрофи и состојба со екосистемот,чии активности се во тек.

Проектот АДАПТ е тригодишна иницијатива, финансирана од Шведската агенција за меѓународна развојна соработка

(Sida) и имплементирана од Регионалната канцеларија на ИУЦИН за Источна Европа и Централна Азија и се однесува на зголемување на отпорноста на екосистемите и заедниците на климатски промени и ризици од катастрофи, со примена на решенија засновани врз природата, во шест држави од Западен Балкан, вклучително и Македонија**.**

Годинава во рамките на превземени градежни активности од превентивен карактер,извршени се неколку значајни и неопходни зафати :
- превентивно чистење на коритото на Радовишка Река во горниот дел по должина,
- поправка на земјини патишта кои се пристапни и оштетени од поројни врнежи во градот со дробен материјал во соработка со рудникот Бучим,
-решавање на пристапот до градски водовод со асфалтирање,
-асфалтирани се две улици во с.Калугерица кои се пристапни патишта до домовите на населението, каде минува пороен водотек и најчесто беа поплавувани од поројни врнежи,
-извршено е уредување на кејот на Ораовичка река во должина од 140 метри почнувајќи од мостот на влезот во селото кон горниот тек на реката,
-извршена е изградби на нови улици во градот и населените места и санирање на постоечки, со изведени комплетни решенија за комунална инфраструктура.

Во градот има регистрирано вкупно 6 поројни водотеци и тоа: Сушица- 5 км, Илиница- 2 км, Чам Баир -2 км, Коџа Баир -1 км, Шаин Маале -0,5 км и делови од УЗ„Куклевица”.

Потребно е планирање на регулација на овие порои, изработка на проектна документација и Акционен план за реализација, со што штетите би се намалиле на комуналната и сообраќајна инфраструктура,индивидуални и стопански објекти,обработливи земјоделски површини и др.Постојат поројни водотеци и надвор од населените места кој не се регулирани ,а се причинители на големи штети на земјоделските површини, се уништуваат посевите и останува наносен материјал. Такви водотеци се карактеристични за целото подрачје на општината. Секој од пороите во населените места, редовно треба да се чисти во должина низ населените места, широчината да се одреди според опфатот на речниот појас. Заради узурпација на таквите зафати, се скоро невозможни без предходна изготвена катастарска подлога.

Системот за наводнување го сочинуваат 2 магистрални канали, лев магистрален канал во должина од 29.762 км и десен од 19.220 км. Деталната каналска мрежа е во должина од 208 км. На места системот е оштетен од страна на несовесни корисници, штетите целосно не се санираат,не се врши редовно одржување и чистење на системот од наноси и друг материјал. Полските патишта на места се оштетени, бидејки се користат како отворени канали од страна на земјоделците.Атмосферската канализација функционира со намален капацитет.

Причина за тоа се наносите од нерегулираните поројни атмосферски води, дивото приклучување на граѓаните кои во атмосферската приклучуваат и фекална канализација.

Праг-решетките и страничните пропусти кон речното корито за атмосферските води лоцирани на одредени места, функционираат со намален капацитет, дел се оштетени и потребно е санирање на оштетени пропусти,редовно да се чистат и одржуваат од страна на ЈП „Плаваја”.

Заради нефункционирањето на мрежата, се случува граѓаните своеволно да ги затвараат уличните одводни сливници, водата истекува

по улиците и поплавува дворови, станбени и други објекти.
Покриеноста на градот со канализациона мрежа е околу 90%, мрежата е изведена најчесто со цевки Ø250 мм.
Функционалноста е намалена на одделни делови од градот повеќе од 50%.
Атмосферската канализација мора редовно да се чисти и одржува,да се направат дополнителни испусти кои ќе бидат насочени кон коритото на Радовишка река, но пред се како што е напред наведено, треба да се регулираат поројните водотеци, со што ке се спречат наносите од пороите кои се основна причина за нефункционалната состојба на канализацијата.
Мора да се планира санирање на оштетените и изградба на целосно оштетените каскади во коритото на Радовишка Река, оштетувањето на ѕидот во речното корито помеѓу мостовите на улица Илинденска и Стариот мост, изградба на нова каскада на Река Плавaја под мостот на влезот во село Подареш и санација на оштетените каскади.
Опасност од поплавање и понатаму останува вливот на Ињевска река, која поплавува земјоделско обработливо земјиште и загрозувањето на бунарскиот систем за водоснабдување, кој се наоѓа на вливот на Ињевска река во река Сушица.
Во одредени населените места, атмосферска канализација речиси не постои, во некои од нив постои фекална канализација, која не е доволно функционална.

<u>Набљудување и извидување на состојбата со водостојот;</u>
Набљудувањето и извидувањето на состојбата со водостојот и моменталните последици од поплава е обврска на секој граѓанин, а особено во време на вонредни околности како што се:
долготрајни и обилни врнежи од дожд, топење на снег, проблеми со брани и акомулации и др. Општината врши набљудување и извидување, како и Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, полицијата и др.

<u>Евакуација на населението и материјалните добра</u>
Евакуацијата се планира, организира и спроведува во услови кога на подрачјето на кое се проценува дека може да биде зафатено од природни непогоди и други несреќи, односно на подрачјето на кое веке има појава на природни непогоди и други несреќи, со други мерки на заштита и спасување не може да се обезбеди соодветен степен на заштита на луѓето и материјалните добра.
Имајки ги предвид досегашните искуства, на подрачјето на општината во случај на поплави во градот или населените места, нема да има голем број на лица за евакуација, освен во случај на хаварија на хидројаловиштето Тополница.
Селото е лоцирано во подножието на браната на хидројаловиштето на рудникот Бучим, голема е веројатноста за целосна евакуација.
На евакуација ке бидат подложени околу 700 лица од двете населени места с.Тополница и с.Дамјан, како и материјални добра.
Прифатни пунктови од кои ке се врши евакуација се: Центарот на населеното место, дворот на основното училиште и излезот од селото (фудбалски терен).
Евакуацијата ке се врши во правец на најблиските безбедни места, во кои има услови за прифат на евакуираното население и тоа во правец на: Радовиш, с.Дамјан, с.Прналија, с.Ињево или во соседните општини. Истото се однесува и за материјалните добра.

**Оперативни мерки за заштита и спасување од поплави и уривање на високи брани**

Оперативни мерки за заштита и спасување од поплави и уривање на високи брани се:

-Извлекување на настрадано население

-Испумпување на вода од поплавени објекти

-Снабдување на загрозеното население со неопходни продукти и

-Асанација на теренот.

Мерките за извлекување на настраданото население и испумпување на вода од поплавените објекти се одвиваат паралелно, веднаш штом ќе дозволат условите на теренот, а ќе ги спроведат силите со кој располагаме, односно ке бидат вклучени располживите персонални и материјални ресурси.

Снабдувањето на загрозеното население од поплавите со храна, вода за пиење, хигиенски средства, здравствена заштита го обезбедува општината со сопствени средства, хуманитарна помош и др.

Асанација на теренот опфаќа хигиенско-технички и други мерки и активности за спречување на настанување и ширење на заразни болести и други последици од поплавите.

Во асанацијата на теренот најважни активности се:

-пронаоѓање, идентификација и погреб на загинати лица,

-пронаоѓање и закоп на загинати животни,

-чистење на теренот од разни глодари и инсекти,

-отстранување на отпадоци и други штетни материјали,

-дезинфекција, дезинсекција и дератизација,

-асанација на објекти за водоснабдување,

-санирање на штетите направени врз сообраќајниците во населените и патните правци.

Носители на активности во спроведување на асанацијата се: Општина Радовиш, Министерство за здравство п.е. Радовиш, Здравствени установи, МЗШВ п.е. Радовиш, Ветеринарни станици, ЈП ,,Плаваја,,-Радовиш, јавни установи и служби и др.

## Преглед

### на ресурси за спречување и отстранување на последиците од поплави и уривање на високи брани (персонални и материјални)

За спречување, намалување и отстранување на последиците од поплави и секаков друг вид на загрозеност од природни непогоди на подрачјето, општина Радовиш врз основа на постоечката законска регулатива презема низа мерки и активности, како што се: постојани контакти со п.о. Дирекција за заштита и спасување, п.о. РЦУК и јавни претпријатија.

Приватни претпријатија по потреба во случај на вонредна состојба-поплава,ќе бидат вклучени со сите ресурси со кој располагаат за справување со ваков вид на загрозеност на подрачјето или на дел од подрачјето на општина Радовиш.

Расположиви човечки ресурси за интервенција за време на поплава, со кој располага општина Радовиш се: 19 припадника на ТППЕ Радовиш и ЈП ,,Плаваја” за расчистување на наноси и за поправка на водоводна и канализациона мрежа со 16 лица. Потенцијални и персонални ресурси претставуваат и лицата ангажирани за изведување на јавни работи од општината.

**Материјални ресурси кој можат да бидат вклучени во случај на поплави се следните:**

**Општина Радовиш**

| Ред. број | Возила | | Камиони кипери/цистерни | Градежна механизација | Други средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | теренски | патнички | | | |
| 1. | 2 | 3 | ./. | ./. | ./. |
| | 1- Стеед 6 Греат Њалл<br>1-Lada Niva | 2-Citroen C-Elysee<br>1- Opel Astra G CC 1.4 | | | |

**ТППЕ Радовиш**

| Ред. број | Возила | | Камиони/ Цистерни | Градежна механизација | Други средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | теренски | патнички | | | |
| 1. | 1 | . /. | 4 | . /. | 2-моторни пили<br>2-моторни пумпи |
| 2. | 1- Греат Њалл Стеед 5 | | 1-Противпожарно возило Scania Vabis 208 ico<br>1-Противпожарно возило Volvo<br>2- Противпожарно возило FAP 13/14 | | 4-ПП гребули<br>11-Грбни прскалки<br>3- ПП гребла<br>5- Вила<br>1 - преносен ПП апарат S-250<br>3-Лопати |

**ЈП „Плаваја„-Радовиш**

| Ред. број | Возила | | Камиони Цистерни/кипери | Градежна механизација | Други средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | теренски | патнички | | | |
| 1. | 2- Lada Niva 4x4 | | 2 -Специјално возило -цистерна | 1- Булдожер TG 80 | 1- Потопна пумпа за испумпувањ е вода |
| 2. | | 3- FIAT Doblo | 1 TAM 80T 50 E3.2 | 1 Ровокопач UNKNAUF 770 | |
| 3. | | 1 TAM патар | 2 –камион кипер MERCEDES 1213 од 4 $м^3$ | 1 - Ровокопач-Универзален JCB | |
| 4. | | 1-FIAT Ducato | 2 -Трактор IMT со циклон | | |
| 5. | | | 1-Трактор кипер со плуг за чистење на снег и соларка за посипување на сол | | |

Во спасувањето на луѓе, материјални и други добра од објектите и подрачјата загрозени од поплава ќе се употребат сите напред расположиви ресурси, со вклучување и на останатите надлежни субјекти од подрачјето на општината: Дирекцијата за заштита и спасување п.о.Радовиш, Центарот за

управување со кризи п.о.Радовиш, ОВР Радовиш, Здравствен дом и други, кое е во рамките на обврските предвидени со Законот за заштита и спасување .

За реализација на превентивните мерки и санација на штетите настанати од природни непогоди, потребно е да се предвидат финансиски средства во буџетот на општина Радовиш за 2024 година како дел од програмата за урдување на градежно земјиште.

Имајќи го предвид долгогодишното искуство, стручните служби на Секторот за урбанизам и животна средина,комунални работи и ЛЕР, потребно е да редовно да се планираат финансиски средства за изработка на проектна документација за регулирање на поројните водотеци во урбаните опфати,санирање и намалување на настанати штети од природни непогоди и други несреќи на локална,патна и комунална инфраструктура(локални патишта, одрони,свлечишта, оштетување на улици, коловози,потпорни ѕидови, водоводна и канализациона мрежа/линија), санирање на последици во речните корита и др.која ќе биде неопходна и за продолжување на меѓународна соработка и помош во таа сфера.

Во текот на 2024 година и понатаму, со оглед на климатските промени,заради намалување на последиците од штетното дејство на атмосферските води и намалување на финансиските средства за постојано санирање на последица од поплави на исти локации, приоритетно, потребно е преземање на соодветни мерки и активности на следните локации:

1. Радовиш – поројни водотеци: Илиница,Чам Баир, Коџа Баир, Шаин Маале, делови од УЗ,, Куклевица” и санација на оштетените каскади во коритото на Радовишка Река ;
2. Воиславци – регулација на пороите во селото кои претставуват и пристапни улици ;
3. Ињево-поројни водотеци под ОУ„Орце Николов”, покрај регионалниот пат кон Општина Конче до Ињевска река, кај фирмата„Сложни браќа” ;
4. Калуѓерица – поројот по цела должина низ селото;
5. Тополница - поројот на влезот во селото ;
6. Ораовица – одводен канал кон ОУ„Кирил и Методиј” и премин над селото, десно од мостот кон манастирот „Св.Ѓорги” ;
7. Населба Дамјан - пороен водотек од десна страна на влезот од населбата.

Број 08-1807/2 Совет на Општина Радовиш
Дата 18.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на XL седница одржана на 18.12.2023 година, донесе

О Д Л У К А
за усвојување на Општински оперативен план за заштита од поплави и уривање на високи брани за 2024 година во општина Радовиш

член 1

Се усвојува Општински оперативен план за заштита од поплави и уривање на високи брани за 2024 година во општина Радовиш.

член 2

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1807/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 18.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Програма за измена и дополнување на програмата на потреби за фунционирање на администрацијата во единицата на локална самоуправа –Радовиш за 2023 год

Ја прогласувам и објавувам програмата за измена и дополнување на Програма на потреби за фунционирање на администрацијата во единицата на локална самоуправа –Радовиш за 2023 година бр.08-1808/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 18.12.2023 година.

Број 09-1808/2 Градоначалник
Дата 19.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XL седницата одржана на ден 18.12.2023 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА НА ПОТРЕБИ ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА ВО ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА – РАДОВИШ ЗА 2023 ГОДИНА**

***СО ПРЕНАМЕНА ДЕКЕМВРИ 2023***

**I. Општ дел**

Единицата на локалната самоуправа Радовиш за потребите на граѓаните во 2022 година работеше со општинска администрација од 81 (осумдесет и еден) извршители, од кои 1 градоначалник, 54 извршители со статус на административни службеници во локалната самоуправа и 26 извршители без статус на административен службенк, од кои 8 во локалната самоуправа, а 18 лица во ТППЕ (+2 преку АПВ).

За 8 лица вработени во противпожарната единица, платите се финансираат преку МО, а за 10 вработени платите, како и за сите 18 пожарникари хранарината и патните трошоци се финансираат преку буџетот на општина Радовиш. Ангажирањето на двајца пожарникари преку АПВ е исто така на терет на општината. Останатите трошоци за тековно работење, материјални трошоци, опрема, гориво, осигурување и одржување на возила се на терет на буџетот на општината.

Стручната образованост на извршителите кои имаат статус на административен службеник е следна 40-ВСС, 4 ВШС, 10-ССС и без статус на административе службеник 8-ССС во ЕЛС и 18 извршители во ТППЕ со ССС или вкупно 81 вработени.

Општинската администрација работи на работни задачи согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа и другите подзаконски акти на општината, како и целокупната позитивна законска регулатива каде има надлежност локалната самоуправа.

Во 2023 година платите на вработените останува да се определуваат

според законот и буџетот кој ќе биде донесен од страна на советот на општина Радовиш.

Во својата работа сеуште останува проблемот со просторното сместување на вработените, но се наоѓаат тековни решенија.

## II. Приоритети на општинската администрација

| Ред.бр | *ОПИС* | *ИЗНОС ВО БУЏЕТ ЗА 2023* | *ИЗНОС СО I (ПРВ) РЕБАЛАНС 2023* | *ПРЕНАМЕНА ЈУЛИ 2023* | *ИЗНОС СО II (ВТОР) РЕБАЛАНС 2023* | *ПРЕНАМЕНА ДЕКЕМВРИ 2023* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | За 2023 година се планираат **7(седум)** отпремнини по основ на пензионирање и се потребни средства | 350.000,00 денари, | +120.000,00 денари | | | |
| **2.** | За други трансвери **D0** (исплата согласно Одлука за извршување на Буџетот 2023г.) | 150.000,00 денари | | | | |
| **3.** | За основни плати | 32.300.000,00 денари, | | | **+500.000,00 денари** | |
| **4.** | За придонеси за социјално осигурување | 12.881.000,00 денари | | | | |
| **5.** | За плати на градоначалник се планираат средства од | 1.321.000,00 денари | + 407.000,00 денари | | | |
| **6.** | Надоместок за годишен одмор (К-15) | | | | **+1.275.000,00 денари** | |
| **7.** | Исплата на јубилејна награда | | | | **+500.000,00 денари** | |
| **8.** | **Прсонален данок за** Надоместок за годишен одмор(К-15); Исплата на јубилејна награда | | | | **+40.000,00 денари** | |
| **9.** | За месечен надомест за присуство на седници на членови | 4.670.000,00 денари | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | на Совет | | | | | |
| **10.** | За надоместоци | 700.000,00 денари, | | | | |
| **11.** | За патни и дневни расходи | 300.000,00 денари, | | | | |
| **12.** | За патни дневници на градоначалник | 60.000,00 денари | | | | |
| **13.** | За отплаќање на главница за долгорочно позајмување | 4.000.000,00 ден. | | | | |
| **14.** | За камати од кредити | 500.000,00 денари | | | | |
| **15.** | Тековни резерви | 550.000,00 денари | | | | |
| **16.** | За електрична енергија, комунални услуги и пошта | 4.785.000,00 денари | | | **-1.785.000,00 денари** | |
| **17.** | Преку Агенција за привремени вработувања согласно потребите се планираат пет (5) вработувања , а согласно потребите искажани во Годишниот план за вработување за 2023 година, | 1.500.000,00 денари, | +1.500.000,00 денари | | | |
| **18.** | Трошоци за канцелариски материјал (300.000 денари за 2023 година и дополнителни 200.000 денари превземени обврски од 2022 година) | 500.000,00 денари | | | **-200.000,00 денари** | |
| **19.** | Одржување на клими уреди во ЕЛС Радовиш во износ од | 50.000,00 денари | | | | |
| **20.** | За изработка и печатење на брошури за манифестации | 150.000,00 денари, | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **21.** | За изработка и печатење на рекламен материјал | 60.000,00 денари, | | | | |
| **22.** | За хотелско сместување на гости при организирање на манифестации | 250.000,00 денари, | | | | |
| **23.** | *И превземени обврски (за хотелско сместување на гости при организирање на манифестации) од 2022 година* | 50.000,00 денари, | | | | |
| **24.** | За угостителски услуги (репрезентација) за потребите на општина Радовиш се планираат средства во износ од | 300.000,00 денари, | | | | **+90.000,00 денари** |
| **25.** | *И превземени обврски (за угостителски услуги (репрезентација) за потребите на општина Радовиш) обврски од 2022 година* | 30.000,00 денари, | | | | |
| **26.** | За потреби од набавка на ситна стока за одржување на електрични апарати и опрема се планираат средства во износ од | 100.000,00 денари, | | | | |
| **27.** | *И превземени обврски (за потреби од набавка на ситна стока за одржување на електрични* | 60.000,00 денари, | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *апарати и опрема) од обврски од 2022 година* | | | | | |
| **28.** | За прехранбена стока за одредени пригоди/приеми и хигиенски средства се потребни средства во износ од | 200.000,00 денари, | | | | |
| **29.** | *И превземени обврски (за прехранбена стока за одредени пригоди/приеми и хигиенски средства) обврски од 2022 година* | 60.000,00 денари, | | | | |
| **30.** | Подароци за Нова година на дежурни служби, богојавление и други празници се планираат средства во износ од - | 120.000,00 денари, | | | **+150.000, 00 денари** | |
| **31.** | За набавка на цвеќе се планираат средства во висина од | 70.000,00 денари, | | | | |
| **32.** | За набавка на реквизити за празници и одржани манифестации | 60.000,00 денари, | | | **+40.000,00 денари** | |
| **33.** | Набавка на едногодишно одржување и набавка на тонери за фотокопири во износ од - | 150.000,00 денари, | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **34.** | *И превземени обврски (набавка на едногодишно одржување и набавка на тонери за фотокопири) обврски од 2022 година* | 25.400,00 денари | | | | |
| **35.** | Набавка на тонери за принтери во износ од- | 100.000,00 денари, | | | | |
| **36.** | *И превземени обврски (набавка на тонери за принтери) обврски од 2022 година* | 10.300,00 денари, | | | | |
| **37.** | За набавка на сувенири, плакети, признанија и друг промотивен матријал се планираат средства во износ од | 150.000,00 ден, | | | | |
| **38.** | За набавка на знамиња за потребите на општина Радовиш | 60.000,00 ден. | | | | |
| **39.** | За набавка на софтверски лиценци се планираат средства во износ од | 150.000,00 денари | | | | |
| **40.** | За одржување на софтверска опрема | 100.000,00 денари | | | **+30.000,00 денари** | |
| **41.** | Списанија, весници и др. | 55.000,00 денари | | | | |
| **42.** | Ситен инвентар и други материјали | 100.000,00 денари | | | | **+10.000,00 денари** |
| **43.** | За набавка на фиксна и интернет мрежа за потребите на општина Радовиш за **период од 2 години** се планираат средства во износ од - | 200.000,00 денари | | | **-100.000,00 денари** | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 400.000,00 денари, од кои 200.000,00 денари за 2023 година и 200.000,00 денари за 2024 година, | | | | | |
| **44.** | Обуките на општинската администрација и ТППЕ кои се спроведуваат по годишната програма за обука, како и лиценци се планираат во висина од - | 150.000,00 денари, | | | | |
| **45.** | За набвка на софтвер за електронско водење на архива/деловодник | 63.000,00 денари, | | | | |
| **46.** | За софтверско и web решение за потребите на ЕЛС за период 2022-2024 година | 100.000,00 денари, | | | | |
| **47.** | За систематски прегледи на вработените во општина Радовиш и ТППЕ согласно закон | 100.000,00 денари, | | | | |
| **48.** | За дезинфекција, дезинсекција и дератизација на територијата на општина Радовиш | 500.000,00 денари, | | | | **-100.000,00 денари** |
| **49.** | *И превземени обврски (за дезинфекција, дезинсекција и дератизација на територијата на општина Радовиш) во 2022 година* | 500.000,00 денари | | | | |
| **50.** | За собирање, згрижување и стручен третман на кучиња и мачки | 500.000,00 денари, | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | скитници во општина Радовиш | | | | | |
| **51.** | *И превземени обврски (за собирање, згрижување и стручен третман на кучиња и мачки скитници во општина Радовиш) обврски од 2022 година* | 150.000,00 денари, | | | | |
| **52.** | За Мониторинг обезбедување на јавни објекти се планираат средства во износ од | 430.000,00 денари, | | | | |
| **53.** | За одржување на други градби | 70.000,00 деенари | | | | |
| **54.** | За набавка на дрва или пелети за греење (ЕЛС и образование) се планираат средства во износ од | 600.000,00 денари, | | | | |
| **55.** | За одржување и поправка на возилата на ЕЛС и ТППЕ се планираат средства во износ од 500.000 денари за 2023 г. и *превземени обврски од 400.000 д. Од 2022 година(за одржување и поправка на возилата на ЕЛС и ТППЕ)* | 900.000,00 денари, | | | **-100.000,00 денари** | |
| **56.** | За набавка на гуми за службените возила се превземаат обврски | 60.000,00 денари, | | | **+100.000,00 денари** | |
| **57.** | За регистрација на возила | 100.000,00 денари | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **58.** | За набавка на гориво за возилата на ЕЛС се планираат средства | 800.000,00 денари, | | | | |
| **59.** | За осигурителна компанија за осигурување од автоодговорност на моторни возила | 100.000,00 денари, | | | | |
| **60.** | За комбинирано осигурување потполно каско осигурување без франшиза на моторни возила во сопственост на општина Радовиш | 60.000,00 денари, | | | | |
| **61.** | За колективно осигурување на инспектори | 26.000,00 денари, | | | | |
| **62.** | Осигурување на недвижности и права | 20.000,00 денари, | | | | |
| **63.** | За објави во печатени медиуми се планираат средства во износ од | 200.000,00 денари, | | | **+150.000,00 денари** | |
| **64.** | *И превземени обврски (за објави во печатени медиуми) во износ од* | 122.500,00 денари | | | | |
| **65.** | За услуги за мобилна телефонија и интернет за потребите на општина Радовиш **за период од 2 години** се планираат средства во износ од -. 1.500.000,00 ден од кои 750.000,00 денари за 2023 година и 750.000,00 денари за 2024 година, | 750.000,00 денари | | | | |
| **66.** | За членарина во домашни организации | 200.000.00 денари | + 45.000,00 денари | | | |
| **67.** | За судски такси | 20.000,00 денари | | | | |
| **68.** | За судско вештачење | 60.000,00 денари | | | | |
| **69.** | За правни услуги | 100.000,00 денари | + 287.462,00 денари | **+500.000,00 денари** | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **70.** | За изнајмување на објекти | 192.000,00 денари | | | | |
| **71.** | Други договорни услуги | 100.000,00 денари | | | | |
| **72.** | Плаќање по судски решенија | 500.000,00 денари | | **+1.000.000,00 денари** | **+1.178.579,00 денари** | **-100.000,00 денари** |
| **73.** | Други оперативни расходи | 400.000,00 денари | | | | |
| **74.** | Други трансвери | 1.000.000,00 денари | | **-200.000,00 денари** | **+150.000,00 денари** | |
| **75.** | За Системска платформа за утврдување вредноста на недвижности и следење на наплата на даночни решенија се потребни средства во износ од 713.000,00 денари, обврска превземена од 2022 година | 713.000,00 денари | | | | |
| **76.** | За Родова еднаквост се потребни средства во износ од | 100.000,00 денари | | | | |
| **77.** | Продукција/копродукција на програмски материјали наменети за аудиовизуелни услуги | / | + 400.000,00 денари | | | |
| **78.** | Достава на Решенија за данок на имот и Опомени за 2023 година | / | +200.000,00 денари | | | |
| | За реализација на Програмата е потребно да се планираат средства во вкупен износ од 74.533000,00 денари. | вкупен износ од 74.533000,00 денари. | +2.959.462 денари | | | |
| | *Превземени обврски од 2022 година во вкупен износ од 2.381.200,00 денари, или се вкупно 76.914.200,00 денари.* | превземени обврски од 2022 2.381.200,00 денари | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | Вкупно **76.914.200,00** денари. | | **Вкупно: 1.928.579,00 денари** | **-100.000,00 денари** |

**III. Цели на Програмата**

Со ваквото планирање и опремување на органите во локалната самоуправа ќе се постигне побрза, поефикасна и поквалитетна услуга во работата на локалната самоуправа за потребите на граѓаните.

Оваа измена и дополнување на Програмата е составен дел на Буџетот на општина Радовиш за 2023 година.

Програмата влегува во сила со денот на донесување а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Број 08-1808/1
Дата 18.12.2023 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Програма за измена и дополнување на програмата за јавно осветлување за 2023 година во Општина Радовиш број 08-1938/2 од 20.12.2022год, и измена бр.08-1604/1 од 30.10.2023 година

Ја прогласувам и објавувам програмата за измена и дополнување на програмата за јавно осветлување за 2023 година во Општина Радовиш број 08-1938/2 од 20.12.2022год, и измена бр.08-1604/1 од 30.10.2023 година, бр.08-1809/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 18.12.2023 година.

Број 09-1809/2
Дата 19.12.2023 г.
Радовиш

Градоначалник
на Општина Радовиш
Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02 ) а согласно член 21 став 1 точка 13 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XL седницата одржана на ден 18.12.2023 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА 2023 ГОДИНА ВО ОПШТИНА РАДОВИШ БРОЈ 08-1938/2 ОД 20.12.2022год,И ИЗМЕНА бр.08-1604/1 ОД 30.10.2023 ГОДИНА**

I. Програмата за јавно осветлување за 2023 година се намалува за 80.000 денари во точка 3 Новогодишно и божиќно украсување, за реализација на новогодишна програма .

Во прилог е пречистената табела :

| Од остварениот приход ќе се финансира: | | Износ / денари |
|---|---|---|
| 1 | Потрошена електрична енергија (трансфери на ЈПССО) | 9.500.000,00 |
| 2 | Одржување и проширување на уличното осветлување | 1.000.000,00 |
| 3 | Новогодишно и божиќно украсување | 720.000,00 |
| ВКУПНО : | | **11.220.000,00** |

II. Програмата влегува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Број 08-1809/1 Совет на општина Радовиш
Дата 18.12. 2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлука за доделување на годишни награди за учебната 2022-2023 на талентирани ученици и ментори во основото и средното образование во општинските училишта од општина Радовиш**

Ја прогласувам и објавувам одлуката за доделување на годишни награди за учебната 2022-2023 на талентирани ученици и ментори во основото и средното образование во општинските училишта од општина Радовиш, бр.08-1810/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 18.12.2023 година.

Број 09-1810/2 Градоначалник
Дата 19.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Согласно член 2, 3 и 4 од Правилникот за доделување на годишни награди на талентирани ученици, ментори во основното и во средното образование во општина Радовиш бр. 08-

1919/2 од 20.12.2023 год., и согласно доставениот Записник од Комисијата доделување на годишни награди,

Советот на Општина Радовиш на XL седницата одржана на ден 18.12.2023 година, донесе:

ОДЛУКА

за доделување на годишни награди за учебната 2022-2023 на талентирани ученици и ментори во основото и средното образование во општинските училишта од општина Радовиш

Член 1

Се избираат и се доделуваат годишни награди за учебната 2022-2023 на талентирани ученици и ментори во основото и средното образование во општинските училишта од општина Радовиш. Наградите се доделуваат на :

**1.СОУ КОСТА СУСИНОВ**

Катерина Крстева – второ место - 4.000 ден.

Викторија Спасова – трето место - 2000 ден.

Деница Трајанова - прво место - 6000 ден.

Никола Костадинов – трето место - 2000 ден.

Ментори:

Василка Митева – 4000 ден.

Маја Сулева – 4000 ден

Катерина Сусинова – 4000 ден.

Славе Трајанов – 4000 ден.

Славица Атанасова – 4000 ден.

**2.ООУ КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ**

Никола Стојанов - 2 место - 4000 ден

Јордан Трајков - 2 место - 4000 ден.

Мартина Лазарова - 3 место - 2000 ден

Ментор - Зорка Христова Трајкова - 4000 ден.

Јована Јованова - 3 место на 600 метри - 2000 ден.

Штафетна трка = 10.000 ден.

1.Назиф Мемишев 2 место – 2.500 ден.

2.Ариф Јакуп 2 место – 2.500 ден.

3.Лазе Стојанов 2 место – 2.500 ден.

4.Јулиан Коцев 2 место – 2.500 ден.

Ментор – Марјан Шарковски – 4000 ден.

Ива Горгиева – природни науки - 3 место - 2000 ден

Ментор – Маријана Илкова - 4000 ден

**3.ООУ НИКОЛА КАРЕВ**

Ева Ристова 2 место - 4000 ден.

Ментор - Тања Николовска – 4000 ден.

Розита Јованова - 3 место - 2000 ден.

Ментор - Даниела Ѓоргиева ментор - 4000 ден.

Славица Трајанова - 2 место - 4000 ден.

Ментор - Јован Трајанов- 4000 ден.

Камче Поцков - 3 место - 2000 ден.

Матеј Анчев - 3 место - 2000 ден.

Ментор - Слободан Трајанов - 4000 ден.

Ментор - Павле Петров - 4000 ден.

Ментор - Анита Митева Цветковски - 4000 ден.

Ментор - Ивана Ѓоргиева - 4000 ден.

Ментор - Наташа Калајџиева Здравева - 4000 ден.

Давид Димов - 2 место - 4000 ден.

Ристе Дулев - 2 место - 4000 ден.

Стефан Ангелов - 3 место - 2000 ден.

Марија Јованова - 3 место - 2000 ден.

Глорија Тодорова - 1 место - 6000 ден.

Ментор - Живко Андонов - 4000 ден.

Ментор - Ристо Спасов - 4000 ден.

**4.ООУ ОРЦЕ НИКОЛОВ – ИЊЕВО**

Јасмина Манева - 3 место – 2000 ден.

Ментор – Јасмина Николова – 4000 ден.

**5.ООУ КОСТА РАЦИН – ПОДАРЕШ**

Прво (екипно) место во одбојка на државно првенство – 12 000 ден.

1.Роберт Златков, 2.Дејвид Костадинов, 3. Трајче Петров, 4. Павел Атанасов, 5. Столе Илиев, 6. Ненад Крстев, 7. Александар Коцев, 8. Александар Поцев, 9. Стефан Милевски, 10. Стивен Митев, 11. Јорданче Сарафимов и 12. Давид Здравков

Ментор – Симеон Џеков - 4000 ден.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на web страната на општина Радовиш,

Број 08-1810/1 Совет на општина Радовиш
Дата 18.12. 2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
за прогласување и објавување
на Одлука за донесување на Програма за одбележување на празници и значајни настани во 2024 година и Програма за одбележување на празници и значајни настани во 2024 година

Ја прогласувам и објавувам одлуката за донесување на Програма за одбележување на празници и значајни настани во 2024 година бр.08-1811/1 и Програма за одбележување на празници и значајни настани во 2024 година, бр.08-1811/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 18.12.2023 година.

Број 09-1811/3 Градоначалник
Дата 19.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на XL седница одржана на 18.12.2023 година, донесе:

**ПРОГРАМА**

**ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ И ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ во 2024 год.**

Општина Радовиш во соработка со локалните културни и образовни установи, институции, здруженија и др., традиционално ги одбележуваат сите национални и општински празници, верски празници како и дел од меѓународните одбележувања на одредени значајни настани.

Во Програмата за одбележување на празници и значајни настани во 2024 год. се предвидува одбележување на следните празници и значајни настани :

**Јануари / Февруари**

**1. 19-ти Јануари, Водици**

Света Божествена литургија и верско фрлање на крстот

Носители : ЕЛС општина Радовиш, Црква Св.Пророк Илија , Храм Св.Троица

**2. Јануари / Мај 2024, Спомен обележје на загинати бранители**

Полагање на свежо цвеќе

Носители : ЕЛС општина Радовиш, МВР ПС Радовиш

**Март**

**3. 8-ми Март, Меѓународен ден на жената**

Носители : ЕЛС општина Радовиш, Здруженија

**4. 21-ви Март, Ден на пролетта**

Носители : ЕЛС општина Радовиш, Основни и Средно општинско училиште

**Април**

**5. 7-ми Април, Светски ден на Здравјето**

Носители : ЕЛС општина Радовиш, ЈЗО Здравствен Дом

**Мај**

**6. 4-ти Мај, Одбележување на годишнина од смртта на Гоце Делчев**
Полагање на свежо цвеќе
Носители : ЕЛС општина Радовиш, Сојуз на борци на општина Радовиш

**7. 5-ти Мај, Велигден**
Света Божествена литургија ; Избор на најубава велигденска креација ;
Фестивал „Велигденски средби 2024“
Носители : ЕЛС општина Радовиш, Црква Св.Пророк Илија, Храм Св.Троица
Центар за култура Ацо Караманов, ФА Китка

**8. 9-ти Мај, Победа над фашизмот и Ден на Европа**
Полагање на свежо цвеќе, културно-забавна програма
Носители : ЕЛС општина Радовиш , Сојуз на борци на општина Радовиш

**9. 20-ти Мај, Ден на пожарникарите во Република Македонија**
Носители : ЕЛС општина Радовиш, ТППЕ Радовиш

**10. 24-ти Мај, Ден на просветата и на просветителите Св.Кирил и Методиј**
Носители : ЕЛС општина Радовиш, ООУ, СОУ, Центар за култура Ацо Караманов
ОНБ Браќа Миладиновци

**Јуни**

**11. 16-ти Јуни, Курбан Бајрам**
Јуручки Фестивал 2024
Носители : ЕЛС општина Радовиш, Здружение

**12. 23-24-ти Јуни, Св.Троица – Православен верски празник**
Света Архиерејска литургија во храм Св.Троица
Носители : ЕЛС општина Радовиш, Храм Св.Троица, ФА Бучим, ДЛУР РАДА

**Јули**

**13. 7-ми Јули, Одбележување на годишнина од смртта на Дедо Дане Трајков**
Полагање на свежо цвеќе
Носители : ЕЛС општина Радовиш, Сојуз на борци на општина Радовиш

**Август**

**14. 2-ри Август, Илинден**
Полагање на свежо цвеќе, културно-уметничка програма
Носители : ЕЛС општина Радовиш, Сојуз на борци на општина Радовиш,

**15. 21-ви Август, Св.Спасо Радовишки**
Света Архиерејска литургија, културно-уметничка програма
Носители : ЕЛС општина Радовиш, Храм Св.Троица, Здружение

**16. 28-ми Август, Успение на Пресвета Богородица**
Света Божествена литургија
Носители : ЕЛС општина Радовиш, Црква Св.Пророк Илија , Храм Св.Троица

**Септември**

**17. 8-ми Септември, Ден на независноста на Р. С. Македонија**
Полагање на свежо цвеќе, Културно-забавна програма
Носители : ЕЛС општина Радовиш, Центар за култура Ацо Караманов

**Октомври**

**18. 11-ти Октомври, Ден на востанието во Р. С. Македонија**
Полагање на свежо цвеќе
Носител : ЕЛС општина Радовиш, Сојуз на борците на општина Радовиш

**19. 22-ти Октомври, Ден на опожарувањето на Радовиш**
Полагање на свежо цвеќе
Носител : ЕЛС општина Радовиш, Сојуз на борците на општина Радовиш

**20. 23-ти Октомври, Ден на Македонското револуционерно движење**
Полагање на свежо цвеќе, промоција на книга
Носители : ЕЛС општина Радовиш, Сојуз на борците на општина Радовиш
ОНБ Браќа Миладиновци

**Ноември**

**21. 6-ти Ноември , Ден на ослободувањето на Радовиш**

Доделување на плакети и признаниа, свечена академија
Носители: ЕЛС општина Радовиш, Цен за култура Ацо Караманов, ОНБ Браќа Миладиновци
**Декември**
**22. 8-ми Декември, Св.Климент Охридски**
Света Божествена литургија во храм Св.Троица
**23. 19-ти Декември, Првиот партизански одред на планина Плачковица**
Полагање на свежо цвеќе
Носители : ЕЛС општина Радовиш, Сојуз на борците на општина Радовиш
**24. 28-31 Декември, Новогодишна програма за дочек на 2025 година.**
Носители : ЕЛС општина Радовиш, Центар за култура Ацо Караманов
Дел од активностите на општина Радовиш утврдени во Програмата за одбележување на празници и значајни настани во 2024 год, ќе се финансираат од средства преку склучените Договори за јавни набавки предвидени во Буџетот на општина Радовиш за 2024 год. а дел од буџетската програма К4. Одредени активности поврзани со одредени одбележувања ќе бидат предвидени и во Програмата за активности од областа на културата во општина Радовиш.
Програмата влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1811/2 Совет на Општина Радовиш
Дата 18.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа(Сл.Весник на РМ 5/02) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Радовиш ( Службен гласник бр. 05/02 ) ,

Советот на Општина Радовиш на XL седницата одржана на ден 18.12.2023 година, донесе:

О Д Л У К А
за донесување на Програма за одбележување на празници и значајни настани во 2024 година

I. Се донесува Програма Програма за одбележување на празници и значајни настани во 2024 година.

II. Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1811/1 Совет на општина Радовиш
Дата 18.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за донесување на Програма за активностите на Општина Радовиш во областа на културата во 2024 година и Програма за активностите на Општина Радовиш во областа на културата во 2024 година

Ја прогласувам и објавувам одлуката за донесување на Програма за активностите на Општина Радовиш во областа на културата во 2024 година бр.08-1812/1 и Програма за активностите на Општина Радовиш во областа на културата во 2024 година, бр.08-1812/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 18.12.2023 година.

Број 09-1812/3 Градоначалник
Дата 19.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа(Сл.Весник на РМ 5/02) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Радовиш ( Службен гласник бр. 05/02 ) ,

Советот на Општина Радовиш на XL седницата одржана на ден 18.12.2023 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА РАДОВИШ ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ВО 2024 год.**

**I. Вовед**

Општина Радовиш со цел значително да го збогати културно-забавниот живот на граѓаните преку задоволување на нивните културни права и потреби, во Програмата за 2024 год. предвидува голем број културни активности. Програмата, која пред се ќе се реализира во соработка со локалните културни и образовни установи како и со здруженија на граѓани и организации кои се бават со дејноста култура, ќе опфати квалитетни, оригинални и разновидни културни содржини кои во непосреден контакт со граѓаните ќе ги задоволат јавните потреби за културата во општина Радовиш.

**II. Цели**

- Доближување на културата до сите граѓани, преку нивно директно и рамноправно учество како корисници и како творци во културните случувања ;
- Поттикнување и подржување на активности за негување на фолклорот, обичаите и вредностите кои се својствени за традицијата на нашето поднебје како и поттикнување на современо творештво со фокус на културните потреби кај младите ;
- Организирање на културни манифестации со презентирање на културното и нематеријално творештво и афирмирање и одржување на материјалното, духовното и културното наследство ;
- Сочувување на културниот идентитет и промовирање и подржување на нови идеи и проекти кои ќе ја афирмираат општина Радовиш како културен центар;
- Проширување и интензивирање на меѓународната културна соработка ;

**III. Активности**

Активностите на општина Радовиш во областа на културата, пред се ќе бидат насочени кон поттикнување, подржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма. Главните активности ќе се однесуваат на :

- Продолжување на континуитетот на традиционалните културно-уметнички манифестации
- Поттикнување на локалните културни установи и соработка со здруженијата во реализирањето на годишната програма ;
- Зајакнување и проширување на меѓународната соработка во областа на културата со збратимените општини на општина Радовиш ;

1. **Манифестации во 2024 год.:**

| Р.б. | Манифестација | Датум | Носител | Планирани средства |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Богојавление, Водици | 19.01 | ЕЛС општина Радовиш, Цркви Св.Илија, Св.Троица | |
| 2. | Манифестација : Здраво живо баба марта | Март | ЕЛС општина Радовиш, ОНБ Браќа Миладиновци | |
| 3. | Манифестација Пролет на сребрените соништа | Април | ЕЛС општина Радовиш Здружение Невена | |
| 4. | Манифестација Велигденски креации | Април | ЕЛС општина Радовиш, ОУ ЦК Ацо Караманов | |
| 5. | Фестивал Велигденски средби | Мај | ЕЛС општина Радовиш, ФА Китка | |
| 6. | Европски ден во Радовиш | 9 Мај | ЕЛС општина Радовиш Совет на млади СОУ Коста Сусинов | |
| 7. | Ден на просветата | 24.05 | ЕЛС општина Радовиш, СОУ, ООУ, ЈОУДГ | |
| 8. | Детски радовишки карневал | Јуни | ЕЛС општина Радовиш, ОУ ЦК Ацо Караманов | |
| 9. | Детски фолклорен фестивал Оро Весело | Јуни | ЕЛС општина Радовиш ФА Бучим | |
| 10. | Караманова летна сцена | Јуни-Август | ЕЛС општина Радовиш, ОУ ЦК Ацо Караманов | |
| 11. | Меѓународна ликовна колонија | Јуни-Јули | ЕЛС општина Радовиш, ДЛУР РАДА | |
| 12. | Проект Калабалак Експириенс 2024 | Јули | ЕЛС општина Радовиш, Здружение на граѓани | |
| 13. | Јуручки Фестивал 2024 | Јули | ЕЛС општина Радовиш, КХО на Турците | |
| 14. | Мото Хепенинг 2024 | Јули | ЕЛС општина Радовиш, Здружение | |
| 15. | Манифестација Св.Спасо Радовишки | 21.08 | ЕЛС општина Радовиш, ОУ ЦК Ацо Караманов Храм Св.Троица | |
| 16. | Блуз фестивал 2024 | Август | ЕЛС општина Радовиш, Здружение | |
| 17. | Есенски плодови | Септември | ЕЛС општина Радовиш, Здружение | |
| 18. | Караманови поетски средби | Септември | ЕЛС општина Радовиш, ОУ ЦК Ацо Караманов | |
| 19. | Манифестација САМУН ем ТАТЛИЈА | Октомври | ЕЛС општина Радовиш, ОУ ЦК Ацо Караманов Здружение | |
| 20. | 6 ти Ноември, Ден на ослободувањето | 06.11 | ЕЛС општина Радовиш, ОУ ЦК Ацо Караманов | |
| 21. | Светски ден на детето | Ноември | ЕЛС општина Радовиш ООУ, ЈОУДГ | |
| 22. | Новогодишна програма за дочек на 2025 | Декември | ЕЛС општина Радовиш, ОУ ЦК Ацо Караманов | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 23. | Годишни концерти на соло изведувачи, модерен балет, црковни хорови и сл. | 2024 год. | ЕЛС општина Радовиш, Балетско студио | 100.000 ден. |
| 24. | Подршка на уметници, ансамбли и здруженија за патувања и учество на фестивали во земјата и странство, поддршка на јубилеи и значајни настани, поддршка на фолклорни смотри и набавка на носии. | 2024 год. | ЕЛС општина Радовиш | 150.000 ден. |
| 25. | Поддршка на издавачка и драмска дејност, аудио-визуелно творештво, уметничко и сценско творештво и кинематографија на локално ниво | 2024 год. | ЕЛС општина Радовиш | 150.000 ден. |
| 26. | Поддршка на проекти за заштита и користење на културното наследство | 2024 год. | ЕЛС општина Радовиш | 100.000 ден. |
| | **Вкупно предвидени средства во програма =** | | **ЕЛС општина Радовиш = 2.000.000 ден. Донации = 1.000.000 ден.** | **Вкупно = 3,000,000 ден.** |

Вкупната сума за програмата за активностите од областа на културата во 2024 год. во општина Радовиш, согласно реалните потреби за остварување на целите на оваа програма, изнесуваат 3.000.000 денари од кои 2.000.000 ден. од сопствениот буџет и 1.000.000 ден. од донации. Средствата ќе бидат предвидени во буџетската програма К4 во Буџетот на општина Радовиш за 2024 год.

Подршката на установите и здруженијата од областа на културата ќе се темели на реалните проекти и барања кои ќе ги задоволуваат културните потреби на граѓаните на општина Радовиш. Дел од средствата во предвидени за здруженијата на граѓани, ќе бидат распоредени во Јануари 2024 год. согласно методологијата за распределба на средства.

Останатите средства од К4 програмата, ќе бидат распоредени согласно останатите предвидени активности во Програмата за активности од областа на културата како и со поединечно донесени Одлуки од страна на Советот на општина Радовиш, во текот на 2024 година а согласно оваа Програма.

Корисниците на средствата од програмата и буџетот на општина Радовиш, се должни во делот на наменското и економичното трошење на доделените финансиски средства, задолжително да ги почитуват и применуват одредбите од Законот за јавни набавки и другите позитивни прописи во Р.Македонија.

Средствата за локалните установи од културата ќе бидат предвидени во програмите К1 – Библиотекарство и К2 – Музичко-сценска дејност во буџетот на општина Радовиш, согласно доставените годишни програми и финансиски планови од самите установи.

Доколку се планираат одредени инфраструктурни активности во 2024 год. како градба, реконструкција, одржување и слично кај локалните културни установи, финансиските

средства можат да бидат предвидени во самите нивни буџетски програми К1 и К2, или доколку директно ги реализира ЕЛС општина Радовиш, истите ќе бидат предвидени во буџетска програма КА – Културни манифестации и творешво – Капитални трошоци или во Програмата за уредување на градежно земјиште, како и во Годишниот план за јавни набавки во 2024 год.

Исто така за инфраструктурни инвестиции во локалните културни установи, ЕЛС општина Радовиш ќе аплицира до Министерството за култура на Р.С.Македонија на јавниот повик за Годишната програма за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа во областа на културата.

Доколку се јават реални потреби во текот на годината, до Комисијата за култура, образование и спорт и Советот на општина Радовиш може да бидат предложени одредени измени и дополнувања на Програмата за активностите од областа на културата.

Програмата влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1812/2 Совет на општина Радовиш
Дата 18.12. 2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа(Сл.Весник на РМ 5/02) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Радовиш ( Службен гласник бр. 05/02 ) ,

Советот на Општина Радовиш на XL седницата одржана на ден 18.12.2023 година, донесе:

О Д Л У К А
за донесување на Програма за активностите на Општина Радовиш во областа на културата во 2024 година

I. Се донесува Програма за активностите на Општина Радовиш во областа на културата во 2024 година.

II. Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1812/1 Совет на општина Радовиш
Дата 18.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за донесување Програма за јавните потреби на спортот во Општина Радовиш за 2024 година и Програма за јавните потреби на спортот во Општина Радовиш за 2024 година

Ја прогласувам и објавувам одлуката за донесување Програма за јавните потреби на спортот во Општина Радовиш за 2024 година бр.08-1813/1 и Програма за јавните потреби на спортот во Општина Радовиш за 2024 година, бр.08-1813/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 18.12.2023 година.

Број 09-1813/3 Градоначалник
Дата 19.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа(Сл.Весник на РМ 5/02) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XL седницата одржана на ден 18.12.2023 година, донесе:

**ПРОГРАМА ЗА ЈАВНИТЕ ПОТРЕБИ НА СПОРТОТ ВО ОПШТИНА РАДОВИШ ЗА 2024 година**

**I.Вовед**

Во изминатите неколку години, општина Радовиш сериозно вложува напори и финансиски средства и во спортската инфраструктура и во спортските кадри, создавајќи услови и можности за активен спортско-рекреативен живот на сите граѓани.

Во Програмата за 2024 година покрај подршката за спортските клубови и здруженија и организирањето на веќе традиционалните спортски манифестации, се очекуваат и нови иницијативи и идеи за унапредување и усовршување на целокупните активности во областа на спортот, за кои ЕЛС општина Радовиш ќе ја даде својата максимална подршка.

**II.Цели**

Основни цели на Програмата за јавните потреби на спортот во општина Радовиш се :

- Учество на општина Радовиш во планирање, организирање и реализирање на активности во областа на спортот и младите ;
- Унапредување и збогатување на спортско-рекреативниот живот, особено на младите во општина Радовиш и создавање услови за нивно правилно насочување и организирање на нивните слободни активности ;
- Создавање услови за настапи во земјата и странство на наши истакнати спортисти и млади спортски надежи, овозможување на развој на масовниот спорт и поттикнување на субјектите во кои спортуваат млади спортисти
- Афирмирање на општина Радовиш како општина со голем спортски потенцијал и подршка на спортските манифестации кои ја промовираат и развиваат општината на регионално, национално и меѓународно ниво ;

**III. Активности:**

Активностите во областа на спортот во општина Радовиш ќе бидат насочени кон подршка и помагање на остварувањето на целите на оваа Програма. Во текот на 2023 год. согласно последните измени на Законот за спорт, особено внимание ќе се посвети на регулативите за правилно користење и одржување на спортските објекти во општина Радовиш како и на поттикнувањето на спортските таленти и нивните тренери.

Во 2024 год. планирано е донесување на *Правилник за критериуми за доделување на еднократни награди на талентирани спортисти*

Во програмата за јавните потреби во спортот во општина Радовиш за 2024 год. се предвидува реализација на следните активности :

1. **Поддршка на спортски клубови и здруженија :**

| Р.б. | Спортски клуб / здружение | Активности и фин.подршка |
|---|---|---|
| 1. | Спортски клубови кои учествуваат во редовен систем на натпреварување | Според годишна програма |
| 2. | Здруженија на граѓани – клубови кои учествуват на турнири и др.натпреварувања | Според годишна програма |

2. **Поддршка на Сојузи и училишен спорт**

| Р.б. | Спортски клуб / здружение | Активности |
|---|---|---|
| 1. | Општински фудбалски сојуз Радовиш | Според годишна програма |
| 2. | Општински фудбалски клубови – прва, втора лига, општинска лига | Според годишна програма |
| 3. | Општински сојуз на училишен спорт | Според годишна програма |
| 4. | Училишни спортски клубови | Според годишна програма |

3. **Поддршка на спортски манифестации**

| Р.б. | Манифестација | Датум | Носител |
|---|---|---|---|
| 1. | Спортист на годината за 2023-та | Февруари | ЕЛС општина Радовиш |
| 2. | Одбојкарски куп на Р.М. | Април | ЕЛС општина Радовиш, Федерација |
| 3. | Првомајски трки 2024-та | 01.05 | ЕЛС општина Радовиш, ОСУС |
| 4. | Меѓународен турнир во стрелаштво Радовиш 2024 | Април-Мај | ЕЛС општина Радовиш, Здружение |
| 5. | Турнир во баскет Стреетбал 2024 | Јуни | ЕЛС општина Радовиш, Здружение |
| 6. | Меморијален турнир во фудбал Тополница 2024 | Јули - Август | ЕЛС општина Радовиш, Здружение |
| 7. | Меморијален планински марш | Јули | ЕЛС општина Радовиш, Здружение |
| 8. | Планински велоспипедски маратон 2024 | Јули | ЕЛС општина Радовиш, Здружение |
| 9. | Илинденски турнир во мал фудбал Ораовица | Јули-Август | ЕЛС општина Радовиш, Здружение |
| 10. | Меѓународен турнир во риболов | Август | ЕЛС општина Радовиш, Здружение |
| 11. | Општински турнир во Тенис | Август | ЕЛС општина Радовиш, Здружение |
| 12. | Европска недела на спортот | Септември | ЕЛС општина Радовиш, Сов.млади |
| 13. | 6 то Ноемвриски турнир во мал фудбал | Октомври-Ноември | ЕЛС општина Радовиш |
| 14. | Поддршка на Манифестации во соработка со АМС | 2024 | ЕЛС општина Радовиш |

Програмата е изготвена врз основа на Законот за спорт и Законот за локална самоуправа како и врз основа на годишните програми кои ги доставуваат спортските клубови, сојузи и здруженија од општина Радовиш. Општина Радовиш ќе ги стави на располагање сите свои ресурси во насока на сочувување на континуитетот на традиционалните спортови и спортски манифестации, развивање на масовниот спорт и одржување на спортските објекти.
За подршка на активностите во областа на спортот во општина Радовиш согласно годишната програма за 2024 год. во програмата L0 во Буџетот на општина Радовиш ќе бидат предвидени финансиски средства во износ од **8.900.000 ден.**
Дел од предвидените средства ќе бидат распоредени по претходно објавен Јавен оглас на Советот на општина Радовиш согласно методологијата за распределба а останатиот дел со посебни Одлуки од страна на Советот, доколку серојават дополнителни иницијативи во однос на организација на државни или изборни првенства, турнири, учества на меѓународни натпревари, промоции и други активности од областа на спортот.
Во однос на спортската инфраструктура, активностите во делот на подготовка на техничка документација и реконструкција на спортските објекти ќе бидат предвидени во програмата за уредување на градежно земјиште за 2024 год.

Програмата влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1813/2 Совет на општина Радовиш
Дата 18.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа(Сл.Весник на РМ 5/02) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XL седницата одржана на ден 18.12.2023 година, донесе:

О Д Л У К А
за донесување Програма за јавните потреби на спортот во Општина Радовиш за 2024 година

I. Се донесува Програма за јавните потреби на спортот во Општина Радовиш за 2024 година.

II. Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1813/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 18.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за усвојување на Програма за работата на Општинскиот Совет за детско престапништво во Општина Радовиш и Програма за работата на Општинскиот Совет за детско престапништво во Општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам одлуката за усвојување на Програма за работата на Општинскиот Совет за детско престапништво во Општина Радовиш бр.08-1814/1 и Програма за работата на Општинскиот Совет за детско престапништво во Општина Радовиш, бр.08-1814/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 18.12.2023 година.

Број 09-1814/3 Градоначалник
Дата 19.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на РМ 5/02), член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Радовиш

Советот на општина Радовиш на XL седница одржана на 18.12.2023 година, донесе

# ПРОГРАМА

ЗА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО ВО ОПШТИНА РАДОВИШ

**ОБЛАСТ:** Заштита на правата на малолетниците и спречување на малолетничкото престапништво на територијата на Општина Радовиш.

**БУЏЕТ:** Средства за остварување на програмата на Општинскиот совет се обезбедуваат во рамките на финансиските средства од Буџетот на Општина Радовиш.

**ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА:** Од страна на Општинскиот совет

Период на реализација: јануари 2024 година – декември 2024 година

С О Д Р Ж И Н А

1. ВОВЕД
2. ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМА, АКЦИСКИ ПЛАНОВИ, ИЗВЕШТАИ, БУЏЕТ И СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИ НА ОПШТИНСКО НИВО.
3. ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРАВНАТА РАМКА И НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА СИСТЕМОТ НА МАЛОЛЕТНИЧКА ПРАВДА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.
4. ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОШИРОКО ЗАПОЗНАВАЊЕ СО ПРАВАТА НА МАЛОЛЕТНИЦИТЕ, НИВНА ЗАШТИТА И ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ СПРЕЧУВАЊЕТО НА МАЛОЛЕТНИЧКОТО ПРЕСТАПНИШТВО.
5. ФИНАНСИСКА СТРУКТУРА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА МАЛОЛЕТНИЧКОТО ПРЕСТАПНИШТВО

**РЕЗИМЕ**

Децата како автономни личности имаат свои специфични потреби, но и свои права, што ги одвојува како посебно осетлива и ранлива група, особено ако се изложени на одредени ризици. Но иако преку документите за правата на децата се настојува да се осигураат подобри животни услови, грижа и заштита од страна на возрасните/државите во најдобар интерес на децата, сепак факт е дека голем број на деца во светот се изложени на опасности кои го загрозуваат нивното растење и развој.

Децата се уште се жртви на насилство, експлоатација, различни форми на злоупотреба и разни други повреди на нивните права. Очигледно постои расчекор помеѓу декларативните права на децата кои им се гарантираат преку документите и нивните реални права. Преземајќи одредени мерки за посоодветно остварување на правата на децата загарантирани со Уставот и законите, а согласно Конвенцијата за правата на детето[1] , во последните години во нашата држава, посебно внимание се посветува на положбата на децата во ризик и децата во судир со законот и превенција од овие состојби. Во таа насока донесувањето на Законот за правда на децата[2] претставува голем напредок во заштитата на децата и на нивните права, а посебно во делот за превенција на детското престапништво кој предвидува формирање на соодветни тела, форми и начини на постапување.

Планирањето на превенција на детското престапништво е сериозна задача и голема одговорност што претпоставува познавање на превенциската наука и нејзините теоретски основи, но и нејзино практично имплементирање преку примена на превентивни програми. Низ концептот на ризични и заштитни фактори, преку дефинирање на детското престапништво и одредување на видовите на превенција, но и презентирање на меѓународните искуства во планирање на превенцијата и развивање на превентивни програми, во програмата се објаснува како да се развие планирана, организирана и ефективна превенција, со јасна позиција на локалната заедница и општинските совети за превенција на детско престапништво. Превентивните програми треба да се комплексни, да вклучат голем број на професионалци, деца и нивните родители кои треба да научат како да се справат со сегашните, но и со идните проблеми кои може да се појават во текот на детското растење.

Примената на различни модели на превентивни програми даваат позитивен одговор на одредени ризици, особено оние кои се базирани на докази и што се евалуирани.

Превенцијата финансиски е исплатлива ако се спореди со фискалните импликации што ги носи третманот, интервенцијата и дополнителната институционална или вонсемејна грижа за децата. Но траумата и последиците од негативните детски искуства е нешто што нема цена, не може да се измери и спореди. Затоа најголемите материјални, човечки, емотивни вложувања, треба да бидат за децата, во нивниот интерес, заштита и за нивната добросостојба.

## 1. ВОВЕД

---

[1] Konvencija za pravata na deteto.(2010), Skopje:UNICEF

[2] Закон за правда на децата (Службен весник на РМ, бр. 148 од 29.10.2013);

Превенцијата на детското престапништво во нашата држава е призната како прашање од стратешки приоритет за добросостојба на децата, семејствата и општетсвото. Постојат законски услови за превентивно дејствување, бидејќи превенцијата е составен дел во Законот за социјална заштита[3] , Стратешкиот план на Министертвото за труд и социјална политика 2021-2023[4] , а пред се во Законот за правда за децата во кој едно од најзначајните начела врз кои е заснован е превенција на детското престапништво.

Превенцијата е хуман императив на денешнината, бидејќи различните ризици во кои може да се најдат децата раѓаат голема болка и страдање не само кај нив, туку и кај нивните родители и целата заедница.[5] Децата кои во раното детство и младост се жртви на насилство, живеат во тешки материјални услови, во дисфункционални семејства, конзумираат алкохол, дрога, го напуштаат училиштето, насилни се кон себе и другите, склони кон скитање и бегање од дома, изложени се на многу ризици и длабоко ги чувствуваат последиците од истите. Воочувајќи ги овие проблеми и последиците од нив на индивидуално и социјално ниво, експертите уште пред триесетина години ги предупредуваа родителите, наставниците и професионалците кои работат со деца на потребата од рана превенција.

Денес спектарот на ризични однесувања е проширен на нови ризици како што се политоксикоманија (комбинација на различни психотропни супстанци со алкохол), брзо пиење алкохол заради опивање, „hook up" култура (сексуални односи со што повеќе партнери), хазардни ноќни трки и ризични возења со автомобили или мотори, проблеми со исхрана, со спиење и прифаќање на ризични животни стилови. На овие ризик фактори многу е тешко да се најдат соодветни протективни, фактори на заштита.

______________________________ [3]Закон за социјална заштита (Сл.весник на РСМ,бр.104 од 23.05.2019); [4]https://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx; 5,10,16 Bašić, J., Ferić Šlehan, M., Kranţelić Tavra, V. (2007), Zajednice koje brinu-model prevencije poremećaja u ponašanju: Strategijska promišljanja, resursi programi u Istarskoj zupaniji. Istarska zupanija i Sveučilište u Zagrebu. Zagreb: Edukacijsko-rehabilitacijski fakultet;[5]

Хетерогенезата на причините и нивната интеракција е динамичен систем кој бара препознавање на непосредни заштитни фактори.

Во сите овие облици најважен заштитен фактор е поддршка како на децата, така и на нивните семејствата, силна семејна супервизија од страна на професионалци. Превенцијата не подразбира само нешто што треба да се спречи и да се намали, туку превенцијата денес добива позитивно значење и се именува со позитивни термини како што се поттикнување, поддржување, развивање, рано идентификување, навремено реагирање. Без знаење и идентификување на проблемите на децата, без осознавање на видот и степенот на отстапување во однесувањето кај оваа најранлива популација, не е возможно да се замисли и отпочне организирана превентивна активност. Невозможно е да се развијат ефективни превентивни програми, без опфаќање на етиолошкиот аспект и разбирање на причините за појава на детско престапништво, односно идентификување на факторите на ризик и факторите на заштита и вклученост на децата во криминални активности.

Согласно овој концепт потребно е развивање на превентивните програми,

за да се зајакнат заштитните фактори кои ќе водат кон развивање на отпорни личности, деца кои ќе покажат поголема резилиентност од претходната нивна генерација.

Превенцијата не е видлива и опиплива, таа е феномен чии ефекти не се гледаат сега и веднаш по спроведување на одредена програма. Обично ефектите од делување на програмата се гледаат во годините што следуваат, кога децата влегуваат во критичен период, во период на адолесценција, а нивните родители односно семејството се неподготвени и оптеретени со други животни проблеми и често од заштитен фактор стануваат фактори на ризик. Причина за ваквата состојба е недостаток од единствена теоретска основа која би значела појдовна точка во планирањето и програмирањето на превентивните активности. Само преку практицирање на превентивните програми на многу похуман и посестран начин ќе се оствари заштитата на децата од негативните последици кои ги носи престапничкото однесување.

Согласно одредбите од чл.158 и чл.159 од Законот за малолетничка правда, Одлуката на Советот на општина Радовиш бр.08-616/1 од 29.03.2022 година за формирање на Општински совет за превенција од малолетничко престапништво на град Радовиш и на седницата одржана на ден 09.06.2022 година е донесено Решение бр.08-1066/1 за именување на членовите на Општинскиот совет.

Општинскиот Совет за превенција од малолетничко престапништво на град Радовиш е тело преку кое се операционализира Националната стратегија за превенција од малолетничко престапништво и Општинскиот совет врши проценка на состојбите на локално ниво, ги идентификува факторите на ризик и заштитните фактори, како и потребите на локалното население, ја координира работата со сите релевантни фактори, образование, здравство, социјална заштита, полиција, семејството и собира податоци за состојбата со малолетничкото престапништво.

**<u>Општинскиот совет ги има следните надлежности</u>**:

- Донесува годишна програма и акциони планови за остварување на програмата;
- Донесува Деловник за својата работа;
- Предлага средства во предлогот на буџетската пресметка на Општина Радовиш потребни за работата на советот;
- Дава иницијативи до Државниот совет за превенција од малолетничко престапништво, за подобрување на законските решенија и мислења за предлози на закони од значење за заштитата на правата на малолетниците и спречувањето на малолетничкото престапништво;
- Ја следи состојбата со малолетничкото престапништво на територијата на Општината и покренува иницијативи за подобрување на детектираните состојби;
- Покренува иницијативи за пошироко запознавање на

граѓаните со правата на малолетниците и расправи за здраво семејство, за заштита на малолетниците од наркоманија, алкохолизам и други болести на зависност, за проблемите на образованието и воспитувањето, за односот на средствата за јавно информирање и за другите фактори кои влијаат врз спречувањето на малолетничкото престапништво;

- оработува со средните и основните училишта, со невалдини организации ангажирани во заштитата на правата на детето и спречувањето на малолетничкото престапништво и други институции кои се занимаваат со проблематиката на малолетниците;
- Подготвува шестемесечни и годишни извештаи за својата работа и за состојбите во областа на правата на детето и малолетничкото престапништво што ги доставува до Советот на Општината и до Државниот Совет за превенција од малолетничко престапништво;
- Предлага препораки за вклучување на бизнис заедницата во проблематиката со малолетничкото престапништво и тоа преку вклучување на постари малолетни лица во ризик и нивните семејства во работниот процес заради развивање на работни вештини,одговорност, соработка, тимска и индивидуална работа заработувачка и други активности.

Поради спроведување на овие надлежности, Општинскиот совет ја донесува оваа програма со можност, доколку за тоа се јави потреба, истата да биде надополнувана и унапредувана во текот на нејзиното спроведување. Врз основа на оваа програма Советот ќе изработи годишни акциски планови со јасно утврдени надлежности, рокови и буџет.

## 2. ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМА, АКЦИСИКИ ПЛАНОВИ, ИЗВЕШТАИ, БУЏЕТ И СОРАБОТКА

1. Изработува Програма за работа и годишни акциски планови за остварување на Програмата;

2. П
Следи и врши евалуација на спроведување на Програма за работа на Општинскиот совет;

3. Предлага средства во предлогот на буџетската пресметка на Советот на Општина Радовиш потребни за работа на советот; П

4. Подготвува шестмесечен и годишен извештај за својата работа и за состојбите во областа на правата на детето и малолетничкото престапништво што ги доставува до Советот на Општина Радовиш и до Државниот Совет за превенција од малолетничко престапништво;

Изработува стратегија за односи со јавноста за информирање на граѓаните на Општина Раддовиш за значењето и улогата на Општинскиот совет за превенција од малолетничкото престапништво;

## 3. ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРАВНАТА РАМКА И НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Следење на имплементацијата на Законот за малолетничка правда и иницирање на измени и дополнување на законскиот текст со цел негова полесна примена во практиката преку доставување на предлози до Државниот Совет за превенција од малолетничко престапништво.

Следење на имплементација на нормативната рамка вклучувајќи ги подзаконските акти, стандардите, протоколите и упатствата кои произлегуваат од Законот за малолетничка правда како и други Закони кои што директно се однесуваат на малолетниците;

## 4. ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОШИРОКО ЗАПОЗНАВАЊЕ СО ПРАВАТА НА МАЛОЛЕТНИЦИТЕ, НИВНА ЗАШТИТА И ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ СПРЕЧУВАЊЕТО НА МАЛОЛЕТНИЧКОТО ПРЕСТАПНИШТВО

1. Иницира активности со цел сензибилизирање и подигање на јавната свест за проблемот на малолетничкото престапништво низ поттикнување на активен, содржински и квалитетен дијалог и соработка во рамките на постоечките институционални облици во Општина Радовиш;
2. Иницира јавни расправи за проблемот со малолетничкото престапништво со учество на стручни лица од повеќе области –психолози, педагози, социјални работници, лекари, претставници од невладиниот сектор;
3. Иницира и развива соработка со основните и средни училишта во Општина Радовиш заради иницирање и поддршка на информативно–едукативни средби со менаџерските тимови на сите основни и средни училиштата во Републиката, вклучително и училишни стручни тимови, претставници на совети на родители и училишни одбори;
4. Иницира и развива соработка со локалната заедница и иницира одржување на информативно–едукативни средби со градоначалникот и советниците на кои ќе присуствуваат претставници од локалната ЦСР, МВР, судови, и јавни обвинителства, Општински совети за превенција, НВО, медиуми;
5. Прави мапирање на НВО-и и создавање регистар на НВО-и чиј предмет на интерес и целна група се деца со цел активно вклучување на невладиниот сектот во превенција од малолетничко претапништво;

6. Покренува иницијатива за основање на дневни центри за престој на малолетници, како и дисциплински центри со запазување на минимум стандарди за третман на малолетниците;

7. Иницира воведување и рализирање на програмски – наставни едукативни содржини за самозаштита на деца од малолетничкото престапништво во детските градинки, основите и средните училишта, кои што ќе бидат реализирани од училишните педагози и психолози, со обработување на повеќе теми периодично;

8. Иницира одржување на едукативни средби со родителите на деца кои посетуваат детска градинка, основно и средно училиште заради препознавање на ризиците од престапништво и можност родителите да ја добијат потребната едукација;

9. Иницира вклучување на бизнис заедницата во заштита на правата на малолетниците преку изготвување на програми за вклучување на децата во ризик во работниот процес заради стекнување на работни вештини и знаења, стекнување на одговорност, можност за заработувачка како и изготвување на проекти за помош на децата во ризик а во чија реализација ќе биде вклучена и бизнис заедницата.

## 5. ФИНАНСКИСКА СТРУКТУРА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА МАЛОЛЕТНИЧКОТО ПРЕСТАПНИШТВО

| Р.бр. | Опис | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Печатен материјал-флаери, брошури | 50.000,00ден. |
| 2. | Договорни услуги – предавачи | 50.000,00ден. |
| 3. | Непредвидени расходи | 20.000,00ден. И |
| 4. | **Вкупна вредност на Програмата** | **120.000,00ден.** |

После донесувањето на Програмата и нејзиното усвојување од Советот на

Општина Радовиш, ќе следи изготвување на Годишен акционен план за имплементација на Програмата во која ќе бидат наведени сите поединечни активности со утврден рок на реализација.

Програмата влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1814/2 Совет на општина Радовиш
Дата 18.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на РМ 5/02), член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Радовиш

Советот на општина Радовиш на XL седница одржана на 18.12.2023 година, донесе

О Д Л У К А
за усвојување на Програма за работата на Општинскиот Совет за детско престапништво во Општина Радовиш

I. Се усвојува Програмата за работата на Општинскиот Совет за детско престапништво во Општина Радовиш

II. Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1814/1 Совет на општина Радовиш
Дата 18.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за донесување на Програма за активностите на општина Радовиш од областа на социјалната, детската и здравствената заштита за 2024 година и Програма за активностите на општина Радовиш од областа на социјалната, детската и здравствената заштита за 2024 година

Ја прогласувам и објавувам одлуката за донесување на Програма за активностите на општина Радовиш од областа на социјалната, детската и здравствената заштита за 2024 година бр.08-1815/1 и Програма за активностите на општина Радовиш од областа на социјалната, детската и здравствената заштита за 2024 година, бр.08-1815/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 18.12.2023 година.

Број 09-1815/3 Градоначалник
Дата 19.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 11 став 1 алинеја 7 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21 и 294/21), чл. 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Радовиш (Службен гласник бр. 05/02) ,

Советот на Општина Радовиш на XL седницата одржана на ден 18.12.2023 година, донесе:

ПРОГРАМА
за активностите на општина Радовиш од областа на социјалната, детската и здравствената заштита за 2024 година

**I.Вовед**

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес која се остварува преку мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните со цел:

- промовирање и одржување на социјална сигурност на граѓаните;
- спречување на социјалната исклученост;
- подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и
- зајакнување на капацитетот на граѓаните за водење на активен, независен и продуктивен живот.

Процесот на децентрализација во социјалната заштита во РСМ беше иницирана со донесувањето на Законот за локална самоуправа со кој општините, град Скопје и општините во град Скопје им беа доделени надлежности во областа на социјалната заштита.

Со Законот за социјална заштита од 2009 година се утврди обврската за општините да донесуваат програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита, во согласност со националните стратешки правци за развој на социјалната заштита.

Остварување на социјалната, детска и здравствена заштита во општина Радовиш се заснова на Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година), Законот за изменување и дополнување на законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр. 146 од 17.07.2019 година), Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2019 година (Службен весник на РМ, бр. 246 од 28.12.2018 година), Законот за социјална сигурност за старите лица (Службен весник на РМ, бр. 150 од 02.09.2015 година), Програмата за развој на заштитата на децата во Република Македонија (Службен весник на РМ, бр. 246 од 28.12.2018 година), Законот за финансирање на Единиците на Локалната самоуправа (Службен весник на РМ, 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ, бр. 5 од 29.01.2002 година) и други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Северна Македонија.

Единиците на локалната самоуправа согласно постоечкиот Закон за социјална заштита од 2019 година развиваат мерки и активности за социјалната заштита, и тоа:

- обезбедува спроведување на социјалната заштита согласно законската регулатива;
- утврдува и финансира други права и социјални услуги во областа на социјалната заштита во поголем обем;
- основаат јавни установи за социјална заштита;
- формираат Совет за социјална заштита;
- формираат Совет за социјална заштита на планскиот регион заради планираање и развој на мрежата на социјални услуги на планскиот регион;
- донесуваат општи акти од областа на социјалната заштита;
- даваат финансиски средства за вршење работи од социјална заштита на здруженија, други правни и физички лица и склучуваат управни договори; и
- вршат други работи поврзани со социјалната заштита.

**II. Цел**

Основна цел на оваа Програма е развој на интегрален, транспарентен и одржлив и ефективен систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисниците кои живеат на територијата на општина Радовиш.

**III.Активности**

Активностите кои се превидени во Програмата за остварување на социјалната, детската и здравствената заштита во општина Радовиш за 2024 година ќе се однесуваат на:

-Доделување на еднократна парична помош

-Превентивна социјална и здравствена заштита
-Детска заштита
-Социјална заштита на стари лица
-Социјална заштита на лица со посебни потреби
-Намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост
-Реализирање и поддршка на други и дополнителни (непланирани) активности, проекти и мерки

| Р.б. | Активност | Корисници | Планирани средства |
|---|---|---|---|
| 1. | **Еднократна парична помош на физички лица за:**<br>-Лекување со оперативен зафат надвор од државата<br>-Лекување надвор од државата<br>-Лекување со оперативен зафат во државата<br>-Лекување со соодветни испитувања<br>Исто така еднократна парична помош ќе се доделува на семејства настрадани од елементарни непогоди (пожари, поплави) во зависност од причинета штета е од две категории: прва и втора категорија како и на семејства кои не можат да обезбедат основни услови за живот.<br>Овие средства ги доделува Градоначалникот за исклучителни, итни и неодложни случаи и Советот на Општина Радовиш по предлог на Комисијата за здравство и социјална заштита, Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој. | Физ.лица | 500.000 ден. |
| 2. | **Организирање на стручни предавања заштита од употреба на дрога, алкохол, пушење и други болести на зависности.**<br>Во соработка со ЈУМЦСР, Црвен крст, ЈЗУ Здравствен дом Радовиш, Здруженија на граѓани во текот на 2024 година ќе се реализираат стручни предавања за заштита од употреба на дрога, алкохол, пушење и други болести на зависности. Исто така ќе биде организирана врсничка едукација во сите средни училишта за сексуално преносливи болести. | Установи, институции, Здр.на граѓани | 100.000 ден. |
| 3. | **Насилство врз жени и семејно насилство**<br>Во областа на семејното насилство Општина Радовиш во соработка со ЈУМЦСР и Здруженија на граѓани кои работат со жртви на семејно насилство и насилство врз жени, се планираат превентивни активности на појавата семејно насилство и насилство врз жените.<br>Покрај превентивните активности, општина Радовиш ќе обезбеди поддршка на Здружение кое работи на полето на семејно насилство и родобазирано насилство кои ќе ја развијат услугата на психосоцијално советување и поддршка на жртвите на семејно насилство. | Установи, институции, Здр.на граѓани | 100.000 ден. |
| 4. | **Проект на УСАИД за инклузија на Ромите**<br>Општина Радовиш склучи меморандум за соработка за спроведување на активностите предвидени со „Проект на УСАИД за инклузија на Ромите“ кој е финансиски поддржан од УСАИД, имплементиран од страна на Институтот за истражување и анализа на политики – Ромалитико. Проектот има за цел да даде | Здруженија на граѓани | 50.000 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | придонес кон унапредување на положбата на Ромската заедница и инклузија на Ромите на локално ниво. | | |
| 5. | **Надоместок за партиципација на деца од детските градинки и престој за деца со посебни потреби**<br>Остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст се обезбедува за самохрани родители кои се корисници на гарантирана минимална помош како и родители на деца со посебни потреби кои се згрижени во јавна установа за деца – детска градинка | ЈОУДГ „Ацо Караманов" | 50.000 ден. |
| 6. | **Поддршка на пензионерски клубови**<br>За потребите на пензионерите, општината ќе даде логистичка поддршка за отварање на пензионерски клубови во населените места како и подобрување на условите за рекреација преку поставување на урбана опрема, хортикултурно уредување и сл. | Здруженија на граѓани | 50.000 ден. |
| 7. | **Поддршка на Дневен центар „Порака"**<br>Во текот на годината, Градоначалникот на Општина Радовиш традиционално ги посетува членовите на Дневниот центар за лица со интелектуална или телесна попреченост „Порака" доделувајќи играчки, дидактички материјали, школски прибор, ортопедски помагала, техничка стока или средства, согласно нивните потреби. | Здруженија на граѓани | 50.000 ден. |
| 8. | **Проект за подобрување на социјални услуги преку Министерство за труд и социјална политика**<br>Преку проектот ќе се овозможи општините да аплицираат за грантови наменети за развој на социјални услуги во локалните заедници, вклучувајќи непосредна социјална услуга, помош на индивидуа или семејство, домашна нега, лична асистенција, дневна нега, привремена грижа, мали групни домови, дневни центри и услуги за живеење со поддршка и други иновативни услуги во заедницата. | Здруженија на граѓани, физ.лица | - |
| 9. | **Пакетчиња за деца од социјално ранливи семејства и деца со попречености**<br>Општина Радовиш во соработка со Бизнис секторот ќе обезбеди околу 150 пакетчиња за децата со попречености и деца од социјално ранливи семејства по повод нова година и Божиќните празници. | Физ.лица | - |
| 10. | **Програма Општинско-корисна работа – Проект „Социјални услуги по мерка на граѓаните"**<br>Програмата „Општинско-корисна работа" (ОКР) е дел од Оперативниот план за услуги на пазарот за труд и активни програми и мерки за вработување. Општинско-корисна работа нуди можност за социјално вклучување на потешко вработливите категории на пазарот на трудот преку обезбедување на социјални услуги според потребите на жителите на општината.<br>Активностите од Програма Општинско-корисна работа – Проект „Социјални услуги по мерка на граѓаните" за 2023 год. | Физ.лица | ЕЛС = 1.000.000 ден.<br>УНДП = 2.000.000 ден. |
| 11. | **Програма за работно ангажирање „Јавни работи"** | Физ.лица | 1.500.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Општина Радовиш ќе аплицира на мерката Јавни работи која е дел од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, која се спроведува со Министерство за труд и социјална политика и АВРСМ а финансиран од Швајцарската агенција за соработка и развој (СДЦ).<br>Аплицирањето ќе биде за поддршка на 12 лица даватели на услуги од социјално ранливи категории, активни баратели на работа. Согласно предвидената програма лицата ќе се ангажираат за период од 12 месеци | | ден. |
| 12. | **Субвенционирање на социјално ранливи категории**<br>Оваа мерка согласно донесената Иницијатива на Советот на општина Радовиш за субвенционирање на социјално ранливи категории на територијата на општина Радовиш опфатени со општински линиски превоз на патници и регистриран возен ред, ќе биде спроведена во соработка со ЈУМЦСР и со правните лица кои го вршат јавниот превоз во општината. Ќе биде изготвена посебна Програма за истата. | Физ.лица | 300.000 ден. |
| 13. | **Финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на** социјалната, детската и здравствената заштита<br>Дел од активностите од областа на социјалната, детската и здравствената заштита кои ги спроведуваат здруженија на граѓани во општина Радовиш ќе се финансираат од средства од Буџетот на Општина Радовиш за 2024 година. | Здруженија на граѓани, физ.лица | 200.000 ден. |
| | **Вкупно предвидени средства во програма =** | **ЕЛС општина Радовиш = 3.900.000 ден. Донации = 2.000.000 ден.** | **Вкупно = 5,900,000 ден.** |

ЗАВРШЕН ДЕЛ

Градоначалникот на општина Радовиш го обезбедува спроведувањето на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита, го следи реализирањето, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварување на нејзините цели.

За остварување на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита во општината Радовиш за 2024 година ќе бидат користени средствата од:

-Буџетот на Општина Радовиш за 2024 година;
-Буџетот на Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија;
-УНДП;
-Претпријатија и трговски друштва, Фондации и други правни и физички лица;
-Заинтересирани партнери за меѓусебна соработка во земјата и странство;
-Други извори.

**За целосна имплементација на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита на општина Радовиш за 2024 година се потребни 5.900.000 денари**

Програмата влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1815/2 Совет на Општина Радовиш
Дата 18.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа(Сл.Весник на РМ 5/02) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Радовиш ( Службен гласник бр. 05/02 )

Советот на Општина Радовиш на XL седницата одржана на ден 18.12.2023 година, донесе:

О Д Л У К А
за донесување на Програма за активностите на општина Радовиш од областа на социјалната, детската и здравствената заштита за 2024 година

I. Се донесува Програма за активностите на општина Радовиш од областа на социјалната, детската и здравствената заштита за 2024 година

II. Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1815/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 18.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за донесување на Програма за родова рамноправност на жените и мажите на општина Радовиш и работа на КЕМ за 2024 година и Програма за родова рамноправност на жените и мажите на општина Радовиш и работа на КЕМ за 2024 година

Ја прогласувам и објавувам одлуката за донесување на Програма за родова рамноправност на жените и мажите на општина Радовиш и работа на КЕМ за 2024 година, бр.08-1816/1 и Програма за родова рамноправност на жените и мажите на општина Радовиш и работа на КЕМ за 2024 година, бр.08-1816/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 18.12.2023 година.

Број 09-1816/3 Градоначалник
Дата 19.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.5/02), член 14 став 1 и став 2 од Законот за еднакви можности на мажите и жените – („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 53/21)

Советот на општина Радовиш на XL седница одржана на 18.12.2023 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за родова рамноправност на жените и мажите на општина Радовиш и работа на КЕМ за 2024 година**

## I. Вовед.

Родовата рамноправност во Република Северна Македонија, е загарантирана со Уставот од 1991 година и како фундаментално човеково право претставува една од најважните цели и приоритети за државата. Покрај Уставот, родовата рамноправност е предвидена и регулирана и во други законски прописи и меѓународни договори кои претставуваат составен дел од нашиот правен поредок:

- Декларација за правата на човекот (1948 година);
- Меѓународна конвенција за политички права на жените – еднакви права за двата пола (1952 година);
- CEDEW Конвенција на ООН – Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација на жената (1979 година):
- Пекиншката декларација и платформата за акција – рамноправност, развој и мир (1995 година);
- Европската повелба за еднаквост помеѓу мажите и жените (2006 година).
- Член 9, Устав на Република Македонија/граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и ветрското уверување, имотната и општествената положба;
- Истамбулската конвенција - конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство,
- Закон за еднакви можности на жените и мажите – пречистен текст ("Службен Весник на РСМ" бр.201/2015);
- Закон за заштита од вознемирување на работно место ("Службен Весник на РСМ" бр./2013);
- Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство ("Службен Весник на РСМ" бр.24/2021);
- Закон за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на РСМ" бр.258/2020);
- Стратегија за родова еднаквост на РСМ
- Национален план за акција за родова рамноправност.

**Локален контекст**

Врз основа на член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Радовиш, има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област, од општествениот живот. Единиците на локалната самоуправа се должни во рамките на своите стратешки планови и буџети да го инкорпорират принципот на еднакви можности на жените и мажите, да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите и да известуваат во рамките на своите годишни извештаи и да учествуваат во подготвувањето на Стратегијата за родова еднаквост во делот кој се

однесува на единиците на локалната самоуправа. За остварување на оваа цел, општината, согласно одредбите од член 14 од овој закон, а заради суштинска имплементација на целите, покрај другото е должна да изработи годишна програма во која ќе бидат утврдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите. Оваа Програма е усогласена со националните законски и стратешки определби како и со стратешките определби на Општина Радовиш. Програмата произлегува од воочените проблеми со кои се соочуваат жените во Општина Радовиш како што се: семејното насилство, социјална исклученост на ранливите групи, недоволното учество на жените во процесите на одлучување на локално ниво, економско јакнење на жената, здравјето на жената и сл.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основни цели на Програмата за родовата рамноправност на жените и мажите на Општина Радовиш и работа на КЕМ за 2023 година се:

- Зајакнување на институционалните механизми за воведување на еднаквите можности на жените и мажите (ЕМЖМ) во приоритетните области во надлежност на Општината (социјална заштита, образование, култура, спорт и сл.).
- Промоција на родовата еднаквост како вредност, преку информативни кампањи, настани, манифестации и едукации.
- Поголема вкученост на жените во процесите на идентификување приоритети и одлучување во општината.

## III. ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

1. Воведување на родов пристап во креирање локални политики
2. Човекови права и родова еднаквост
    - Родово базирано насилство
    - Економија

4. Институционален развој и организациско јакнење на Комисијата за еднакви можности во Општина Радовиш

**ДЕФИНИРАНИ ПРИОРИТЕТИ ЗА ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА 2023 ГОДИНА**

| Р.бр. | Активности | Опис на активности | Време на реализација | Носители на реализација | БУЏЕТ | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Воведување на родов пристап во креирање на локални политики** | | | | | |
| 1 | Активирање на локалните административни единици (месни и урбани заедници), заради создавање на услови за учество на жените од маргинализираните групи и руралните средини во процеси за креирање и имплементирање на локални јавни политики | - Редовни информативно настани<br>- Формирање на локални женски јадра<br>- Подготовка и дистрибуција на печатени и електронски информации за актуелни процеси за креирање, имплементација на тековни локални настани, проекти, и политики<br>- Поднесување на приоритети од страна на жени | 2023 | КЕМ<br>Институции<br>НВО<br>донатори | 10.000 | Број на вклучени МЗ<br>Број на настани<br>Број на вклучени жени по настан<br>Број на поднесени приоритети<br>Број на усвоени приоритети |
| | | | | | | |
| | **Зголемување на довербата кај граѓаните во надлежните институции во однос на родово базирано насилство** | | | | | |
| 2 | Едукација на вработените во локалните институции за навремено препознавање на формите на родово | Спроведување на истражување утврдување на компетентноста за препознавање на родово базирано насилство на кадрите од надлежните институции во Радовиш<br>-Подготовка на план за | 2023 | КЕМ<br>НВО<br>Донатори | 7.000 | -Број на спроведени истражува ња<br>-Број на спроведени обуки |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | базирано насилство во Општина Радовиш, | спроведување на едукација за кадрите од надлежните институции<br>-Избор место на одржување<br>-Техничка помош<br>-Избор на едукатор<br>-Спроведување на едукација /трибини, работилници/ | | | | -Број на вработените во локалните институции кои биле вклучени во едукативните настани |
| 3 | Организирање на трибини/ едукативни предавање за ученици за спречување на врсничко насилство (булинг),опасноста од насилството на интернет(сајбер насилство) и обуки за медиумска писменост | Трибини/предавања | 2023 | КЕМ<br>СОУ Коста Сусинов<br>Сите Основни училишта<br>Преставник од МВР<br>Центар за поддршка на жени | 5.000 | Број на обуки<br>Број на ученици кои учествувале во едукациски програми |

| Р.бр. | Активности | Опис на активности | Време на реализација | Носители на реализација | БУЏЕТ | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Економско јакнење на жената** | | | | | |
| 4 | Информативно-едукативна кампања за промоција на можностите за економска независност и зајакнување на жените преку намалување на стапката на невработеност кај жените за поголемо искористување на правата и можностите што ги | Отворени денови<br>Подготовка на промотивен материјал<br>Работилници | | КЕМ<br>АВРМ<br>НВО | 5.000 | Број на предавачи<br>Број на посетители<br>Број на промотивни материјали<br>Број на обуки и број на учесници |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | нудат надлежните институции | | | | | |
| | **Институционален развој и организациско јакнење на Комисијата за еднакви можности во Општина Радовиш** | | | | | |
| 5 | Водење родово разделена статистика за вработените во општинските институции | Развиени модули за прибирање родово разделени податоци<br><br>Дата база на родово поделена статистика<br><br>Обуки спроведени за обработка на податоците | март-јуни<br><br>февруари-јуни<br><br>јуни-септември | КЕМ<br>Институции<br>НВО | 3.000 | Изработка на база за родова статистика<br>Број на собрани податоци<br>Број на обуки<br>Број на обучени лица |

**Вкупно: 30.000,00 денари (триесетилјадиденари)**

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде обезбедено од донации и средства од Буџетот на Општина Радовиш.

| 12. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г4.1 - Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока, дистрибутивни центри со складови, на делови од КП 4838/1, КП 4839/2, КП 4840/1 и КП 4840/2, КО Радовиш - вгр, Општина Радовиш | Самофинансирањ е |
| 13. | Урбанистички проект за КП бр.4589/1,4589/2,4589/3,4590,4591,4592, 4593,4595 и 4091/1КО Радовиш, во ДУП на Радовиш | Самофинансирањ е |
| 14. | Урбанистички проект со намена Е2-на КП бр.1183,1184,1185, КО Раклиш, Општина Радовиш | Самофинансирањ е |
| 15. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 1131/2 и КП 1162 КО Раклиш вон град за формирање парцела со намена Г2, Г3,Г4, општина Радовиш | Самофинансирањ е |
| 16. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 -површински соларни панели и фотоволтаични електрани, за фотонапонска електроцентрала на КП 1238/1 КП 1238/2 и КП 1283/3 КО Раклиш вон град, општина Радовиш | Самофинансирањ е |
| 17. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план на КП бр.7,КП бр.8/1, КО Ињево вон г.р. Општина Радовиш | Самофинансирањ е |
| 18. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 741, КП 742, КО Сулдурци, Општина Радовиш | Самофинансирањ е |
| 19. | Урбанистички проект со намена Г2 на КП.бр.1/2 КО Сулдурци, Општина Радовиш | Самофинансирањ е |
| 20. | Урбанистички проект вон опфат за КП 900,901,902/1,902/2,903,904/1, 872/1, 873/1 874/2,874/1,875,876,878, КО Калугерица, Општина Радовиш, | Самофинансирањ е |
| 21. | Урбанистички проект на КП бр.1645, КО Козбунар Општина Радовиш | Самофинансирањ е |
| 22. | Урбанистички проект на КП бр.4993 КО Радовиш - вон град, намена Е2 фотоволтаични централи | Самофинансирањ е |
| 23. | Планска документација за некатегоризиран пат во склоп на изработка на УП за подрачје и градби од државно значење за намена Е1.13.- површински соларни и фотоволтаични електрани во, КО Владимирово и некатегоризиран пристапен пат во КО Подареш, КО Смиланци, општина Берово и општина Радовиш. | Самофинансирањ е |
| 24. | Урбанистички проект на КП бр.3453/2 КО Радовиш - вон град, намена Е2 фотоволтаични централи | Самофинансирањ е |
| 25. | Урбанистички Проект за парцели со КП бр. 3245/2, 3245/1, 3245/3, 3245/4, 3231/1, 3231/4,3231/7,3231/5, КО Радовш , дел од ДУП УБ15 со намена А2 согласно ГУП на град Радовиш. | Самофинансирањ е |

| | | |
|---|---|---|
| 26. | УП со план за парцелација за промена на граници на ГП1 (КП 3717/4 и 3725/4 и дел од КП 3717/3, 3657/5 и 3657/1) со намена А1.3 – Станбени куќи со споени ѕидови на меѓа од двете страни – куќи во низови по ДУП на град Радовиш | Самофинансирањ е |
| 27. | Урбанистички проект со план за парцелација за промена на граници на ГП 112 и ГП 463 со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија согласно ДУП на град Радовиш со опфат на парцели со КП.бр.4066/2,4065.4064/1,4066/1 и 4064/2 КО Радовиш вон.гр. | Самофинансирањ е |
| 28. | Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 115 - поделба на две градежни парцели со намена Г2 - во ДУП на град Радовиш, Општина Радовиш | Самофинансирањ е |
| 29. | Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.20 и ГП 1.21 од ДУП за дел од УБ 8 и дел од УБ 9 во Радовиш, Општина Радовиш | Самофинансирањ е |
| 30. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 – локални трансформаторски станици и локални средно и нисконапонски електрични водови на КП 452/1, КП 451/1, КО Воиславци вон град, Општина Радовиш | Самофинансирањ е |
| 31. | Измена и дополна на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изработка на оптички кабел, водоводна мрежа и кабелски вод ВДВ 10(20)кВ С.Исток со (С) 20(10)/0,4кВ 400 КВА Соларис, КО Раклиш, Општина Радовиш | Самофинансирањ е |
| 32. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за приозводство на електрична енергија кои се градат на земјиште) и пристапен пат, на КП 3573/1, 3573/2, дел од КП 3579/1 и дел од КП 3581 КО Радовиш вон град, Општина Радовиш, | Самофинансирањ е |
| 33. | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 -Фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со моќност до 1 MW на КП 4993 и КП 4994 – КО Радовиш внг, Општина Радовиш. | Самофинансирањ е |
| 34. | Урбанистички проект за формирање на градежна парцела на КП 4047/3 и дел од КП 4047/4, 4047/14 и 4043 КО Радовиш, Општина Радовиш со намена Г3.1-Индустриски сервиси, сервиси за оджување на моторни возила, сервиси за ремонт на шински возила, сервиси за оджување, сервиси за земјоделска и градежна механизација по ГУП на град Радовиш . | Самофинансирањ е |

**Рекапитулар :**

| О п и с | |
|---|---|
| Генерален урбанистички план на град Радовиш | |
| Трошоци за услуги од катастар и Услови за планирање на просторот | |
| Детални урбанистички планови, Урб. планови за село и Урбанистички проекти | |
| Програми за урбана опрема и времени објекти | |
| Урнабистичка планска документација со самофинансирање | |
| **ВКУПНО :** | **5.000.000.00** |

**3. ФИНАНСИРАЊЕ**

За финансирање на урбанистичките планови и урбанистичките плански документации од Програмата потребните средства ќе се обезбедат од Буџет на Општина Радовиш, Буџет на РСМ, Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина, со самофинансирање од заинтересирани физички и правни лица, Југоисточен плански Регион преку БРР, преку АФПЗРР.

**4. ПРЕОДНИ И ЗАВРШИ ОДРЕДБИ**

Во зависност од потребите на општината , како и на заинтересирани физички и правни лица тековно Програмата може да претрпи измени и дополнувања. Општина Радовиш како надлежен орган согласно Закон за урбанистичко планирање спроведува постапки за реализација и спроведување на урбанистичките планови, одобрувајќи постапки за различни видови урбанистички проекти пропишани во законот, урбанистички проекти со план за парцелација и урбанистички проекти за инфраструктура .

Во процесот на донесување на урбанистички планови и урбанистички проекти согласно Законот за урбанистичко планирање предвидени се прибавување на одредени документации како услови за планирање на просторот, трошоци за услуги од катастар, како и останати документи за кои трошоци се планираат средства.

Урбанистичките планови и урбанистички плански документации започнати пред донесување на Законот за урбанистичко планирање („Сл.в. на Р.М.“ бр.32/2020), се спроведуват и продолжуват согласно одредбите од истиот .

Согласно започнатите Урбанистичките планови и урбанистички плански документации како и фазата на изработка до која се истите, а поради фактот дека поголем дел од постапките се водат подолг временски период со одобрување и мислење од поеќе институции, се предвидува дека дел од нив ќе продолжат и во наредната година, односно нема во целост да се реализират предвидените средства . Доколку се има потреба за повеќе средства односно дел од урбанистичките планови се донесат и одобрат за пократок рок од една година, ќе се изврши измена и дополна на програмата за урбанистичко планирање за 2023г. каде ќе бидат предвидени потребните средствата за реализација на програмата .

Оваа Програма задолжително се објавува во „Службен гласник на Општина Радовиш", во електронка форма на веб страната на општината, на официјалните профили на социјлните мрежи, како и во информацискиот систем е-урбанизам.

Програмата влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1822/2 Совет на општина Радовиш
Дата 18.12. 2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на XL седница одржана на 18.12.2023 година, донесе

О Д Л У К А
за донесување на Годишна Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Радовиш за 2024 година

I. Се донесува Годишна Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Радовиш за 2024 година.

II. Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш,, .

Број 08-1822/1 Совет на општина Радовиш
Дата 18.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за донесување на Програма за уредување на градежно земјиште, изградба реконструкција и одржување на комунални објекти и локални патишта во Општина Радовиш за 2024 година и Програма за уредување на градежно земјиште, изградба реконструкција и одржување на комунални објекти и локални патишта во Општина Радовиш за 2024 година

Ја прогласувам и објавувам одлуката за донесување на Програма за уредување на градежно земјиште, изградба реконструкција и одржување на комунални објекти и локални патишта во Општина Радовиш за 2024 година бр.08-1823/1 и Програма за уредување на градежно земјиште, изградба реконструкција и одржување на комунални објекти и локални патишта во Општина Радовиш за 2024 година, бр.08-1823/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 18.12.2023 година.

Број 09-1823/3 Градоначалник
Дата 19.12.2023 на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 95 став 4 од Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и "Службен весник на РСМ" број 275/19, 90/20 и 101/21), Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденост (Сл.весник на РМ бр. 193/16 и 72/18) и член 21 став 1 точка 8 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник бр.5/2002 г.)

Советот на Општина Радовиш на XL седницата одржана на ден 18.12.2023 година, донесе:

# ПРОГРАМА
## ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ИЗГРАДБА РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ И ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА РАДОВИШ ЗА 2024 ГОДИНА

*Цел на Програмата:*

Со Програмата ќе се утврдува начинот формата и обемот на уредување на градежното земјиште, изградбата, реконструкцијата и одржување на инфраструктурните објекти на територијата на општина Радовиш.

Појдовна основа за изработка на оваа програма се барањата и интересите на граѓаните од општината, кои се организирани во месни заедници, преку кои ги искажаа своите потреби од оваа област, се со цел да се подобрат условите за живеење и подобрување на урбаниот изглед на градот и населените места во општината.

Реализацијата на оваа програма ќе овозможи порамномерен развој на комуналната инфраструктура на територијата на целата општина.

Исто така оваа програма содржи елементи кои ќе допринесат за зголемување на отпорноста на урбаните средини кон евентуални елементарни непогоди (особено поплави од поројни дождови) кои се се почести во урбаниот опфат со објекти од комуналнта инфраструктура во градот и населните места во Општината. Изградбата на комунални објекти во станбени и индустриски зони во реони за изградба на објекти од културата,образованието,здравството, спортот и друго, е со цел да се создадат подобри услови за живеење на грѓаните. Изградба на локални патни правци до населени места во Општината е со цел да се создадат услови за нормална и брза комуникација на граѓаните до градот и обратно.

## СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА

Програмата за уредување на градежно земјиште содржи:

1. Планирани објекти и активности за 2024год.;
2. Реонизација на урбаниот простор на град Радовиш и висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште;
3. Други одредби;

## 1. ПЛАНИРАНИ ОБЈЕКТИ И АКТИВНОСТИ ЗА 2024 ГОДИНА

| ПЛАНИРАНИ ОБЈЕКТИ И АКТИВНОСТИ ЗА 2024 ГОДИНА | | Износ/денари |
|---|---|---|
| **I** | **НОВОПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО 2024 ГОДИНА** | **Предвидени** |
| **1** | Проектна документација со ревизија – урбанистички проекти, идејни проекти, основни проекти, сообраќајни проекти и програми, елаборати од инженерски области, проекти за изградба на инженерски објекти и комплетна инфраструктура (улици, водовод, фекална и атмосферска канализација и улично осветлување) во град Радовиш и населените места во општина Радовиш | **1.000.000,00** |
| **2** | Вршење на стручен надзор над изградба и реконструкција на објекти во град Радовиш и населените места во општина Радовиш | **500.000,00** |
| **3** | Елаборати за експропријација, нумерички податоци, ажурирани геодетски подлоги и картирање на урбанистички планови | **500.000,00** |
| **4** | Расчистување на имотно правни односи (експропријација на градежно земјиште и објекти во урбаниот опфат на градот и населените места во општината) | **500.000,00** |
| **5** | Проценки на насади и др. при постапката за експропријација на јавни површини | **50.000,00** |
| **6** | Одржување, реконструкција-надградба на постоечки асфалтен коловоз на улици низ градот и населените места | **1.000.000,00** |
| **7** | Уредување на јавни површини - тротоари, пешачки патеки, паркинг површини и др. во градот и населените места | **2.000.000,00** |
| **8** | Ангажирање на потребна механизација за чистење на коловозни површини на улици и локални патишта од наноси и снег | **1.000,00** |
| **9** | Набавка на сол и ризла за посипување на коловоз на улици и локални патишта во зимскиот период | **20.000,00** |
| **10** | Отстранување на бесправно изградени објекти и склонопадни објекти | **50.000,00** |
| **11** | Изградба на улица „Герас Цунев“ во УБ16 | **3.678.133,33** |
| **ВКУПНО I** | | **9.299.133,33** |

| | | |
|---|---|---|
| **II** | **ОБЈЕКТИ ДОНАЦИИ ОД РУДНИК БУЧИМ ДООЕЛ (согласно потпишан меморандум)** | |
| **1** | Изработка на проектна документација и реконструкција на Центар за култура „Ацо Караманов“ | **20.000.000,00** |
| **2** | Уредување на речно корито на дел од Ораовичка река | **5.000.000,00** |
| **3** | Изградба на фекална канализациона мрежа во м.в.Карши Маале с.Подареш - Изведба донација од рудник Бучим | **6.283.024,00** |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | Изградба на водоводна мрежа на улица 5 и улица 6 во УБ 22 со износ од 3.000.000 | **3.000.000,00** |
| 5 | Изработка на проектна документација и изградба на затворено помошно игралиште на Градски стадион Радовиш | **5.000.000,00** |
| 6 | Санација на плафон со ново осветлување во Центар за култура ''Ацо Караманов" | **2.149.912,80** |
| 7 | Изработка на комплетна документација за Парковско уредување на дел од градски парк „Чам Баир" во Општина Радовиш | **600.000,00** |
| 8 | Водоснабдување на с.Бучим - од нов бунар до резервоар | **2.700.000,00** |
| **ВКУПНО II** | | **44.732.936,80** |
| **III** | **ОБЈЕКТИ ВО ИЗГРАДБА И ДОГОВОРЕНИ НЕЗАПОЧНАТИ ОБЈЕКТИ - РЕАЛИЗАЦИЈА ВО 2023 ГОД.** | |
| **1** | Изградба на свлечиште на пат Подареш Смиљанци | **5.000.000,00** |
| **2** | Изградба на кејска улица во УБ 15 (учество ЈИПР) | **4.500.000,00** |
| **3** | Реконструкција на противпожарен дом (учество ЈИПР) | **3.900.000,00** |
| **4** | Изградба на фекална канализациона мрежа во м.в.Карши Маале с.Подареш (финансиран дел од основен буџет на Општина Радовиш), остаток финансиран од донација од рудник „Бучим", точка II позиција 3 | **1.770.844,17** |
| **5** | Изградба на улица 9 крак 1 во с.Ињево | **3.972.826,50** |
| **6** | Изградба на фекална канализација во с.Злеово | **2.160.000,00** |
| **7** | Проектна документација со ревизија – урбанистички проекти, идејни проекти, основни проекти, сообраќајни проекти и програми, елаборати од инженерски области, инфраструктурни и други проекти за изградба на инженерски објекти и комплетна инфраструктура | **3.268.827,00** |
| **8** | Поправка на патишта од земјан коловоз и уредување на порои | **1.525.775,00** |
| **9** | Рушење на бесправно изградени објекти и склонопадни објекти | **400.000,00** |
| **10** | Проценки на насади и др. при постапката за експропријација на јавни површини | **200.000,00** |
| **11** | Вршење на стручен надзор над изградба на градежни објекти | **643.144,00** |
| **12** | Изградба на улица бр.45 и улица бр.20 - крак во с.Ињево | **741.714,00** |
| **13** | Елаборати за експропријација, нумерички податоци, ажурирани геодетски подлоги и картирање на урбанистички планови | **762.872,00** |
| **14** | Хоризонтална сигнализација | **250.000,00** |
| **15** | Вертикална сигнализација | **204.864,00** |
| **16** | Ангажирање на потребна механизација за чистење на коловозни површини на улици и локални патишта од наноси и снег | **400.000,00** |
| **ВКУПНО III** | | **29.700.866,67** |

| РЕКАПИТУЛАР | | Износ/денари |
|---|---|---|
| I | **НОВОПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО 2024 ГОДИНА** | **9.299.133,33** |
| II | **ОБЈЕКТИ ДОНАЦИИ ОД РУДНИК БУЧИМ ДООЕЛ (согласно потпишан меморандум)** | **44.732.936,80** |
| III | **ОБЈЕКТИ ВО ИЗГРАДБА И ДОГОВОРЕНИ НЕЗАПОЧНАТИ ОБЈЕКТИ - РЕАЛИЗАЦИЈА ВО 2023 ГОД.** | **29.700.866,67** |
| | **СЕ ВКУПНО:** | **83.732.936,80** |

| ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ | | Износ/денари |
|---|---|---|
| А | **Надоместок за уредување на градежно земјиште** | **10.000.000,00** |
| Б | **Надоместок за експлоатација на минерални суровини** | **21.748.220,00** |
| В | **Јавно претпријатие за државни патишта** | **4.000.000,00** |
| Г | **Продажба на градежно земјиште** | **600.000,00** |
| Д | **Биро за регионален развој** | **1.000.000,00** |
| Ѓ | **Донација Рудник „БУЧИМ“ ДООЕЛ** | **44.732.936,80** |
| Е | **Министерство за транспорт и врски** | **1.051.780,00** |
| Ж | **Надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти** | **600.000,00** |
| | **ВКУПНО:** | **83.732.936,80** |

## 2. РЕОНИЗАЦИЈА НА УРБАНИОТ ПРОСТОР НА ГРАД РАДОВИШ И ВИСИНА НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

### 2.1 РЕОНИЗАЦИЈА

Градежниот опфат на град Радовиш според ГУП е составен од повеќе урбани блокови од кои се формораат четири зони и тоа: Три зони за изградба на станбени и станбено деловни објекти и една зона во која ќе се градат индустриски објекти, објекти од мало стопанство и занаетчиство.

**Прва зона со следните граници:**

Улица Бел Камен, десна страна на Ќеј 8ми Септември, ул.Илија Алексов до река Марлада,Бул.Александар Македонски од влезот на градот до раскрсница со ул.Ѓорче Петров, Улица Чеде Филиповски до ул.Св.Спасо Радовишки , ул.Св.Спасо Радовишки до ул. А.Поцкова; ул. А.Поцкова до ул.Бел Камен; УБ15 со граници улица Илија Алексов земјен пат покрај река Марлада , ул.Ќеј 8ми Септември и дел од бул.Александар Македонски; УБ9 и УБ8 со граници ул. Ќеј 8ми Септември, бул.Александар Македонски, река Сушица и граница на ГУП; и сите индустриски зони.

Бидејки границите помеѓу одделни зони се до улиците се утврдува првиот ред на објектите покрај улиците да припаѓаат на повисоката зона.

**Втора зона се состои од два посебни дела со следните граници:**

Првиот дел го опфаќа северно од ул. Бел Камен, десна страна на Ќеј 8ми Септември од ул.Бел Камен заклучно со урбан блок 26.

Вториот дел од оваа зона е од кеј 8ми Септември лева страна односно од ул.Михајло Апостолски по ул.Плачковица до ул.Калузлиска, ул.Калузлиска до

ул.Видео Смилевски Бато, ул.Видео Смилевски Бато до ул.Плачковица, ул.Плачковица до ул.Илија Алексов согласно графички прилог .

Бидејки границите помеѓу одделни зони се до улиците се утврдува првиот ред на објектите покрај улиците да припаѓаат на повисоката зона.

**Трета зона се состои од три посебни дела со следните граници:**

Првиот дел е источно од ул.Плачковица -дел по ул, Видео Смилевски Бато до спој со новопроектирана ул.Александар Македонски .

Вториот дел го опфаќа локалитетот Илиница, согласно графички прилог.

Бидејки границите помеѓу одделни зони се до улиците, се утврдува првиот ред на објекти покрај улиците да припаѓа на повисока та зона.

Третиот дел го опфаќа с.Раклиш.

**Четврта зона се други населени места (селски населби).**

2.2. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Определување на висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште согласно намените на објектите

А. ОБЈЕКТИ СО КЛАСА НА НАМЕНА ДОМУВАЊЕ

- За објектите
- А0 домување во станбени куќи со посебен режим;
- А1 домување во станбени куќи;
- А3 групно домување и
- А4 времено сместување

висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е:

- Прва зона 1.800,00ден/ $м^2$
- Втора зона 1.560,00ден/ $м^2$
- Трета зона 1.200,00ден/ $м^2$
- Четврта зона 840,00ден/ $м^2$
- За објектите А2 домување во станбени згради висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е иста за сите зони односно 1.800,00ден/ $м^2$

Б. ОБЈЕКТИ СО КЛАСА НА НАМЕНА КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

- Б1 мали комерцијални и деловни единици;
- Б2 големи трговски единици;
- Б3 големи угостителски единици;
- Б4 деловни простори;
- Б5 хотелски комплекси и
- Б6 простори за собири.

висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е иста за сите зони односно 2.400,00ден/ $м^2$ освен за четврта зона каде изнесува 1.080,00ден/ $м^2$

В. ОБЈЕКТИ СО КЛАСА НА НАМЕНА ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

- В1 образование и наука;
- В2 здравство и социјална заштита;
- В3 култура;
- В4 државни институции и
- В5 верски институции

висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е иста за сите зони односно 2.400,00ден/ $м^2$ освен за четврта зона каде изнесува 1.080,00ден/ $м^2$

Г. ОБЈЕКТИ СО КЛАСА НА НАМЕНА ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ

- Г1 тешка индустрија;
- Г2 лесна индустрија;
- Г3 сервиси и
- Г4 стоваришта

висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е иста за сите зони односно 9.760,00ден/ м$^2$ освен за четврта зона каде изнесува 8.000,00ден/ м$^2$

Д. ОБЈЕКТИ СО КЛАСА НА НАМЕНА ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ

- Д1 парковско зеленило;
- Д2 заштитно зеленило;
- Д3 спорт и рекреација и
- Д4 меморијални простори

висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е иста за сите зони односно 2.400,00ден/ м$^2$ освен за четврта зона каде изнесува 1.080,00ден/ м$^2$

Е. ОБЈЕКТИ СО КЛАСА НА НАМЕНА ИНФРАСТРУКТУРА

- Е1 комунална инфраструктура;

висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште и друго земјиште на територијата на општина Радовиш низ кои минуваат инфраструктурните објекти е иста за сите зони односно 24,00ден/ м' и за секое столбно место по 20.000,00денари

- Е2 комунална супраструктура

висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е иста за сите зони односно 2.400,00ден/ м$^2$ освен за четврта зона каде изнесува 1.080,00ден/ м$^2$

- Е3 некомпатибилна инфраструктура

висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е иста за сите зони односно 2.400,00ден/ м$^2$ освен за четврта зона каде изнесува 1.080,00ден/ м$^2$

- Е2 комунална супраструктура, од типот Фотоволтаични централи (инсталација за производство на електрична енергија од сончеви зраци) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште ќе се пресметува по м2 за 50% од површината на градежната парцела која ја зафаќа Фотоволтаичната централа и тоа по 6500 денари/м2.
- За фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на кровни површини на изградени објекти впишани во имотен лист не се утврдува надоместок за уредување на градежно земјиште.
- За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија) висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е 8000 денари/м2.
- За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници) висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е 1.200.000 денари за една ветерница.

Определување на висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште согласно правилникот за степенот на уредувањето на градежното земијште со објекти од комунална инфраструктура.

Надоместокот за уредување на граджно земјиште ќе се наплаќа во зависност од видот на објектот и од степенот на уреденост на градежното земјиште или планираниот степен на уреденост на градежното земјиште,а за нето развиена градежна површина.Пресметувањето на корисната површина е согласно техничките нормативи и Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земијште со објекти од комунална инфраструктура.

1.Степенот на уреденост на градежното земјиште се определува според обемот на опременост на земјиштето со објекти на комунална инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до градежната парцела и може да биде основен, повисок и понисок од основниот степен на уреденост.

1.1 Основен степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа;

- Непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улици со тротоари), пешачки патеки и други површини согласно урбанистички планови,
- Подземна електрична мрежа,
- Улично осветлување,
- Водоводна мрежа,
- Фекална канализација и
- Атмосферска канализација.

1.2. Повисок степен на уреденост на градежно земјиште со комунална инфраструктура ги опфаќа објектите од став (2) на овој член како и;

-ППТ (оптичка-телекомуникациона) мрежа.
-Топификациона мрежа,
-Паркинг простори,
-Гасовна мрежа и
-Пречистителна станица за отпадни води.

1.3. Понисок степен на уреденост на градежно земјиште со комунална инфраструктура опфаќа;

-Непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат,
-Сопствено водоснабдување (нема приклучок на водоводна мрежа),
-Септичка јама (нема приклучок на фекална канализација)
-Сопственодвод на атмосферски води (нема приклучок на атмосферска канализација),
-Нестандартно улично осветлување и
-Надземна нестандартна електрична мрежа.

2.Согласно утврдениот степен на уреденост, приклучувањето на јавната комунална мрежа се врши согласно дадените услови за приклучоци,по претходно барање од надзорниот инжинер.

3.Трошоците за уредување на градежното земјиште се утврдуваат во согласност со реалните трошоци направени за соодветните степени на уреденоста на градежно земјиште со објектите на комунална инфраструктура во кои се засметани и трошоците за хидротехничките услови за приклучоци.

3.1.Трошоците за уредување на градежно земјиште за повисок степен на уреденост на градежно земјиште со објектите на комунална инфраструктура, можат да се зголемат доколку се изведени сите комунални инфраструктурни мрежи наведени во точка 1.2 за најмногу 20% од утврдените трошоци за основен степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура.

3.2.Трошоците за уредување на градежното земјиште за понисок степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура во точка 1.3, може да се намалат доколку се изведени сите комунални инфраструктурни мрежни наведени во точка 1.3 за најмногу 80% од утврдените трошоци за основен степен на уреденост на градежно земјиште со објектите на комунална инфраструктура.

4. Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште согласно членот 2 од правилникот за степенот на уредувањето на градежното земијште со објекти од комунална инфраструктура, се пресметува по метар квадратен на новата корисна површина што ќе се гради, што претставува збир на нето површините на подовите на сите простори во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект, помножен со следните коефициенти:

**1. За станбени објекти:**

- станбени простории, 1,0;

- станбени простории со висина до 2,50м, подпокривен простор 0,2;
- лоѓија затворена од три страни, 0,4;
- подлоѓија затворена од две страни, 0,3;
- балкони, тераси, 0,2;
- заеднички проодни тераси, пасажи, 0,2;
- помошни простории, остава за гориво, котлара, визба, 0,3;
- трафостаница до 35 KV во објектот и надвор од објектот, 0,3;
- скалишен простор и заеднички комуникации, 0,3;
- стражарници, управител, простории за домар, 0,5 и
- паркиралишта и гаражи во подрум, 0,1;
- гаражи во приземје, 1,0;

**2. За деловни и јавни објекти:**
- простории, 1,0;
- магацини, 0,5;
- помошни простории, остава за гориво, котлара, 0,3;
- трафостаница до 35KV во објектот и надвор од објектот, 0,4;
- скалишен простор и заеднички комуникации, 0,5;
- паркиралишта и гаражи, 0,1;
- лоѓија затворена од три страни, 0,5;
- подлоѓија затворена од две страни, 0,4;
- балкони, тераси, 0,3 и
- отворен наткриен простор, 0,3;

**3. За други објекти:**
- катни гаражи, 0,05;
- спортски покриени објекти, 0,5;
- спортски откриени објекти, 0,3;
- гасни станици и базни станици за 50% од површината на локацијата, 1,0;
- отворени пазаришта-за 30% од површината на локацијата, 1,0;
- базени, 0,2 и
- трафостаници над 35KV, 1,0;

**4. За објектите од група на класи на намени Г - производство, дистрибуција и сервиси:**
- Г1 тешка и загадувачка индустрија 0,05;
- Г2 лесна и незагадувачка индустрија 0,01;
- Г3 сервиси 0,01 и
- Г4 стоваришта 0,01;

**Магацини, деловни простории, помошни простории, котлари ќе се пресметуваат по цените и коефициентите за деловни и јавни објекти.**

5. За бензинска пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории) :
- продажни простории на бензинските пумпни станици 1,0 и
- услужни простории на бензинските пумпни станици 1,0;

6. За објектите од група на класи на намени Б 5 - угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта, и за објектите од група на класи на намени А 4 - хотел, мотел, времено сместување во викенд куќи, планинарски дом и ловен дом:
- сите простории, 0,05;

7. За детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица:
- сите простории, 0,05;

8. За објекти за високо образование:
- сите простории, 0,5;

9.За објекти за култура: - сите простории, 0,01 и

10. За објекти за терцијална здравствена заштита:
- сите простории, 0,05.

11. За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), 0,01 и

12. За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), за 50% од површината на градежната парцела, 0,01.“.

По исклучок од став (1) на овој член, во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација, не се пресметуваат површините на: - инсталационите канали;

- окната за лифтови;
- окна на врати;
- отворени паркиралишта;
- подземни резервоари и
- објекти заштитени како културно наследство.

За објектите од став (1) на овој член со височина над 32 ката, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина согласно ставовите (1) и (2) од овој член. Висината на трошоците за уредување на градежно земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина согласно ставовите (1) и (2) од овој член и за други објекти од став (1) на овој член без оглед на нивната височина, кои се наоѓаат на истата градежна парцела на која е предвидена изградба на објект со височина над 32 ката.

За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина согласно ставовите (1) и (2) од овој член.

За објектите од група на класи на намени Г - производство, дистрибуција и сервиси, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Македонија за последната година, помножена со коефициентите утврдени во став (1) точка 4 од овој член.

За линиски инфраструктурни објекти - државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво од и над 35 KV како и за брани со акумулации, термоцентрали, езерски и речни пристаништа и за доградби и надградби на објекти за кои е донесена одлука од страна на советот на општината, советот на општината во градот Скопје односно советот на градот Скопје согласно член 67-а став (1) од Законот за градење, а инвеститор е општината, општината во градот Скопје односно градот Скопје, не се утврдуваат трошоци за уредување на градежно земјиште.

За објектите за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во став (1) точка 11 од овој член.

За објектите за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 20% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во став (1) точка 12 од овој член.

За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште не може да биде повисока од 1.200.000 денари за една ветерница.“

- **ДРУГИ ОДРЕДБИ**

Пренамената од станбен или помошен објект во деловен простор ќе се наплаќа за 1 м² разлика до цената за деловен простор во зависност од зоната во која се наоѓа објектот.

Кога на местото на постоечки објект кој се руши, (а бил изграден со одобрение за градба) се гради нов објект се наплаќа износ за разлика на квадрати помеѓу стариот и новиот објект утврдени за категорија на објект и зоната во која се наоѓа објектот.

До колку низ градежната парцела поминуваат подземни и надземни инсталации (водовод, канализација,електрика и друго) инвеститорот на градежната парцела е должен на своја сметка да изврши отстранување на истите во соработка со надлежните институции кои стопанисуваат со истите.

Спратната висина на производните објекти, деловни простории, складишта,објекти од индустријата, мало стопанство и занаетчиство, треба да се проектираат по минимум потребните технички нормативи.
Доколку е проектирана поголема спратна висина од потребната за обавување на дејноста тогаш ќе се пресметува како две спратни висини, односно две платформи.

Инвеститори кои ке градат објекти , во зависност од бројот на лицата кои ке ги вработат, при издавање на одобрение за градење ќе бидат ослободени од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за објекти и инсталации од индивидуално користење и тоа;
-За вработени од 5-10 вработувања ------------ 25 %
-За вработени од 11-30 вработувања ------------ 50 %
-За вработени од 31-50 вработувања ------------ 75 %
-За вработени над 50 вработувања ------------ 100 %

Инвеститорите за да бидат ослободени од надомест за уредување на градежно земјиште треба да приложат :
-Програма за инвестициони вложувања со број на вработени за објектот за кој ќе бидат ослободени.
-Изјава заверена на нотар дека во рок од 1(еден ) месец од денот на издавање на одобрение за употреба на предметниот објект ќе изврши вработување на онолку лица за колку се ослободени од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште.
-Инвеститорите се должни бројот на вработените за кои ќе бидат ослободени од плаќање на надоместок да не го намалуваат во текот на 5 (пет) години од денот на враборување на истите.
-Доколку инвеститорот во рок од 1(еден) месец од денот на издавањето на одобрението за употреба на предметниот објект не го изврши вработувањето на одредениот број на лица, или ќе го намали бројот на вработените во текот на 5(пет) години надоместокот од ослободените трошоци за уредување на градежно земјиште ќе биде наплатено по судски пат со камата согласно законски прописи.
-Доколку инвеститорот е верска заедница со посебна одлука на советот на општина Радовиш може да се ослободи од надоместок за уредување на градежно земјиште.

На подрачјето на градежниот реон каде ЕЛС не е во можност да ги изгради сите објекти од инфраструктурата спрема планираниот степен на уреденост за поединечно градежни парцели,од кои што со надоместокот не може целосно да се обезбедат потребните финансиски средстава уредувањето ќе се врши по

фази, во зависност од временскиот период на реализирање на повеќе локации во одредениот локалитет,во согласност со плнираниот степен на уреденост на тој локалитет.

Процентот на учество на средствата за изградба на комунални објекти при одредување на цената на надоместокот за уредување на градежно земјиште (кое ќе служи за фазно градење на инфраструктурата за уредување на градежно земјиште)се утврдува за :

-Изградба на улици-------------------------------- 36%
-Комунална инфраструктура--------------------- 24%
-Одржување на улици ------------------------------ 8%
-Техничка документација ------------------------- 4%
-Експропријација на земјиште-------------------- 28%

_______________________________________

Вкупно: 100%

Во цената на комуналниот надоместок не влегуваат приклучните такси за водовод, канализација , електрика, трафостаници и телекомуникациски објекти.

Приклучоците на градежните објекти на водоводната, канализационата и електричната улична мрежа се изведуваат до регулационата линија .

Надоместокот за експропријација ќе се наплаќа по утврдена цена согласно проценета пазарна вредност од овластен проценител.

Меѓусебните обврски помеѓу ЕЛС и инвеститорот се регулираат со договор.

Предложените цени во Програмата-за комунален надоместок ќе бидат прикажани и во денарска противвредност на евро валута според курсот на Народна Банка на РМ а промената на курсот на еврото автоматски ќе се применува во пресметките за комунален надоместок.

Во сите зони за изградба на градежни објекти за издадена градежна дозвола од страна на ЕЛС - Општина Радовиш плаќањето може да се врши:
-На 12 еднакви месечни рати со гаранција од заложба на недвижен имот или друг соодветен начин.
-Во готово.

За проектирање на ДУП и урбанистичко план на село треба да се наплаќа 30 денари од м2 на градежна парцела на која се предвидува нов објект или доградба.

Реализацијата на Програмата ќе зависи од обезбедување на потребните финансиски средства,а за реализација на истата се задолжува ЕЛС-Сектор за урбанизам, комунални работи, заштита на животна средина и локален економски развој.

Програмата влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1823/2 Совет на општина Радовиш
Дата 18.12. 2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 8 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XL седницата одржана на ден 18.12.2023 година, донесе:

О Д Л У К А
за донесување на Програма за
уредување на градежно земјиште,
изградба реконструкција и одржување на

комунални објекти и локални патишта во Општина Радовиш за 2024 година

член 1

Се донесува Програма за уредување на градежно земјиште, изградба реконструкција и одржување на комунални објекти и локални патишта во Општина Радовиш за 2024 година.

член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1823/1 Совет на општина Радовиш
Дата 18.12. 2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за донесување на
Програма за одржување, обновување и користење на паркови и други јавни површини во Општина Радовиш за 2024 година и Програма за одржување, обновување и користење на паркови и други јавни површини во Општина Радовиш за 2024 година

Ја прогласувам и објавувам одлуката за донесување на Програма за одржување, обновување и користење на паркови и други јавни површини во Општина Радовиш за 2024 година бр.08-1824/2 и Програма за одржување, обновување и користење на паркови и други јавни површини во Општина Радовиш за 2024 година, бр.08-1824/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 18.12.2023 година.

Број 09-1824/3 Градоначалник
Дата 19.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 22 и член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) а согласно член 21 став 1 точка 16 од Статутот на општина Радовиш („Службен весник на РМ" бр.5/02),

Советот на Општина Радовиш на XL седницата одржана на ден 18.12.2023 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за одржување, обновување и користење на паркови и**
**други јавни површини во Општина Радовиш за 2024 година**

**ВОВЕД**

Согласно на Законот за урбано зеленило Сл.весник 11/2018 како и согласно Правилникот за планирање, проектирање, подигање и одржување на зеленилото Сл.весник 205/2019 а со цел квалитетно и стручно одржување на градското зеленило и цветните површини, Секторот за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој при Општина Радовиш изготви Предлог годишна програма за подигање,обновување и користење на зеленилото за 2024 година на подрачјето на општина Радовиш.

Со оваа Годишна оперативна програма за подигање и одржување на зеленилото се дефинираат следните податоци:

**1.** Површини под јавно зеленило, според намената ,функцијата и степенот на одржување утврден од страна на Јавното претпријатие за управување со зеленилото или правното лице регистрирано за таа намена ;

**2.** Преглед за потребите за одржување и тоа :

1) Одржување на зелени површини: Рачно косење, гребулање на трева пред машинско косење, машинско косење, собирање трева, чистење и изнесување на зелен отпад (лист, искосена трева, искастрени гранки итн.) полевање на зелени површини;
2) Одржување на дрвенасти и грмушасти растенија: окопување дрвја, грмушки и жива ограда, кроење на грмушки, дрвја во дрвореди и жива ограда, фито заштита и полевање на дрвореди и зелени површини со цистерна како и одвоз на отпад со трактор;
3) Одржување на цвеќе: одржување на жардињери, одржување на цветни површини: плевење, прашење, садење и расадување окопување и прашење, како и производство на цветни расади;
4) Потребен број на извршители и опремување со ХТЗ опрема, алати и материјали како и потребните финансиски средства согласно интензитетот и видот на одржување за секоја јавна зелена површина.

**3.** Подигање на зеленило, коешто опфаќа реконструкција на старото и оштетено зеленило, како и подигнување и озеленување на нови површини при изградба на комунални инфраструктурни објекти.

При изготвување на оваа програма земен е предвид фактот дека начинот и интензитетот на одржување на зеленилото е менлив елемент и тоа во зависност од климатските услови, потребите на градот, структурата на градот и неговата распространетост.

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ**

Цел на програмата за Паркови и Зеленило е да се прикаже обемот на работа која ќе се извршува, како и финансиските средства кои се потребни за извршување на наведените активности по програмата во 2024 година

**ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ**

Во Табела 1 се прикажани сите позиции со изразени површини со јавно зеленило во м$^2$ кој се планирани за тековно одржување во 2024 година и тоа:

**1. Табела 1:**

| **Ред. бр.** | **Опис** | **Површина ($m^2$)** |
|---|---|---|
| 1. | Градски парк (Ловен дом) | 18.900 |
| 2. | Радовишка река (корито од радовишка река) | 16.200 |
| 3. | Зелена површина на триаголник на ул. "Илија Алексов " | 54 |
| 4. | Детски Парк Марди | 450 |
| 5. | Зелена површина и фонтана во Парк на младите | 720 |
| 6. | Кружен тек на ул. "22 Октомври " во спој со Ул.Партизанска | 45 |
| 7. | Спомен паркот во сеќавање на 22 Октомври – спроти Центар за култура | 90 |
| 8. | Зелена површина пред стоковна куќа | 135 |
| 9. | Зелена површина пред зградата на основниот суд | 540 |
| 10. | Одржување на дрворедите по кеј 8 Септември и булевар Александар Македонски | 5.400 |
| 11. | Зелена површина позади основен суд | 270 |
| 12. | Паркот Липа на ул. " Бел Камен " | 135 |
| 13. | Зелени површини на шеталиште " св.Спасо Радовишки" | 90 |
| 14. | Зелени површини околу сите станбени згради | 8.100 |
| 15. | Мало булеварче на ул."Плачковица " | 90 |
| 16. | Зелена површина пред зградата на општина Радовиш | 935 |
| 17. | Парк кај споменикот на загинатите и прогонуваните борци пред аптека Зегин | 45 |
| 18. | Парк под јаворот кај споменикот на С. Коларов | 90 |
| 19. | Жардинериите поставени на повеке локации низ градот | 36 |
| 20. | Зелена површина околу дневен центар UNICEF | 45 |
| 21. | Тротоари на ул." Плачковица" | 900 |
| 22. | Зелен појас на триаголник на ул.Плачковица | 35 |
| 23. | Зелени површини и фонтана на плоштад " св.Спасо Радовишки | 30 |
| 24. | Влезови на градот Радовиш | 540 |
| 25. | Банкини на потег помеѓу бул.Александар Македонски и двата влеза на Радовиш | 500 |
| 26. | Зелена површина околу Спортска сала во Радовиш | 1.350 |
| 27. | Зелена површина на стрелиштето | 3.000 |
| 28. | Зеленило на Бул. "А. Македонски "помеѓу двата коловоза | 3.000 |
| 29. | Кружен тек на бул. А. Македонски со ул. "Илија Алексов " | 160 |
| 30. | Кружен тек на бул."А. Македонски "со Ул. 22ри Октомври | 300 |
| 31. | Градски стадион | 600 |
| 32. | Детско игралиште во с. Воиславци | 100 |
| 33. | Детско игралиште во с.Сулдурци | 100 |
| 34. | Детско игралиште во с. Калуѓерица | 100 |
| 35. | Детско игралиште во с. Ораовица | 100 |

| | | |
|---|---|---|
| 36. | Детско игралиште во с. Подареш | 100 |
| 37. | Детско игралиште во с. Јаргулица | 100 |
| 38. | Детско игралиште во с. Злеово | 100 |
| 39. | Детско игралиште во с. Ињево | |
| 40. | Парк и детско игралиште во н. Раклиш | 200 |
| 41. | Парк во с. Ораовица | 150 |
| 42. | Тениско игралиште во градинката “Цветови “ | 550 |
| 43. | Ул Илија Алексов од кружен тек на булевар Александар Македонски до центарот на н.Раклиш | 850 |
| 44. | Зеленило околу спортско игралиште во двор на гимназија Коста Сусинов во Радовиш | 2.000 |
| 45. | Детско игралиште во н. Куклевица на ул. Кирил и Методи | 100 |
| 46. | Детско игралиште во н. Куклевица на улица Вардарска | 200 |
| 47. | Сечење и кроење на дрва на повеке локации во градот | |

2. 1. Во продолжение се опишани активностите што ке се превземаат на дадените локации од табела 1:

**1) Градски парк (Ловен дом )**

Градскиот парк е најголема површина од 18.900m$^2$ во нашиот град и бара постојани активности за одржување на постоечката инфраструктура, тревни површини, и др.

Состојбата со хортикултурното и урбано уредување во гратскиот парк е лоша бидејки повеке години уназад не е инвестирано во нови содржини, ниту нешто е обновено од постоечките инфрастуктурни, хортикултурни и урбани содржини. За гратскиот парк да го добие сјајот на урбано уредено место за оваа намена, потребно е да се инвестира во него со посебен проект кој што ке ги опфати сите сегменти во негово уредување како урбано така и хортикултурно, а тоа може да го реализира општина Радовиш од сопствени средства кој што нема да бидат предмет на оваа програма.

Во повеке наврати од годината во градскиот парк се одвиваат следниве активности : чистење од фрлен отпад, косење со грбна моторна косачка, поткастрување на долните гранки на дрвјата нивно товарање во приколка од трактор и транспортирање до градската депонија , сечење на исушените дрва нивно товарање во приколка од трактор и транспортирање до градската депонија ,чистење на израстени џбунови, прскање со препарат против плевел, чистење на патеките од трева и плевел, чистење на паднати исушени лисја во есента товарање и транспортирање до градска депонија со трактор, одржување на хигиената на корпите за отпадоци и др.

**2) Корито на Радовишка река**

Коритото на Радовишка река од 16.200m$^2$ се протега по должина по целиот град, а тоа значи дека за одржување е предвиден просторот од мостот Бриони – место до каде што е изградено коритото со камен до последните куќи под Спортска сала 25 Мај Радовиш.

Во коритото на Радовишка река се одвиваат следниве активности : прскање со препарат против плевел на тревата и троскот по каменестите странични ѕидови на коритото, чистење на иститe и отстранување на исчистениот отпад , чистење на фрлен отпад, косење со моторна косачка, чистење на израснати џбунови со триор и секира нивно товарање и отстранување со трактор и транспортирање до градската депонија, чистење на столбовите на мостовите и целосно коритото од наноси од поројните дождови нивно товарање во приколка од трактор и транспортирање до градската депонија ,чистење на паднати исушени лисја

во есента од дрворедите по кејот , и др.

**3) Зелена површина на триаголник на ул.”Илија Алексов “**

Со површина од 54m² е мало место ,но бидејќи е над асфалтирана површина потребно е повеке ангажман за зеленилото да успее. Во него се одвиваат следниве активности: косење на тревата,наводнување со цистерна на тревата и цвеќињата, плевење , кубење на старото цвеќе, садење на ново сезонско цвеќе, прашење на цвеќињата , прихранување на тревата и цвеќињата , чистење од фрлен отпад и др.

**4) Детски Парк Марди**

Паркот е со површина од 450m² .Во него има поставено детски игрaчки, потоа има поставено клупи за седење и корпи за отпадоци чија хигиена треба да се одржува . Тревнатата површина се коси со моторна косачка, се прихранува, се чисти од фрлен отпад ,собирање на суви паднати листови во есен, се наводнува со црево. На оваа површина се планира обновување на дел од зеленилото.

**5) Зелена површина и фонтана во Паркот на младите**

Паркот е со вкупна површина од 720m². Тревата се коси со моторна грбна косачка, се потхранува периодично, се врши чистење на патеките од плевел, прскање против плевел,с ечење на стари исушени дрва и транспортирање до градската депонија, кастрење на ниски гранки и нивно отстранување,чистење на суви лисја во есен,прашење и прихранување ,чистење на фрлен отпад, наводнување со црево, отстранување на ѓубрето од кантите за отпадок.Во Паркот на младите исто така се планира редовно одржување на фонтаната, реновирање со премачкување со течна гума, украсно осветлување, обновување на млазници за распрскување на вода,редовно чистење од фрлен отпад. На оваа површина се планира обновување на дел од зеленилото.

**6) Кружен тек на ул. “ 22 Октомври “ во спој со ул.Партизанска**

Вкупната површина е 45m² и е моментално простор оплеменет со трева и цвеке. Во пролетниот период од 2011 година на оваа површина ке се изврши комплетно реновирање на хортикултурното уредување со ново цвеке, трева и украсен камен. Исто така редовно ке се врши налевање со вода, плевење, чистење од фрлен отпад и др.

**7) Спомен парк во сеќавање на 22 Октомври спроти Центарот за култура**

Со вкупна површина од 90 ² и во него се одвиваат следниве активности: чистење на фрлен отпад, косење со грбна моторна косачка, сечење на стари исушени дрва и нивно собирање и транспортирање до градската депонија, кастрење на ниски гранки кој сметаат на минувачите и сообраќајните знаци собирање и транспортирање до градска депонија со тракторска приколка, чистење на паднати суви лисја во есента. На оваа површина се планира обновување на зеленилото.

**8) Зелена површина пред зградата на Стоковната куќа**

Местото е со вкупна површина од 135m² и на неа се врши косење со грбна моторна косачка ,наводнување во летниот период со цистерна или црево,чистење од фрлен отпад.Во жардинериите се посадува сезонско цвеке.

**9) Зелена површина пред зградата на основен суд**

На површина од 540m² се врши косење на тревата со грбна моторна косачка, сечење на ниски гранки и на суви дрвја и отстранување на собераните гранки и дрвја со приколка од трактор и транспортирање на градската депонија, чистење на фрлен отпад, собирање на паднати лисја во есента.На оваа површина се врши обновување на зеленилото.

**10) Дрвореди по кејот 8 ми Септември и по булеварот Александар Македонски**

Целата површина е околу 5.400m² распоредена по должината на кејот на Радовишка река од двете страни и по целата должина на булеварот Александар Македонски од двете страни. Во зимскиот период се превземаат следните активности: кастрење на ниските

гранки кој сметаат на постојаните минувачи и поставените сообраќајни знаци нивно собирање и транспортирање до градската депонија со тракторска приколка, сечење на стари и исушени дрвја нивно отстранување и транспортирање и заменување со нови садници, собирање и отстранување на паднати исушени лисја во есен, чистење на треви, расчистување на израстоци по стеблото на дрвата и др.

**11) Зелена површина позади основен суд**
Овој простор од 270m² се коси со моторна грбна косачка, околу оградата и празниот простор, се чисти од фрлен отпад.

**12) Паркот Липа на ул. “Бел камен“**
Паркот е со површина од 135m² и заради нерамниот терен косењето се врши со моторна грбна косачка, одржување на патеките нивно чистење од плевел,наводнување со црево, прихранување по потреба, чистење на отпад, кастрење на ниските гранки нивно собирање и фрлање , собирање на суви паднати лисја од дрвјата , планираме обновување на тревата. На оваа површина се планира обновување на зеленилото.

**13) Зелени површини на шеталиште “св.Спасо Радовишки”**
Зелените површини сераспоредени на неколку места и се со вкупна површина од 90m² а дел од нив се тревни површини, а на едното место има засадено и сезонско цвеќе. Површините се окопуваат, прихрануваат, косат со моторна грбна косачка, се чистат од фрлен отпад, се врши собирање на суви лисја од дрворедите по улицата,се отстрануваат старите и се садат нови сезонски цвеќиња,се прихрануваат прашат и чистат од отпад.Сета површина се наводнува со црево.

**14) Зелени површини околу сите станбени згради**
Во оваа површина се вбројуваат површините околу сите згради и пред нив и позади нив и тоа 8.100m². На нив се врши косење со грбна моторна косачка, се чистат од фрлен отпад, се кројат ниските гранки на дрвјата и се транспортираат до градската депонија, се собираат паднати лисја во есента од дрвјата се товараат и транспортираат со тракторска приколка.

**15) Мало булеварче на ул.”Плачковица “**
Тоа е со површина од 90m² и во него се одвиваат следниве активности: косење со грбна моторна косачка, чистење на ивичњаците од плевел, наводнување со цистерна во топлите денови, чистење од фрлен отпад. На оваа површина се планира обновување на зеленилото, хортикултурно уредување и украсување со украсен камен.

**16) Парк пред зградата на општина Радовиш**
На оваа површина од 935m² има засадено дел со сезонско цвеќе и дел со трева. Таму се врши : косење на тревата со моторна косачка на туркање, отстранување на старо цвеќе и засадување на ново сезонско цвеќе ,прашење и плевење околу цвеќињата , прихранување и на тревата и на цвеќињата, чистење на фрлен отпад, чистење на плевел по патеките , наводнување со црево, кастрење на ниски гранки, собирање на суви лисја во есента и др. На оваа површина се планира обновување на зеленилото во делот пред влезот на општина Радовиш и хортикултурно уредување со цвеке и растенија како и украсување со украсен камен.

**17) Парк кај споменикот на загинатите и прогонуваните борци**
Паркот е со површина од 45m² и во неа се извршуваат следниве активности: косење на трева со грбна моторна косачка, чистење на патеките од плевел, по потреба периодично прихранување на тревата, чистење на фрлен отпад, наводнување со цистерна, собирање на суви лисја од дрвјата и нивно отстранување. На оваа површина се планира обновување на зеленилото.

**18) Парк под јаворот кај споменикот на С. Коларов**
Паркот е со површина од 90m² и во него се врши: косење на трева со грбна моторна косачка, чистење на фрлен отпад, собирање на

суви лисја во есента, чистење на патеки од плевел. На оваа површина се планира комплетно реновирање.

**19) Жардинериите низ градот**

Со површина од 36m$^2$ во нив се врши садење на сезонско цвеќе, прихранување, кубење на трева, отстранување на старо цвеќе,чистење на отпад, наводнување со црево,прашење на засадените цвеќиња.

**20) Дневен центар UNICEF**

Зелена површина околу 45m$^2$. На површината пред просториите на седиштето на UNICEF се коси тревата со грбна моторна косачка.

**21) Тротоари на ул.”Плачковица “**

На оваа површина е планирано косење со грбна моторна косачка, овде се врши и прскање со препарат и чистење на плевелот по ивичњаците .Се чисти од фрлен отпад.

**22) Зелена површина на триаголникот на ул.Плачковица**

На овој простор од 35m$^2$ се одвиваат косење со моторна грбна косачка,чистење на ивичњаците од плевел, чистење на отпад и наводнување со цистерна во најтоплите летни денови.На оваа површина се планира да се доуреди со украсен камен.

**23) Зелена површина и фонтана на Плоштад Св.Спасо Радовишки**

На оваа површина од 30m$^2$ се посадуват цвеќиња, се врши замена на старите со нови цвеќиња, окопување ,прихранување,наводнување со цистерна и црево, се чисти фрлен отпад, кубење на тревата израстено меѓу цвеќињата. Исто така се планира редовно одржување на фонтаната, реновирање со премачкување со течна гума, украсно осветлување, обновување на млазници за распрскување на вода, редовно чистење од фрлен отпад.

**24) Влезови на градот Радовиш**

На површината од 540m$^2$ се вршат следните активности: косење на тревата со грбна моторна косачка, чистење на израснати џбунови и капини и се одржува хигиената. Овде влегуваат и триаголниците пред Монополот кој се покриени со украсен камен каде ќе имаме и нивно одржување (прскање против коров).

**25) Банкини на потег помеѓу Бул.Александар Македонски и влезови на градот Радовиш**

На површина од 500m$^2$ се одвиваат следниве активности: косење на трева со грбна моторна косачка, расчистување на израснати џбунови и капини по канафките од магистралниот пат и се врши чистење на фрлен отпад.

**26) Зелена површина во кругот на Спортска сала во Радовиш**

Во ова одржување спаѓа: косење на тревата со грбна моторна косачка целосно околу спортската сала и тоа: помеѓу Шампион, кај кејот и во целиот паркинг, собирање на окосената трева и нејзино отстранување, собирање паднати лисја во есен и нивно отстранување, кроење на дрва транспортирање до депонијата на гранки со трактор.

**27) Зелена површина на стрелиштето**

Целата површина околу 3.000m$^2$ по налог на општина Радовиш се коси со грбна моторна косачка неколку пати во годината.

**28) Зеленило на Булевар “ Александар Македонски“ помеѓу двата коловоза**

На површина од 3.000m$^2$ на средишниот дел од булеварот се вршат овие активности: прскање со хемиски препарат против плевел на местата каде има израстено, нивно чистење и отстранување, наводнување на украсни растенија и тревата со цистерна и со систем капка по капка, косење на трева со моторна косачка на туркање,сечење на исушените дрвца нивно отстранување и заменување со нови,чистење на фрлен отпад , прихранување на растенијата, тревата и дрвцата , кроење на зеленилото:prunus otto luycen, мини ружи, juniperus procumbens nana, и др., кубење на трева на делот од кружниот тек на ул. Илија Алексов – кружниот тек кај автобуската станица и др.

**29) Кружен тек на бул.“А. Македонски“ со**

**ул.”Илија Алексов“**
Површината му е 160m² со приклучок за вода и се наводнува со црево и со распрскувачи , се врши прихранување,се чисти од отпад, а додека тревата се коси со моторна косачка на туркање, се прихранува, наводнува, се прскаат ивичнаците со препарат против плевел,прашење на зеленилото. На оваа површина се планира комплетно обновување на зелената површина со нови садници.

**30) Кружен тек на бул.“А. Македонски“ со ул. 22 Октомври**
Вкупната површина на кружниот тек од 300m² заедно со четирите странични издигнати делови посеани и посадени со трева. Овде се врши наводнување со систем капка по капка, косење со моторна косачка на туркање, прихранување, чистење на фрлен отпад, прскање на ивичњаците со препарат против плевел и негово отстранување, кроење на зеленилото.

**31) За површините од позиција 31 до позиција 46 од Табела 1 се врши косење на израсната трева со грбна косачка, чистење од фрлен отпад, плевење, прскање против плевел.**

**Реализација на активностите во програмата по позициите од табела 1 по основ на цените на услугите од ценовникот на ЈП Плаваја Радовиш точка 10 Паркови и зеленило донесени од страна на советот на општина Радовиш со арх. Бр. 08-678/1 од 04.05.2021 година, ќе биде во висина од 5.500.000,00 денари.**

Финансирањето на програмата е од такса за одржување на паркови и зеленило која изнесува **67 денари од корисник** за физички и правни субјекти како надоместок за одржување на паркови и зеленило согласно одлуката за утврдување на надоместок за одржување на паркови и зеленило на општина Радовиш донесена од страна на советот на општина Радовиш се планирани средства **од 5.500.000,00 денари.**

Програмата влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш”.

Број 08-1824/2 Совет на општина Радовиш
Дата 18.12. 2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XL седницата одржана на ден 18.12.2023 година, донесе:

### О Д Л У К А
за донесување на Програма за одржување, обновување и користење на паркови и други јавни површини во Општина Радовиш за 2024 година

I. Се донесува Програма за одржување, обновување и користење на паркови и други јавни површини во Општина Радовиш за 2024 година.

II. Одлуката влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш”.

Број 08-1824/1 Совет на општина Радовиш
Дата 18.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за донесување на Програма за јавна чистота во Општина Радовиш за 2024 година и Програма за јавна чистота во Општина Радовиш за 2024 година

Ја прогласувам и објавувам одлуката за донесување на Програма за јавна чистота во Општина Радовиш за 2024 година бр.08-1825/1 и Програма за јавна чистота во Општина Радовиш за 2024 година, бр.08-1825/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 18.12.2023 година.

Број 09-1825/3 Градоначалник
Дата 19.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) а согласно член 21 став 1 точка 15 од Статутот на општина Радовиш и член 12 од Законот за јавна чистота(„Службен весник на РМ“ бр.111/08, 64/09, 88/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15, 31/16, 122/21),

Советот на Општина Радовиш на XL седницата одржана на ден 18.12.2023 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за Јавна чистота на општина Радовиш за 2024 година**

Со оваа програма се уредуваат условите и начинот на одржување на јавната чистота, правата и обврските на учесниците во одржувањето на јавната чистота, површините и објектите на кои се врши одржување на јавната чистота, собирање на смет и чистење на снег и мраз во зимски услови, како дејности од јавен интерес од локално значење.

Одржувањето на јавната чистота е континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини, на јавните објекти, на отворените простори на јавните објекти, на неизградено градежно земјиште сопственост на физички и правни лица во централното подрачје на општината и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување, заради обезбедување на здрава и чиста животна средина.

“Јавни површини и отворени простори на јавни објекти“ се улици, тротоари, велосипедски патеки, плоштади, кејови, подвозници, надвозници,мостови, паркиралишта, скалила кои ги поврзуваат површините на јавен сообраќај, градски паркови, парк-шуми, улични тревници, видиковци, железнички, автобуски, бензински и такси станици и други објекти на комуналната инфраструктура, градски гробишта, пазари, магацини и складишта, спортско рекреативни објекти и отворени простори околу други јавни објекти;

Одржувањето на јавната чистота и чистењето на снегот и мразот во зимски услови на јавните површини го врши јавно претпријатие за комунални услуги, основано од општината

За поблиско уредување на односите за одржувањето на јавната чистота советот на општина Радовиш донесува одлука.

**ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА**

Општа цел на програмата е да се обезбеди

редовно чистење ( метење и миење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти, како и чистење на снегот и мразот во зимски услови.

Со оваа Програма:
Се утврдува територијата, распоредот и фреквенцијата за одржување (метење и миење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти ;
Се утврдуваат основните начини на вршење на работата за одржување на јавната чистота;
Се утврдува надзорот во спроведувањето;
Се утврдува начинот на финансирање;

При утврдувањето на јавните површини кои ќе се одржуваат со оваа Програма земени се во предвид : густина на населеност, фреквенција на граѓани и сообраќај, воспитно образовни објекти, како и степенот на уреденост на површината.

## 1. Метење на јавни површини

| Метење на јавни површини | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | Опис | Површина (м$^2$) | број на циклуси | единечна цена м$^2$ | Вкупно |
| I | ЗОНА | Трипати неделно | | | |
| 1 | Булевар Александар Македонски | 19200 | 162 | 0,5 | 1.555.200,00 |
| 2 | Кеј 8ми Септември | 6400 | 162 | 0,5 | 518.400,00 |
| 3 | Св. Спасо Радовишки до дневен центар Порака | 4560 | 162 | 0,5 | 369.360,00 |
| 4 | Ул. 22ри Октомври | 4040 | 162 | 0,5 | 327.240,00 |
| 5 | Ул.Партизанска (дел) | 500 | 162 | 0,5 | 40.500,00 |
| 6 | Ул.Самуилова | 600 | 162 | 0,5 | 48.600,00 |
| 7 | Ул.Илинденска | 400 | 162 | 0,5 | 32.400,00 |
| 8 | Ул.Блаже Коневски | 400 | 162 | 0,5 | 32.400,00 |
| 9 | Ул.Коста Сусинов | 500 | 162 | 0,5 | 40.500,00 |
| 10 | Ул.15ти Корпус | 300 | 162 | 0,5 | 24.300,00 |
| 11 | Ул.1ви Мај | 800 | 162 | 0,5 | 64.800,00 |

| | |
|---|---|
| Вкупно: | 3.053.700,00 |

| Метење на јавни површини | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | Опис | Површина (м$^2$) | број на циклуси | единечна цена м$^2$ | Вкупно |
| II | ЗОНА | Еднаш неделно | | | |
| 1 | Ул.Илија Алексов | 900 | 54 | 0,5 | 24.300,00 |
| 2 | Ул.Плачковица | 5400 | 54 | 0,5 | 145.800,00 |
| 3 | Ул.Гоце Делчев | 650 | 54 | 0,5 | 17.550,00 |
| 4 | Ул.Шаин Маале | 300 | 54 | 0,5 | 8.100,00 |
| 5 | Ул.Ана Поцкова | 550 | 54 | 0,5 | 14.850,00 |
| 6 | Ул.Мирче Ацев | 300 | 54 | 0,5 | 8.100,00 |
| | | | | Вкупно: | 218.700,00 |

| Метење на јавни површини | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | Опис | Површина (м$^2$) | број на циклуси | единечна цена м$^2$ | Вкупно |
| III | ЗОНА | Еднаш месечно | | | |
| 1 | Ул.Ѓорче Петров | 2800 | 12 | 0,5 | 16.800,00 |
| 2 | Ул.Вардарска | 2000 | 12 | 0,5 | 12.000,00 |
| 3 | Ул.Егејска | 1000 | 12 | 0,5 | 6.000,00 |
| 4 | Ул.Исарот | 400 | 12 | 0,5 | 2.400,00 |
| 5 | Ул.11ти Октомври | 300 | 12 | 0,5 | 1.800,00 |
| 6 | с.Раклиш | 1000 | 12 | 0,5 | 6.000,00 |
| 7 | с.Ораовица | 6000 | 12 | 0,5 | 36.000,00 |
| 8 | с.Подареш | 6000 | 12 | 0,5 | 36.000,00 |
| 9 | с.Јаргулица | 2000 | 12 | 0,5 | 12.000,00 |
| 10 | с.Покрајчево | 2000 | 12 | 0,5 | 12.000,00 |
| 11 | с.Злеово | 3000 | 12 | 0,5 | 18.000,00 |
| 12 | с.Ињево | 4000 | 12 | 0,5 | 24.000,00 |
| 13 | с.Воиславци | 2000 | 12 | 0,5 | 12.000,00 |
| 14 | с.Калугерица | 2000 | 12 | 0,5 | 12.000,00 |
| 15 | с.Сулдурци | 1000 | 12 | 0,5 | 6.000,00 |
| 16 | с.Дамјан | 1000 | 12 | 0,5 | 6.000,00 |
| | | | | Вкупно: | 219.000,00 |
| | | | | Вкупно I+II+III: | 3.491.400,00 |

**2. Миење на јавни површини**

| Миење на јавни површини | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | Опис | Површина (м$^2$) | број на циклуси | единечна цена (м$^2$) | Вкупно |
| I | ЗОНА | Трипати неделно | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Булевар Александар Македонски | 3200 | 162 | 0,5 | 259.200,00 |
| 2 | Кеј 8ми Септември | 3200 | 162 | 0,5 | 259.200,00 |
| 3 | Св. Спасо Радовишки до дневен центар Порака | 4560 | 162 | 0,5 | 369.360,00 |
| 4 | Ул. 22ри Октомври | 3470 | 162 | 0,5 | 281.070,00 |
| 5 | Ул.Партизанска (дел) | 250 | 162 | 0,5 | 20.250,00 |
| 6 | Ул.Самуилова | 300 | 162 | 0,5 | 24.300,00 |
| 7 | Ул.Илинденска | 200 | 162 | 0,5 | 16.200,00 |
| 8 | Ул.Блаже Коневски | 200 | 162 | 0,5 | 16.200,00 |
| 9 | Ул.Коста Сусинов | 250 | 162 | 0,5 | 20.250,00 |
| 10 | Ул.15ти Корпус | 300 | 162 | 0,5 | 24.300,00 |
| 11 | Ул.1ви Мај | 400 | 162 | 0,5 | 32.400,00 |
| | | | | Вкупно: | 1.322.730,00 |
| II | ЗОНА | Еднаш неделно | | | |
| 1 | Ул.Илија Алексов | 450 | 54 | 0,5 | 12.150,00 |
| 2 | Ул.Плачковица | 2700 | 54 | 0,5 | 72.900,00 |
| 3 | Ул.Гоце Делчев | 650 | 54 | 0,5 | 17.550,00 |
| 4 | Ул.Шаин Маале | 300 | 54 | 0,5 | 8.100,00 |
| 5 | Ул.Ана Поцкова | 550 | 54 | 0,5 | 14.850,00 |
| 6 | Ул.Мирче Ацев | 300 | 54 | 0,5 | 8.100,00 |
| | | | | Вкупно: | 133.650,00 |
| III | ЗОНА | Еднаш месечно | | | |
| 1 | Ул.Ѓорче Петров | 1400 | 12 | 0,5 | 8.400,00 |
| 2 | Ул.Вардарска | 1000 | 12 | 0,5 | 6.000,00 |
| 3 | Ул.Егејска | 500 | 12 | 0,5 | 3.000,00 |
| 4 | Ул.Исарот | 200 | 12 | 0,5 | 1.200,00 |
| 5 | Ул.11ти Октомври | 300 | 12 | 0,5 | 1.800,00 |
| 6 | с.Раклиш | 500 | 12 | 0,5 | 3.000,00 |
| 7 | с.Ораовица | 3000 | 12 | 0,5 | 18.000,00 |
| 8 | с.Подареш | 3000 | 12 | 0,5 | 18.000,00 |
| 9 | с.Јаргулица | 1000 | 12 | 0,5 | 6.000,00 |
| 10 | с.Покрајчево | 1000 | 12 | 0,5 | 6.000,00 |
| 11 | с.Злеово | 1500 | 12 | 0,5 | 9.000,00 |
| 12 | с.Ињево | 2000 | 12 | 0,5 | 12.000,00 |
| 13 | с.Воиславци | 1000 | 12 | 0,5 | 6.000,00 |
| 14 | с.Калугерица | 1000 | 12 | 0,5 | 6.000,00 |
| 15 | с.Сулдурци | 500 | 12 | 0,5 | 3.000,00 |
| 16 | с.Дамјан | 500 | 12 | 0,5 | 3.000,00 |
| | | | | Вкупно: | 110.400,00 |
| | | | | Вкупно I+II+III: | 1.566.780,00 |

**3. Собирање на смет и чистење на диви депонии**

| Собирање на смет и чистење на диви депонии | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | Опис | Единечна мера | број на циклуси | единечна цена | Вкупно |
| I | ЗОНА | | | | |
| 1 | Собирање смет | бр. | 700 | 700 | 490.000,00 |
| 2 | Чистење на диви депонии | | | | |
| | Багер утоварач | час | 100 | 2200 | 220.000,00 |
| | Камион кипер | час | 100 | 900 | 90.000,00 |
| | | | | Вкупно: | 800.000,00 |

**4. Рекапитулар**

| Рекапитулар | | |
|---|---|---|
| ред.бр. | Опис | Вкупно |
| 1 | Метење на јавни површини | 3.491.400,00 |
| 2 | Миење на јавни површини | 1.566.780,00 |
| 3 | Собирање на смет и чистење на диви депонии | 800.000,00 |
| | Вкупно: | 5.858.180,00 |

**5. Финансирање**

| Финансирање | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ред.бр. | Опис | Број на корисници / број на месеци | Единечна цена | Вкупно |
| 1 | Такса за јавна чистота | 6868 | 360 | 2.472.480,00 |
| 2 | Комунална такса | 12 | 186968 | 2.243.616,00 |
| | | | Вкупно: | 4.716.096,00 |

За одржување на јавната чистота се плаќа надоместок утврден со одлука на советот, Надоместокот е со висина од 30 денари/месечно по корисник. Разликата помеѓу потребните средства и средствата кои се прибираат за финансирање изнесува 1.142.084 денари, па затоа предлагаме да се корегира одлуката за цената на таксата за јавна чистота и таа да изнесува 40 денари по корисник.

Наплатата на надоместокот за одржување на јавната чистота се врши преку доставување на сметка за собирање и транспортирање на комуналниот отпад и на другите видови неопасен отпад, кој се прикажува одвоено на сметката.

Средствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота се приход на општината и се користат за финансирање на работите на јавната чистота.

3. Зимско одржување на улиците и тротоарите

Зимско одржување на улиците и тротоарите во градот за 2023 година. Подрачјето на општина Радовиш е под влијание на изменета континентална клима со влијание на медитеранска клима, што овозможува релативни благи зими и со мали врнежи од снег, а сето тоа трае два месеци во годината.

Согласно одлуката за Јавна чистота во општина Радовиш донесена од страна на Советот на општина Радовиш, правните и физичките лица се должни да го исчистат снегот и мразот од тротоарите, или до половина на улиците.

Контролата на реализацијата на овие должности ќе го врши комуналната инспекција при локалната самоуправа.

Во случај на поголеми врнежи од снег одржувањето на улиците и тротоарите ЈП Плаваја и локалната самоуправа го регулираат со посебен договор.

**Превентивни мерки на заштита**
Со цел да се намалат опасностите од евентуални незгоди во зимскиот период ЈП Плаваја ги превзема сладните превентивни мерки и заштита:

- Потребна работна сила и механизација за расчистување на тротоарите и улиците
- Ја утврдува потребната количина на сол и песок за посипување
- Го утврдува начинот на ангажирањето на работната сила и активирањето на механизацијата
- Го утврдува приоритетот на чистење на улиците во заедничка соработка со МВР и ЕЛС

**Времетраење и степен на приправност**
Времетраењето на приправноста е од 15.11.2023 до 01.03.2024год.
Во овој период ќе бидат дежурни на повик:

- два возачи на трактор
- два работника за испомош
- еден возач на специјална машина скип

Продолжувањето на времетраењето на приправноста ќе се врши по потреба во зависност од временските услови, а сето тоа усогласено со надлежните служби при ЕЛС и МВР.

II. Преглед на улици и места за интервенција по приоритет

1. Ул.Булевар Александар Македонски се до преминот со улица Ѓорче Петров.
2. Ул. Кеј 8 ми Септември
3. Ул. 22 Октомври
4. Ул. Св Спасо Радовишки
5. Ул. Коста Сусинов
6. Ул. 15ти Корпус
7. Ул. Чедо Филиповски Даме
8. Ул. Самуилова
9. Влезовите пред следните институции:

- Детски градинки
- Здравен дом
- Основен суд
- Управа на ЕЛС

- Стопанска Банка
- Пристап до МВР

10. Сите угорници што ги има град Радовиш

Планирано ангажирање на работна рака и механизација
Планирана механизација:

- Ровокопач Скип 1 број.
- Камјон кипер 2 броја.
- Трактор за машинско растурање на сол 1 број.
- Трактор за машинско растурање на сол и плуг за чистење на снег 1 број.

**Планирана работна рака:**
Бројот на возачи и работници ќе биде во склад со степенот на приправноста.
Чистењето на тротоарите од снег ќе го вршат работниците кои работат на програмата за одржување на јавната чистота и одржувањето на зеленилото.
Списоците на возачи и работници ќе бидат изготвени од страна на Стручните служби во ЈП Плаваја и ќе се достават до ЕЛС по укажана потреба.

**Планирани количини на сол и ризла**
Според претходните досегашни искуства потребна количина на сол за расфрлање во една сезона е околу 20 тона, а сепариран песок ризла (гранулит 2) е околу 30m$^3$ и истите матрејали ги набавува ЕЛС Радовиш.

**Финансиска конструкција на оперативниот план за зимско одржување**
Финансирањето на извршувањето на работите од овој оперативен план ќе се регулира со посебен договор помеѓу ЈП Плаваја и Градоначалникот на Општина Радовиш. Следењето и контролата на извршувањето на работите ќе го вршат службите при ЕЛС Радовиш, а фактурирањето ќе биде по ценовник кој ќе биде предмет на договор. Реалната вредност на програмата ќе се дефинира по завршувањето на зимската сезона согласно потрошените материјали и обемот на ангажираната работна сила и механизација.

**Извршител на Програмата**
Задолжен субјект за извршување на активности предвидени со оваа Програма е ЈП„Плаваја" Радовиш. Извршителите имаат обврска за континуирано, квалитетно и навремено одржување на јавната чистота согласно Програмата за одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Радовиш за 2024 година.

**Надзор над извршување на Програмата**
Надзор над извршување на Програмата за јавна чистота на подрачјето на општина Радовиш за 2024 година врши надлежно лице овластено од страна на Градоначалникот на општина Радовиш. Инспекциски надзор согласно Законот за јавна чистота вршат овластениот комунален инспектор и комуналните редари.
ЈП Плаваја е должно НАВРЕМЕНО и ефикасно да презема мерки за спроведување на Програмата.

Програмата влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1825/2 Совет на општина Радовиш
Дата 18.12. 2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 15 од Статутот на општина Радовиш,
Советот на Општина Радовиш на XL седницата одржана на ден 18.12.2023 година, донесе:

О Д Л У К А
за донесување на Програма за јавна чистота во Општина Радовиш за 2024 година

I. Се донесува Програма за јавна чистота во Општина Радовиш за 2024 година.

II. Одлуката влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1825/1 Совет на општина Радовиш
Дата 18.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,
Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за донесување на Програма за јавно осветлување на подрачјето на Општина Радовиш за 2024 година и Програма за јавно осветлување на подрачјето на Општина Радовиш за 2024 година

Ја прогласувам и објавувам одлуката за донесување на Програма за јавно осветлување на подрачјето на Општина Радовиш за 2024 година бр.08-1826/1 и Програма за јавно осветлување на подрачјето на Општина Радовиш за 2024 година, бр.08-1826/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 18.12.2023 година.

Број 09-1826/3 Градоначалник
Дата 19.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02 ) а согласно член 21 став 1 точка 13 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XL седницата одржана на ден 18.12.2023 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА РАДОВИШ ЗА 2024 ГОДИНА

Со програмата се утврдуваат активностите за одржување на јавното осветлување за 2024 год., односно се утврдува обемот и динамиката на одржувањето, финансирањето на истите, како и финансирањето на потрошената енергија од јавното осветлување во општината.Финансирањето односно покривање на трошоците за јавно осветлување е регулирано со закон за комунални такси според кој за користење и одржување на јавното осветлување се плаќа комунална такса.

Комунална такса за користење и одржување на јавното улично осветлување се наплаќа од регистрираните броила односно според евиденцијата на АД ЕВН Македонија за општина Радовиш.
Наплатата на таксата од имателите на броила ја врши ЕВН Македонија АД Скопје КЕЦ Струмица и ја уплатува на сметка на буџетот на општина Радовиш. Средствата кои се прибираат од граѓаните врз основа на комуналната такса за улично осветлување се основни приходи со кои се финансира одржувањето, реконструкцијата и изградбата на нова улична мрежа и потрошената електрична енергија за јавното осветлување.
Во општина Радовиш има регистрирано 9.096 броила за домаќинство,согласно моменталната висина на таксата од 184 ден./броило/месец планирано е да се оствари приход од 20.083.968 ден. и 1.292 броила за индустрија, согласно моменталната висина на таксата од 368 ден./броило/месец планирано е да се оствари приход од 5.705.472 ден,односно 20.083.968 + 5.705.472 = 25.789.440,00 денари. вкупно во 2023год. Останатите средства се обезбедуваат од буџетот на општина Радовиш.

| Од остварениот приход ќе се финансира: | | Износ / денари |
|---|---|---|
| 1 | Потрошена електрична енергија (трансфери на ЈПССО) | 5.900.000,00 |
| 2 | Одржување и проширување на уличното осветлување | 1.000.000,00 |
| 3 | Новогодишно и божиќно украсување | 100.000,00 |
| **ВКУПНО :** | | **7.000.000,00** |

Редовното одржување на јавното улично осветлување го врши стручна организација која ќе ја избере комисијата за јавни набавки преку спроведена тендерска постапка. Поднесување на пријави од грагани,месни заедници и други урбани заедници за дефекти на уличната осветлување се вриши до ЕЛС Радовиш ( задолжено стручно лице во општината) и истите се доставуваат до избраната фирма за одржување која што треба да постапи по истите. Надзор над извршените работи ,проверка на пристигнатите фактури за извршените работи ги стручно лице вработено во ЕЛС овластено со Решение од градоначалникот или избрана фирма врз основа на објавена јабна набавка.

Програмата влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1826/2 Совет на општина Радовиш
Дата 18.12. 2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 13 од Статутот на општина Радовиш,
Советот на Општина Радовиш на XL седницата одржана на ден 18.12.2023 година, донесе:

О Д Л У К А
за донесување на Програма за јавно осветлување на подрачјето на Општина Радовиш за 2024 година

член 1

Се донесува Програма за јавно осветлување на подрачјето на Општина Радовиш за 2024 година.

член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-1826/1 Совет на општина Радовиш
Дата 18.12. 2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за донесување на Програма за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на електронско јавно наддавање за 2024 година за подрачје на Општина Радовиш и Програма за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на електронско јавно наддавање за 2024 година за подрачје на Општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам одлуката за донесување на Програма за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на електронско јавно наддавање за 2024 година за подрачје на Општина Радовиш бр.08-1827/1 и Програма за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на електронско јавно наддавање за 2024 година за подрачје на Општина Радовиш, бр.08-1827/2

што советот на Општина Радовиш ѓи донесе на седница одржана на 18.12.2023 година.

Број 09-1827/3 Градоначалник
Дата 19.12.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов Digitally signed

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на XL седница одржана на 18.12.2023 година, донесе

О Д Л У К А
за донесување на Програма за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на електронско јавно наддавање за 2024 година за подрачје на Општина Радовиш

I. Се донесува Програма за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на електронско јавно наддавање за 2024 година за подрачје на Општина Радовиш.

II. Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш,, .

Број 08-1827/1 Совет на општина Радовиш
Дата 18.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на XL седница одржана на 18.12.2023 година, донесе

# ПРОГРАМА

## за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на електронско јавно наддавање за 2024 година за подрачје на Општина Радовиш

**Општ дел**

Во тековната 2024 година Градоначалникот на Општина Радовиш во Програмата за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија кое се наоѓа на територијата на Општината , по пат на електронско јавно наддавање предлага Градежни парцели кои според ДУП претставуваат градежни неизградено земјиште ,сопственост на Република Северна Македонија, кои можат да бидат предмет на отуѓување со електронско јавно наддавање во текот на 2024 година .
Во Програмата се опфатени Градежни парцели со намена А1- Домување во семејни куќи , Г 2-лесна индустрија , А2-колетивни станебени згради и А3-Групно домување согласно Детален урбанистички план за град Радовиш.

Во Програмата за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија кое се наоѓа на територијата на Општината , по пат на електронско јавно наддавање согласно член 48 од законот за градежно земјиште, каде што во градежната парцела помалку од 30 % сопственик е друго лице и повеке 70 % сопственик е Република Северна Македонија, предлагаме во програмата за 2024 отуѓување на градежни парцели во Општина Радовиш да ги понуди со Објава за отуѓување за изградба на објекти со намена предвидена во деталните урбанистички планови.

**Напоменувам дека согласно член 48 став 1 од законот за градежно земјиште**
**(Сл.весник на РМ бр.15/15,98/15,193/15,226/15.31/16,142/16 , 190/16 и 275/2019 )**

**(1) Кога во рамки на една градежна парцела Република Македонија е сопственик или сосопственик на најмалку 70% од вкупната површна на градежната парцела , пред започнување на постапката на јавно наддавање ,оргнот што ја води постапката за јавно наддавање , со подавка преку нотар ке го понуди делот на градежното земјиште сопственост на Република Македонија на другите сопственици или сосопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела предмет на отуѓување ,по предходно добиена согласност од Владата на Република Мкедонија , по цена на градежното земјиште определена од овластен проценувач согласно со Методологијата за процена на вредноста на недвижен имот.**

**(2) Доколку другите соственици или сосопствениеци се заинтересирани за земјиштетоод ставот (1) на овој член отуѓувањето на градежното земјиште се врши врз основа на договор на кој е дадено позитивно мислење од Државното правобранителство на Република Македонија.**

**(3) Доколку другите сопственици или сосопственици не се заинтресирани за земјиштето од ставорт 1 на овој член ,градежното земјиште сопственост на Република Мкаедонија може да биде предмет на отуѓување со јавно наддавање согласно со овој закон.**

**(4) По исклучок од ставот (1) на овој член ,градежното земјиште сопственост на Република Мкедонија може да биде предмет на отуѓување по пат на јавно наддавање ,доколку другите сопственици или сосопственици предходно со**

**изјава дадена преку нотар се откажат од правото на првенствено купување на градежното земјиште сопственост на Република Мкедонија.**

**(5) Објавата за отуѓување на градежното земјиште во случаите од ставот (3) и (4) на овој член содржи обврска идниот купувач , односно закупец , договорно сам да ги уреди имотно правните односи со останатите сопственици ,односно сосопственици на градеѓното земјиште во рамки на градежната парцела која е предмет на отуѓување.**

ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ

Во електронското јавно наддвање за 2024 година предвидено е да објавиме на продажба повеке градежни парцели и тоа:

-Градежни парцели во УБ.22 со намена А1-домување во семејни куќи
- Градежни парцели во УБ.15 со намена А1-домување во семејни куќи
- Градежни парцели во УБ. 8 и 9 со намена А2- колективни станбени згради
-Градежни парцели во УБ.2 намена Г2-Лесна индустрија
-Градежни парцели во УБ.15 со намена А1-домување во семејни куќи
- Градежни парцели во ДЛ.24 во Радовиш
- Градежни парцели во ДУП за с.Ораовица
- Градежни парцели во ДУП за с.Калуѓерица
-Градежни парцела во АУП со намена Г2-Лесна индустрија
-АУП

-Градежни парцели во УБ.22 со намена А1-домување во семејни куќи

**Табеларен преглед**:

| Ред. број | **Број на градежна парцела** | **Намена на градежна парцела** | **Максимална висина до венец (м) и катност** | **Површ. на градежна парцела (м2) според Геод.елаборат** | **Површина за градење (м2)** | **Почетна цена по м$^2$ (денари)** | **Вкупна почетна цена (денари)** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **ГП. 142**<br><br>**580/10** | А1 – Домување во станбени куќи и Б1 компатибил. класа на намена | 10,20<br>П+2+Пк | 856 **м²** | 362 **м²** | 61,00 | 52 216,00 | |
| **2** | **ГП.137**<br><br>**580/16** | А1 – Домување во станбени куќи и Б1 компатибил. класа на намена | 10,20<br>П+2+Пк | 816 **м²** | 349 **м²** | 61,00 | 49 776,00 | |
| **3** | **ГП.138**<br><br>**580/17** | А1 – Домување во станбени куќи и Б1 компатибил. класа на намена | 10,20<br>П+2+Пк | 832 **м²** | 270 **м²** | 61,00 | 50 752.00 | |
| **4** | **ГП.144**<br>**580/1** | А3 – Групно домување и Б1 компатибил. | 9,20<br>П+2 | 2086 **м²** | 546 **м²** | 61,00 | 127 246,00 | |
| **5** | **ГП.48** | А1 – Домување во станбени куќи и Б1 компатибил. класа на намена | 9,20<br>П+2 | 642 **м²** | 214 **м²** | 61,00 | 39 162.00 | |


152
151
121
119
122
118
117
124
125
116
115
114
127
128
138
137
144
136
26
27
28
29
30
31
32
34
П+2
Н=9,2м
А1
П+2+Пк
Н=10,2м
Б2
Ø 80
6,0%
7,0%
Министерство за одбрана
на Р.М
Радовиш

- Градежни парцели во УБ.15 со намена А1-домување во семејни куќи

**Табеларен преглед**:

| Ред. број | Број на градежна парцела | Намена на градежна парцела | Максимална висина до венец (м) и катност | Површ. на градежна парцела (м2) според Геод.елаборат | Површина за градење (м2) | Почетна цена по м² (денари) | Вкупна почетна цена (денари) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **ГП. Ѓ.3 3829/1** | А1 – Домување во станбени куќи | 10,20 | 541 **м²** | 196 **м²** | 61,00 | 33 001,00 | |
| **2** | **ГП. Ѓ.4 3829/1** | А1 – Домување во станбени куќи | 10,20 | 477 **м²** | 257 **м²** | 61,00 | 29 097,00 | |
| **3** | **ГП. Ѓ.5 3829/3** | А1 – Домување во станбени куќи | 10,20 | 452 **м²** | 242 **м²** | 61,00 | 27 572,00 | |
| **4** | **ГП. Ѓ.6 3829/1** | А1 – Домување во станбени куќи | 10,20 | 524 **м²** | 180 **м²** | 61,00 | 31 196,00 | |
| **5** | **ГП. И.26 2026/17** | А1 – Домување во станбени куќи | 10,20 | 406 **м²** | 111 **м²** | 61,00 | 24 766,00 | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **6** | **ГП. И.30 2026/17** | А1 – Домување во станбени куќи | 10,20 | 350 **м²** | 144 **м²** | 61,00 | 21 350,00 | |
| **7** | **ГП. И.29 2026/17** | А1 – Домување во станбени куќи | 10,20 | 335 | 130 | 61,00 | 20 435,00 | |






-Градежни парцели во УБ.2 со намена Г2- лесна индустрија

**Табеларен преглед**:

| **Ред. Број** | **Број на градежна парцела, кп.бр.** | **Намена на градежна парцела** | **Максимална висина до венец (м) и катност** | **Површ. на градежна парцела (м2) според Геод.елаборат** | **Површина за градење (м2)** | **Почетна цена по $м^2$ (денари)** | **Вкупна почетна цена (денари)** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **ГП. 10** | **Г2** | **П+1** | **1185 $м^2$** | **594 $м^2$** | **61,00** | **72 285,00** | |




-Градежни парцели во УБ.8 и 9 со намена А2 –колективни станбени згради

**Табеларен преглед**:

| **Ред. број** | **Број на градежна парцела** | **Намена на градежна парцела** | **Максимална висина до венец (м) и катност** | **Површ. на градежна парцела (м2) според Геод.елаборат** | **Површина за градење (м2)** | **Почетна цена по м$^2$ (денари)** | **Вкупна почетна цена (денари)** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2.10** | А2 – колективно домување со ком.класа на намена | **16,50 П+4** | 2054 м2 | 588 м$^2$ | 1040 ,00 | 2 136 160,00 | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Б1,Б2,Б4,Б5, В3,В4, Д3 до 40% | | | | | | |
| **2** | **2.16** | А2 – колективно домување со ком.класа на намена Б1,Б2,Б4,Б5, В3,В4, Д3 до 40% | **16,50**<br>**П+4** | 1599 м2 | 557 м2 | 1040,00 | 1 662 960,00 | |
| **3** | **2.18** | А2 – колективно домување со ком.класа на намена Б1,Б2,Б4,Б5, В3,В4, Д3 до 40% | **16,50**<br>**П+4** | 1602 м2 | 555 м2 | 1040,00 | 1 666 080,00 | |




-Градежни парцели во ДЛ.24 во Радовиш со намена А1 –домување во семејни куќи

**Табеларен преглед**:

| Ред. Број | Број на градежна парцела | Намена на градежна парцела | Максимална висина до венец (м) и катност | Површ. на градежна парцела (м2) според Геод.елаборат | Површина за градење (м2) | Почетна цена по $м^2$ (денари) | Вкупна почетна цена (денари) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **ГП.1** | А1 – домување во семејни куќи | **П+1** | 486 м2 | 100 $м^2$ | 61 ,00 | 29 646,00 | |
| **2** | **ГП.2** | А1 – домување во семејни куќи | **П+1** | 486 м2 | 100 $м^2$ | 61 ,00 | 29 646,00 | |
| **3** | **ГП.3** | А1 – домување во семејни куќи | **П+1** | 486 м2 | 100 $м^2$ | 61 ,00 | 29 646,00 | |
| **4** | **ГП.4** | А1 – домување во семејни куќи | **П+1** | 544 м2 | 100 $м^2$ | 61 ,00 | 33 184,00 | |
| **5** | **ГП.5** | А1 – домување во семејни куќи | **П+1** | 544 м2 | 100 $м^2$ | 61 ,00 | 33 184,00 | |
| **33** | **ГП.33** | А1 – домување во семејни куќи | **П+1** | 532 м2 | 100 $м^2$ | 61 ,00 | 32 452,00 | |


1
2
3
4
5
2935/5
2947/6
2965
2935/2
2891


33
35
58
56
54
52
50
48
31
29

Градежни парцели во ДУП ВО С.Ораовица со намена А1 –домување во семејни куќи

**Табеларен преглед**:

| **Ред. Број** | **Број на градежна парцела** | **Намена на градежна парцела** | **Максимална висина до венец (м) и катност** | **Површ. на градежна парцела (м2) според Геод.елаборат** | **Површина за градење (м2)** | **Почетна цена по $м^2$ (денари)** | **Вкупна почетна цена (денари)** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **ГП.1** | А1 – домување во семејни куќи | **П+1** | 675 м2 | 100 $м^2$ | 61 ,00 | 41 175,00 | |
| **2** | **ГП.2** | А1 – домување во семејни куќи | **П+1** | 528 м2 | 100 $м^2$ | 61 ,00 | 41 175,00 | |
| **3** | **ГП.3** | А1 – домување во семејни куќи | **П+1** | 399 м2 | 100 $м^2$ | 61 ,00 | 24 339,00 | |


2
3
1

Градежни парцели во ДУП ВО С.Калугерица со намена А1 –домување во семејни куќи

**Табеларен преглед**:

| **Ред. Број** | **Број на градежна парцела** | **Намена на градежна парцела** | **Максимална висина до венец (м) и катност** | **Површ. на градежна парцела (м2) според Геод.елаборат** | **Површина за градење (м2)** | **Почетна цена по м²<br>(денари)** | **Вкупна почетна цена (денари)** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **ГП.1** | А1 – домување во семејни куќи | **П+1** | 884 м2 | 100 $м^2$ | 61 ,00 | 53 924,00 | |
| **2** | **ГП.2** | А1 – домување во семејни куќи | **П+1** | 858 м2 | 100 $м^2$ | 61 ,00 | 52 338,00 | |
| **3** | **ГП.3** | А1 – домување во семејни куќи | **П+1** | 825 м2 | 100 $м^2$ | 61 ,00 | 50 325,00 | |
| **4** | **ГП.4** | А1 – домување во семејни куќи | **П+1** | 800 м2 | 100 $м^2$ | 61 ,00 | 48 800,00 | |
| **5** | **ГП.5** | А1 – домување во семејни куќи | **П+1** | 800 м2 | 100 $м^2$ | 61 ,00 | 48 800,00 | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **6** | **ГП.6** | А1 – домување во семејни куќи | **П+1** | 720 м2 | 100 $м^2$ | 61 ,00 | 43 920,00 | |
| **7** | **ГП.7** | А1 – домување во семејни куќи | **П+1** | 1350 м2 | 100 $м^2$ | 61 ,00 | 82 350 ,00 | |
| **8** | **ГП.8** | А1 – домување во семејни куќи | **П+1** | 1008 м2 | 100 $м^2$ | 61 ,00 | 61 488,00 | |




7
8

АУП

| Ред. број | Број на градежна парцела, кп.бр. | Намена на градежна парцела | Максимална висина до венец (м) и катност | Површ. на градежна парцела (м2) според Геод.елаборат | Површина за градење (м2) | Почетна цена по $м^2$ (денари) | Вкупна почетна цена (денари) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ГП. 2 | Г 2 –Лесна индустрија | П+1 | 3030 $м^2$ | 1666 $м^2$ | 61,00 | 184 830,00 | |




II. Програмата влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Радовиш“.

Број 08-1827/2
Дата 18.12.2023 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на XL седница одржана на 18.12.2023 година, донесе

О Д Л У К А
за донесување на Програма за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на електронско јавно наддавање за 2024 година за подрачје на Општина Радовиш

I. Се донесува Програма за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на електронско јавно наддавање за 2024 година за подрачје на Општина Радовиш.

II. Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1827/1 Совет на општина Радовиш
Дата 18.12.2023 г. Претседател
Радовиш Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
